НИКОЛА ГРУЕВСКИ и g-р СЕМ ВАКНИН

# МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА НА КРСТОПАТ



НИКОЛА ГРУЕВСКИ и д-р СЕМ ВАКНИН

# МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА НА КРСТОПАТ

-на патот кон поздрава економија-

Главен уредник
ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ

Ликовен и графички уредник
МИХАИЛ ЃОРЃИЕВ

НИКОЛА ГРУЕВСКИ
д-р СЕМ ВАКНИН

# МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА НА КРСТОПАТ

## НА ПАТОТ КОН ПОЗДРАВА ЕКОНОМИЈА

НИП "НОВА ЛИТЕРАТУРА"
СКОПЈЕ 1998

*Книгата ја посветуваме на нашите родители*

Авторите

# МАКЕДОНСКИОТ ПРЕДИЗВИК

*Македонската економија на крстопат- на патот кон поздрава економија*
Никола Груевски и Др. Сем Вакнин

Ова е серија на дијалози објавени во 1998, во македонските весници "Македонија Денес" и "Дневник", за трговскиот дефицит, странските инвестиции, банките, пазарот на капитал, маркетингот, монетарната политика, менаџментот, образованието, правната регулатива, туѓите искуства и тн.

Сеуште, македонското економско искуство е сродно и широко распространето, така разновидно и така концентрирано - што навистина служи насекаде како распространет пример за земјите во транзиција.

Македонија доби независност во 1991. Таа мораше да се соочи со ембаргото (од кое всушност беше опседната), колапсот на банкарскиот систем, нефункционирање на пазарите на капитал, неправедната приватизација, колапс на бројни пирамидални штедилници, акутна контракција на бруто домашниот производ и индустриското производство, голема празнина во билансот на плаќање, опасно висока невработеност, внатрешно - етничките тензии, и се ова е само дел од листата.

Најболни беа човечките услови. Тоа ја трансформира Македонија во фасцинирачки студиум на експериментирање во управувањето на економскиот ум, економските принципи

и теории, понекогаш имплементирани успешно (макро економски ) - понекогаш помалку успешно ( микро економски ). Додека се експериментираше - Македонците паѓаа во сиромаштво, невработеност, растење на криминалот и јавната неморалност.
Овие серии на дијалози ( ќе продолжат во иднина ) длабоко ги истражуваат сите аспекти на македонското стопанство ( читај: сите аспекти на модерната применета економија ).

Ние настојувавме да ги паметиме луѓето не само зад цифрите, трагедиите зад бројките. Настојувавме да понудиме практични решенија кои беа успешно имплементирани насекаде во светот низ малите стопанства во сиромаштија. Ние ги употребивме нашите емоции не помалку од нашето знаење. Никаде повеќе отколку во Македонија изреката дека "Економијата е гранка на психологијата" не е повистинита. Благословена од изобилието на природните дарови, прекрасна географска локација, образована и се уште релативно ефтина работна сила, и од пристојната инфраструктура, стабилна валута, ниската инфлација и стабилни политички институции - Македонија не се издигна делумно и од психолошки причини.

*Транзицијата започнува во умот*. Таму трансформацијата треба да започне. Во тој правец секоја идна влада на Македонија треба да ги концентрира своите напори. Економските реформи ќе започнат и завршат таму. Нашата книга е поход во умовите на сите Македонци кои се загрижени за иднината на земјата. Ние ја правиме оваа скромна понуда со надеж дека ќе можеме да придонесеме за порационални и подалекусежни економски одлуки во Македонија.

*Авторите*

# ПРЕДГОВОР

Книгата "Македонската економија на крстопат - на патот кон поздрава економија" од дипл. екн. Никола Груевски и д-р Сем Вакнин е богат резервоар на констатации, идеи и сугестии за актуелните економски движења на земјите во транзиција, посебно на Република Македонија.

Во последната деценија Република Македонија зачекори во фаза на значајни промени во политичкиот и економскиот систем. Тоа е период на премини-транзиција, од еден политички тоталитарен и економски неделотворен и не ефикасен систем во потрага по нов пазарен систем врз цивилизациските вредности на отвореното плуралистичко општество.

Транзиторниот период во кој живееме е исполнет со големи предизвици во сите области, посебно во оние поврзани со општествено-економскиот систем. Непомирливоста со состојбите, што ја ограничуваат егзистенцијата и ја подигаат социјалната тензија, ја мобилизираат интелектиалната енергија на голем број истражувачи за откривање на нови алтернативни решенија и за нови видувања за нашата иднина. Општеството не се движи по едносмерни законитости. Не постои апсолутна едностраност и исклучителност. Сè има своја алтернатива, можни различити патишта за разрешување на општествените противречности. Не постојат херметички затворени, апсолутно однапред дадени системи со сила на нормативизам, кои ќе делуваат врз развојот. Сè е подложено на промени и на алтернативи.

Општествено-економските промени од 1990 година наваму, колку и да ги постоечката политичка номенклатура на власт деформира, стануваат наша реалност. Тие промени влегуваат во сите сегменти на општествената структура. Речиси во сите земји на транзиција, а посебно кај нас, повеќе или по малку се одвиваат стихијно, со слаб интензитет, со ниско ниво на организираност, со одложени временски ефекти и со појави на социјално политички отпори, блокади и грабеж. Тие појави инспирираа многу поблицисти и научни истражувачи да го посветат своето внимание кон анализа и испитување на општествено-економските состојби и откривање на нови патишта за излез од тешките кризни услови.

Авторите Груевски и Вакнин влегле со сета своја интелектуална енергија и знаење во откривањето на анатомијата на овие појави, укажале на причините за нивното појавување и врз богатото светско искуство соопштуваат корисни идеи и сугестии. Тие го концентрираат вниманието во најсуптилните економски домени, какви што се: движењето на меѓународниот капитал, посебно директните инвестиции, нивните мотиви и критериуми на алокација, системи на управување и контрола, афинитетноста и ризичноста на Република Македонија во однос на странските инвестиции и недоизградените системски мерки во доменот на фискалната политика, концесиите, правна сигурност и сл.; Второ, политиката, моделите и реализацијата на приватизацијата во земјите на транзиција со посебен осврт на состојбите во Р. Македонија; Трето, изградување на нов финансиски систем и финансиски институции: формирање на берзански и осигурителни институции, пазар на капитал и останати хартии од вредност, создавање на услови за привлекување на странски банки и отворање на нивни филијали, обучување на финансиски

експерти и сл.; Четврто, приспособување на стопанството за извоз и контрола на увозните компоненти, осврт врз состојбите на трговскиот и платен дефицит и сл.

Авторите се послужиле со еден мошне интересен пристап, користен за првпат во нашата стручна публицистика. Имено тие ги соопштуваат своите истражувања во форма на дијалог со извонредна критичка научна провокација, заинтригирајќи го на тој начин интересот на читателот со ревност да ја следи нивната критичка мисла. Своите истражувања ги поткрепуваат со богата домашна и странска аналитичка документација што му дава на трудот сериозност во пристапот, анализата и оценката на истражуваните појави и феномени.

Со објавување на овој труд се збогатува нашата стручна публицистика со изобилство на нови идеи и сугестии во изградувањето на новиот економски систем кај нас. Очекуваме нивниот напор да продолжи и понатаму заокружувајќи ги нивните истражувања во останатите домени. Ова од причина што авторите кои се школувале во познати западни научни центри, извонредно ја познаваат современата економска мисла и пракса.

*Академик Никола Кљусев*

# ПРЕДГОВОР

"Македонската економија на крстопат - на патот кон поздрава економија" е дело на двајца добри познавачи на проблемите на македонската макро и микро економија, но истовремено и на модерните светски економски трендови: Д-р Сем Вакнин и Никола Груевски. Иако "дијалогот" во светот е често пати експлоатиран начин на изразување и авторство во Македонија првпат се јавува како форма на создавање на едно сериозно, креативно и квалитетно дело од областа на економијата.

Создадено од два подолги дијалози од два различни теми, тоа не претставува анализа на само два економски проблеми на Македонија: тоа помалку или повеќе ги опфаќа сите болни точки на македонската економија, не пропуштајќи притоа да понуди решенија за нивно надминување, често добро проверени и применети во повеќе земји во светот и со оригинална примена на локалната специфичност.

Дијалозите се направени во момент кога македонската економија навистина се наоѓа на крстопат, на пат кон заздравување или кон целосна економска маргинализација, како песимистичка алтернатива на крајниот исход. Пропуштајќи го првиот бран на странски комерцијални инвестиции во Централна и Источна Европа, Македонија се најде на дното на листата на атрактивни држави за странските инвеститори, Патем, објективните и субјективните фактори не овозможија процес на преструктуирање на стопанството кон извозно, што резултираше со силен пад на производството и извозот, губење на пазарите, највисока стапка на невработеност во Европа, пад

на животниот стандард на населението, задолжувања, нестабилен банкарски систем, правна несигурност и ред други општествени и економски проблеми. "Тркалото не треба да се измислува", - подвлекува во еден дел Д-р Вакнин, препорачувајќи истовремено успешни модели на реанимација на македонското стопанство. Може да се каже дека Груевски и Вакнин на моменти се остри критичари, но исто така и сериозни и темелни, поткрепувајќи го речиси секој свој предлог за промени со факти од повеќе видови. Тоа е формулата со која еден стручен дијалог не добива политичка конотација.

Дијалогот е мошне отворен и искрен, без предрасуди и "без пардон" кога треба да се детерминираат основните причинители на кризата во Македонија. "Транзицијата започнува во умот" е насловот кој би бил исто толку соодветен на оваа книга како и овој што го одбраа авторите. Се чини дека Вакнин и Груевски смело отвораат и дискутираат многу "табу" прашања за досегашните чекори во водењето на македонската економија, на моменти осврнувајќи се на микро ниво (менаџментот на претпријатијата, стандардите за организација и квалитет, маркетингот, инвестициите во компаниите и сл.), а често и анализирајќи ги макро економските варијанти (монетарната политика, преструктуирање на стопанството, банкарството, даночниот систем, правно законодавниот систем, пазарите на капитал и сл.).

Дијалозите откриваат интересна комбинацијата на теоријата и праксата. Тие се погледи на еден странски економски експерт, со богато минато и искуство зад себе, кој претстојувал доволно време во Македонија за да навлезе во сржта на проблемите и на еден домашен помлад постдипломец по економија, банкар и брокер, кој периодот поминат во странство максимално го искористил за

компаративни осознавања и нови можности, нудејќи при тоа, како класични, така и оригинални решенија за излез од сегашната состојба во која се наоѓа Македонија.

Дијалозите се добра комбинација на искуство и теорија. Тука наоѓаме домашни оригинални проблеми и решенија како и странски искуства, грешки, пропусти и теории. Во овој дијалог сретнав конкретни решенија за начинот како да се привлечат странските инвестиции во Македонија, добро анализирани и добро презентирани. Трговскиот дефицит, кој се чини е од малигнен карактер и можеби најдлабоката и најболна рана на македонската екомонија е креативно обработен и понудени се многу оригинални решенија за лечење со можни конкретни чекори по досега добро проверени економски рецепти.

Се на се, книгата создадена од двата дијалози на Вакнин и на Груевски е одлична анализа на македонската економија, проблемите на македонските компании, духот на транзицијата и реалната далечина на Македонија од развиените земји. Делото изобилува со мноштво статистички, компаративни и филозофски анализи и ќе биде актуелно подолг период. Импресионирам сум од идеите и од разликите во размислувањата кои провејуваат низ дијалозите. Груевски и Вакнин, иако многу често се со слични или со исти погледи, постојано се надополнуваат, но никогаш не одбегнуваат критика еден на друг кога чувствуваат потреба за тоа. Се борат за одбрана на своите ставови и нудат исклучително прифатливи и реални макро и микро економски решенија, исто така суптилни конкретни мерки.

Убеден сум дека оваа книга ќе биде читана, анализирана и дискутирана како што беа објавените продолженија во дневните весници "Дневник" и "Македонија денес". Практичните економски решенија можат да

бидат многукратно корисни.. Како долгогодишен менаџер на успешна македонска производна компанија, топло им ја препорачувам оваа книга на читателите кои сакаат да го збогатат квантумот на економски практични и теоретски знаења, низ призмата на искуствата на Груевски и Вакнин.

*Светозар Јаневски*

# ВОВЕД
## од R. MANSFIELD LEEACH

### Источна Европа - новата економска подземна војна

Цела Европа повторно е во војна, како и да е, ова е нов феномен, нешто смело и амбициозно. Економска војна. Борбените линии се потцртани и наградите за економска победа се големи. Што навистина се случи за да дојде до ова? Да се вратиме на Руската Револуција за да целосно разбереме каде сме денес со економијата во двете Европи - централна и источна.

### Причини

За време на годините пред Револуцијата, повеќето држави и републики во цела Европа беа или монархии или диктатури. Благородниците или роjалистите живееа во вообразен свет, презаситени, грижејќи се малку за своето локалното население кое во повеќето случаеви живееше во страв, гола егзистенција и во некои случаеви, сите заедно гладуваа. Менталитетот на кметот создаваше многу дисциплинирани и казнувани, ефтини работници кои ќе работат на земјата и индустриите во сопственост на благородниците. Можностите на робовите да ја предизвикаат власта беа никакви и во повеќе случаеви казниви со смрт. Казната за секој селанец кој се обидуваше да се

ослободи од јаремот на ропството беше сурова. Благородниците и роjалистите во овие држави неможеа да разберат дека мачната самотија не е правична како замена за слободата. Како Европа влезе во 20 век, така настанаа видни промени. Можноста на младите технократи, студенти и академци да патуваат им дозволи да се изложат на други култури, обичаи и економски филозофии.

Зборот брзо се ширел, како во Русија така и во другите држави на источна Европа, дека ропството треба да престане. Првата Светска Војна беше вистински катализатор што создаде големи промени низ цела Европа. Русија која со крајни сили управуваше во својата голема територија, слабото политичко водство и неспособниот крал не беше во можност да се судри со тешката војна. Руската војска беше комплетно необучена, невооружана и водена од неспособни офицери и генерали. Катастрофата на Руските фронтови дозволи пораст на болшевиците. Со падот на Руската Монархија започнаа економските и политичките катастрофи со кои ќе се соочи источна Европа за повеќе од седумдесет години. Втората Светска Војна дозволи создавање на монструозен Советски режим. Западот и сојузниците беа заморени од војната и не сакаа повеќе да ги жртвуваат животите на останатите војници и милионите долари за да се сопре големата Советска сила од абсорбирање и припојување на повеќето од источна Европа под доктрината на комунизмот. Советите управуваа со страв и оружје, и не дозволуваа никаков поттик на Трговската Унија или индустријата. Филозофијата на комунизмот беше дека државата поседува се и населението требало да биде издржувано од државата. Оваа филозофија дозволи дисциплина во контролата и се освен депресивно разидување. За среќа, како времето напредуваше и студената војна помеѓу САД и Советскиот Сојуз се стабилизираше,

вистинското значење на капитализмот дојде на површина. Советската економија започнаа да опаѓа под големиот притисок на издржување на масовниот одбранбен буџет и големата армија. Советскиот Сојуз не беше долго во можност да произведува доволно профит за да конкурира на успехот на капитализмот. Советскиот економски систем беше застарен и доведе до банкротирањето на Советската Сателитска Нација. Американската влада на претседателот Роналд Реган зазеде смели чекори во конкуренција со Советскиот Сојуз и создаде огромни фондови на капитал кои би се потрошиле со една цел: банкротирање на Советскиот Сојуз. Оваа цел беше оправдана и капитализмот го победи комунизмот без употреба на ниеден куршум. Распаѓањето на Советскиот Сојуз беше брзо, како и да е, се дозволи создавање на републики со многу стари комунисти кои се уште се на власт. Чудото на капитализмот и слободниот пазар полека се појави.

## Проблемот

Што се случи во последните седум години не е необично и дефинитивно е предвидливо. Не беше возможно за источна Европа која беше управувана под филозофијата на комунизмот, веднаш да успее во економијата на капиталистичкиот пазар. Русија под голем притисок од запад, дозволи поделба и отцепување на многу републики. Русија не беше во можност да држи така голема територија од две причини, политички притисок и комбинација на разновидни култури и религии. Набрзо источна Европа доби многу нови републики и влади без инфраструктура и вештина за нивно управување. Западот и други индустријализирани нации очекуваа премногу, пребрзо од новите влади. За жал, всушност навистина ништо не се промени.

Можеби нови знамиња, избори и слобода на патување. Како и да е, процесот беше болен и сиромашниот не доби ништо. Трговската Унија направи концесии. Што беше вистинскиот проблем? Искрено, новата власт беше и се уште е опседната со филозофијата на стариот комунизам. Тие одобруваа едноставни позајмици под приватизација на пријатели и стари познаници кои беа неспособни и не знаеа ништо за менаџментот или сметководството и банкарското работење. Економските катастрофи од приватизацијата ќе ги прогонуваат овие влади за многу години. Многу од овие влади под притисок на Светската Банка и Западните кредитори од неодамна научија дека нивните стари начини не можат и нема да бидат толерирани.

Новите влади на источна Европа набрзо и предано започнаа да се ослободуваат од големите непродуктивни индустриски фабрики и преминаа брзо кон приватизација. За жал, Советите изградија индустриски гиганти за вработување на огромна маса на луѓе, сепак овие огромни комплекси не произведуваа профит. Ниедна од овие индустриски фабрики не беа изградени со намера да произведуваат профит како што бара капитализмот. Уште поважно , тие се сега ноќни мори за околината. Овие влади дозволија фабриките да бидат купени од пријатели и стари познаници со едноставни позајмици од банките кои фактички се во сопственост на владата. Доколку ова звучи смешно, тоа само докажува колку добро системот работи со неспособни, корумпирани политичари. Источно Европските влади беа бедни во даночното собирање и управување на корумпираната влада. Без правилна процедура на даночното собирање многу од овие нови влади нема да бидат во можност да обезбедат социјални институции на населението или да имаат доволно приходи во буџетот. Промени во даночното собирање е приоритетно.

За жал, прекумерно високите даночни стапки од над 40 % потикнаа ограничени волунтаристички даночни плаќања. Владите на источна Европа створија големи долговни обврски во форма на обврзници со цел да се покријат кратките неефикасни приходи од даночното собирање. Вакви големи долгови создадоа сурово барање не само да се зголемат даноците, но исто така да се намалат социјалните услуги. Светската Банка побарува да овие влади ги ограничат лошите позајмици, да ги редуцираат нивните буџети и да ги затворат непрофитабилните индустриски гиганти во сопственост на државата. Без овие помошни мерки ( средства ), навистина е возможен финансиски колапс. Пазарите на акции во САД и централна Европа, настојуваа во минатото да работат со овие влади, но без успех. За жал, без вистински капитал, новите индустрии или компании неможат да растат или започнат бизнис.

**Решението**

Источна Европа ги контролира огромните извори на природните ресурси како што се дрва, минерали, руда, челик, метали и хемикалии. Овие богати производи треба да се употребат за да ги привлечат големите инвеститори, меѓутоа талентот во овие влади толку недостасува што тие се неспособни да ги структуираат инвестиционите програми за да го привлечат капиталот. Чудо во компаниите и комерцијата се случува без некаква помош од овие влади. Младите компании кои не се во можност да позајмуваат од локалните банки или владини агенции, создаваат одлични контакти со САД и централна Европа. Овие компании успеваат да најдат нов капитал и кредитори за компјутери, електроника, текстил, хемикалии, медицински или

светлосни производи. Наспроти недостатокот на важна помош од владите, новоформираните компании успеваат во заеднички вложувањи ( јоинт вентурес ) , извози, и лиценцно производство. Се случува чудо. Огромните фондови на капитал создадени од пазар на акции на САД се единствени. Ниедна друга нација не овозможува формирање на такви фондови на акции еднакви на чудото на Волстрит. Подигањето акциите е енергетска сила што ги раздвижува и создава нови деловни компании. Ниедна држава или бизнис не може да егзистира неограничено со создавање на долгови, и да очекува дека приходот ќе биде доволен да се врати долгот. Источна Европа и поединечните берзи на хартија од вредност во земјите настојуваа да ја копираат структурата на Wall Street, но без успех. Причините се очигледни, вклучувајќи го издавањето на слаби пазарни акции, корупција и неможноста на издадените акции , да се зголемат во вредноста. Земајќи во предвид дека повеќето држави на источна Европа поседуваат огромни природни ресурси, "нови пазари на акции" можат да просперираат. Владите може да издадат идно производствени обврзници поткрепени со природните ресурси, како што се сировата нафта, дрвјата, минералите, металите и др. производи. Каматите на обврзниците можат да бидат постепени и одложени. Носителите на обврзници може да учествуваат во идниот профит на производство или продажба на финализирани претходно природни ресурси. Овие обврзници се всушност сертификатите за акции, иако тие може да бидат обврска на издавачите - општини, министерства, провинции или влади. Акциите може да создадат огромен фонд на капитал употребен да обезбеди ниско - каматни позајмици потребни на младите компании во овие држави. Тоа исто така е возможно за поедини компании, да создадат (unrated Equity Share Debenture) обврзница со камата

постепена или одложена. Носителите на дибенцери би го делеле приоритетниот компаниски профит слично со акционерите, сепак без фактичка сопственост на компанијата. Постојат разновидни структури на акции, кои може да создадат нов капитал и доведат до пораст на претпријемаштвото. Промените во источна Европа се случуваат онака како што таа се ослободува од неспособното владеење на старите комунисти. Источна Европа може да достигне истакнати економски резултати кои можат да ја замрачат дури западна Европа. Решенијата за економски успех се реалност, но сепак без помош на искусни советници на пазарите на капитал од запад, успехот може да биде запрен.

За воведничарот:

R. Mansfield Leach, е меѓународен банкар кој поминал над 35 години како инвеститор / банкар и советник во бројни владини и централни банки. Г-дин Лич е претседател на First Fidelity Merchant Trust, приватна банка (Merchant Investment Banking Firm) основана пред четириесет години.

The Fidelity Global Group Ltd. и нивните диверзифицирани делови обезбедуваат различни кредитни средства во индустриите на глобална основа. Овие индустрии вклучуваат телекомуникации, електро централи, здравство, недвижен имот и хотели, приватизација и реструктуирање на неизвршни долгови, како во приватниот така и во државниот сектор. Доверливоста создаде неколку егзотични фондовски структури за повеќе индустрии низ централна и источна Европа, за клиенти чии кредити не можат да се квалификуваат за конвенционално банкарско позајмување.

# СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ И МАКЕДОНИЈА - НАУКА ИЛИ ФИКЦИЈА

*Груевски:* Република Македонија е на дното на листата на земјите во транзиција кога станува збор за странските инвестиции. Тоа не е случајно. Генерална оценка на сите релевантни економски институции и експерти од Македонија и од странство е дека постои потреба за странски комерцијални инвестиции во овој период. Овој разговор е почеток на обидот да се анализираат причините за отсуството на странските инвестиции и да се дејствува за промена на сегашната ситуација.

Сметам дека, пред сè, треба да се концентрираме на странскиот капитал во форма на индиректни и директни инвестиции од комерцијалните институции од светот. Тоа е приоритет кога станува збор за потребите на Македонија. Ваучерите за кредити (како странски капитал од Европската банка за обнова и развој, Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд и другите слични институции) нема да бидат предмет на овие разговори.

Целта на нашите дискусии, исто така, е информирање за ситуацијата и развојот на Источна и на Централна Европа, која ја прескокна Македонија.

*Вакнин:* Сметам дека и двете разлики што ги правите се мошне важни. Македонија се претвори во зависник од

мултилатерална финансиска помош во вид на заеми и кредити. Парите се употребуваат за финансирање непродуктивна потрошувачка или се инвестираат во екстравагантни инфраструктурни проекти. Македонија тера смртоносна трговија и дефицити во платниот биланс, кои ги покрива со донации и други форми на "непродуктивен" капитал. Воопшто не е чудно тоа што комерцијалните инвестиции ја избегнуваат Македонија. Јавноста, исто така, не е информирана. Фактите се достапни, меѓутоа јавноста не е образована за да ги разбере. Ви благодарам што ме избравте како партнер за овој возбудлив дијалог.

*Груевски:* За почеток би ја спомнал глобализацијата како светски процес и димензиите на овој процес од македонска гледна точка.

Минатата година, бевме сведоци на спојувањето на Union Banque Suisse (UBS) i Swiss Bank Co (SBC). Новата банка сега е втора по големина во светот и има вкупен капитал од 687 милијарди долари. Минатата година, најголемите производители на авиони во светот, Boing i DC, станаа една компанија. Тоа веројатно беше најголемо спојување во 1997 година. Британските осигурителни компании Commercial Union i General Accident споија капитал од 15 милијарди фунти. Тие ќе формираат една од најголемите осигурителни компании во Европа. Секој месец носи нови спојувања и аквизиции меѓу помалите и поголемите компании од целиот свет. Тоа е тренд. Глобализацијата е светски тренд.

*Вакнин:* Таа отсекогаш беше светски тренд. Истражувањата покажуваат дека светот бил поглобализиран од денес сè до почетокот на Големата депресија во 30-тите години. Ние сега само го продолжуваме стариот тренд што беше прекинат...

*Груевски:* General Motors остварува 145 пати, а Nippon Telegraph & Telephone (NTT) 62 пати поголема продажба од

целокупниот годишен извоз цела Македонија. Одлуките се донесуваат во рамките на мултинационалните компании, а не од страна на министрите. Секој што ќе им се најде на патот ќе биде уништен. Ова е дел од тој голем тренд наречен глобализација, процес што во огромна мера помогна во развојот на транспортот, телекомуникациите и другите сегменти во технологијата, но воедно ја продлабочи поларизацијата на земјите како никогаш пред тоа. По 10 години телефоните може да изгледаат како рачни часовници, мало копче или брош. Според Лондонски "The Times" од 17 ноември 1997 година, технологиите толку многу конвенгираат така што повеќе нема да има разлика меѓу телефоните и компјутерите, ТВ-апаратите, калкулаторите и другите елетронски средства за домашна забава. Развиената технологија ќе биде мошне евтина и неверојатно лесна за користење. Развојот на телекомуникациите овозможува во светот да има 13 милијарди микро-процесори на "само" 5,7 милијарди луѓе. Сега во секој работен ден се одвива поголема компјутерска размена на информации отколку сета вербална комуникација од времето на Адам и Ева до денес.

Мојата загриженост е во следното: Како е можно една македонска компанија да им биде конкурентна на други компании, кои имаат по 300.000 работници, најсовремена технологија, најефикасна структура на трошоци и најспособен и најдобро обучен персонал и менаџери? Ми се чини дека постои само една шанса. Мостовите помеѓу македонските фирми и најголемите светски компании можат да бидат изградени само ако странците дојдат во Македонија, односно само ако тие инјектираат капитал, нова технологија и нови пазари во македонските компании. Тоа е единствен начин Македонија да фати приклучок со современиот свет. Тој процес, секако, има своја "цена", меѓутоа долгорочно

гледано, Македонија ќе добие многу повеќе. Македонија мора да подготви СТРАТЕГИЈА како да му се приклучи на модерниот свет.

*Вакнин:* Го делам Вашиот став за пречистувањето и засилувањето на моќта на странските инвеститори, особено ако говориме за добро опремени, добро управувани и добростоечки мултинационални компании. Сепак, би сакал да ги ставам нештата во перспектива. Акумулираното искуство од светот покажува дека странските инвестиции ги подобруваат професионалните, технолошките и маркетиншките способности на компаниите во кои тие се вложени. Освен тоа, компаниите во странска сопственост се одговорни за поголем дел од извозот во нивните "усвоени" земји. Еднакво важно е да се изврши пазарен притисок врз домашните фирми преку отворање за конкуренција. Локалните компании, кои се сопственост на локалните луѓе, мора да се адаптираат или да умрат, и колку побрзо се случи тоа, толку подобро, а болката ќе биде помала. Странските инвеститори сакаат да формираат сопствен сектор и да се изолираат од локалната економија. Дури и нивниот придонес за вработувањето (особено на високо образованите луѓе) и за локалната економија преку зделките е минимален. Друг ризик е тоа што мултинационалните компании ќе гледаат во Македонија извор на евтина работна сила и суровини, колонија со маска на суверенитет. Некои од нив дури ќе се обидат да ѝ диктираат на домицилната влада мерки спротивни на пазарната економија. Ауди се обиде да го стори тоа во Македонија, а сега корејските производители на автомобили се обидуваат да го сторат тоа во Украина. Владата треба да го искористи влегувањето на странските инвеститори - со нивно активно учество - да им се додвори, закани, принуди и да притисне локалните индустрии да станат пофункционални. На крајот на краиштата, тоа е и

главниот придонес на странските инвестиции: трансформацијата на домашните сектори.

*Груевски:* "Business Central Europe", водечкиот регионален бизнис-магазин, во Годишникот за 1997/98 објави информации за странските инвестиции во 27 земји во транзиција од Централна и од Источна Европа. Македонија е на последното место со 30 милиони долари (тука не е вклучено преземањето на Макстил во декември минатата година). Податоците за другите земји се следните: Албанија-298 милиони долари (податоци за 1996 година), Ерменија-44 милиони долари ('96), Азербејџан - 987 милиони долари, Белорусија - 110 милиони долари, Бугарија - 1,2 милијарди долари (6/97), Хрватска - 827 милиони долари (6/97), Чешка - 7,3 милијарди долари (6/97), Естонија - 800 милиона долари (6/97), Унгарија - 16,2 милијарди долари (6/97), Казахстан - 6,3 милијарди долари (96), Киргиската република - 276 милиони долари (96), Летонија - 860 милиони долари (6/97), Литванија - 762 милиони долари (6/97), Молдавија - 167 милиони долари (96), Полска - 16,3 милијарди долари (6/97), Романија - 2,4 милијарди долари (6/97), Русија - 7,3 милијарди долари (6/97), Словачка - 1 милијарда долари (6/97), Словенија - 1,7 милијарди долари (5/97), Таџикистан - 47 милиони долари (96), Туркменистан - 544 милиони долари (96), Украина - 1,6 милијарди долари (9/97), Узбекистан - 320 милиони долари ('96) и Југославија - 1 милијарда долари ('97).

Списанието ги наведува Европската банка за обнова и развој (EBRD), Истражувачката единица на списанието Економист (EIU), Меѓународниот монетарен фонд (IMF), Организацијата за економска соработка и развој (OECD) и Виенскиот институт за компаративна економија (WIIW) како извори за податоците.

Во изминатите 5-6 години најпознатите светски банки отворија свои филијали во речиси секоја земја во Централна и во Источна Европа. Со исклучок на Македонија.

Citibank, Creditanstalt, ING-Barings, Deutschebank, Bank Austria, Bayeriche Vereinesbank и неколку други отворија филијали во Чешка. Citibank, ABN Amro, Unicbank и други во Унгарија. Citibank и ABN Amro во Романија. Volks Banken Creditanstalt, CSOB и други во Словачка. Во Словенија работат Bank Austria, Societe Generale, Volks Banken и други банки. Chase Manhattan во Узбекистан, а ING Bank, Raifeisen Bank, Dresdner Bank, Societe Generale, Xios Bank, National Bank of Greece i Ionian Bank во Бугарија итн. Во Бугарија, на пример, постојат голем број мешовити претпријатија со странски банки, како: Post Bank (капитал од Бугарија и од јапонската банка - Nomura), Bulgarian-American Credit Bank, First Investment Bank (капитал од Бугарија и од EBRD), OBB (капитал од Бугарија, САД и од EBRD), Bayerische Bulgarische Handels - Bank (бугарски и германки капитал), Eurobank (бугарски и чешки капитал) и така натаму. Дури и во Албанија беа отворени филијали на неколку странски (западни банки). The bank of Albania (италијанско-албанска банка), која беше отворена во 1992 година, е прва банка со мешовит капитал во Албанија. Таму има и по една мешовита банка со капитал на албанската држава, со странско приватно учество (The Albanian Islamic Bank), единствената целосно приватна банка (Dardania Bank) и National Bank of Greece.

Покрај отворањето филијали, банките инвестираа во и откупија голем број локални банки во поголем дел од земјите во транзиција. Гореспоменатото списание коментира: "Тоа беше невообичаена година за сиромашните банки во регионот". По осум години транзиција, прашање е дали централноевропските влади ќе се откажат од

контролата врз секторот што го сметаат за централна економска моќ. Во 1997 година се случи голема промена. Тие сфатија дека немаат друг избор и дека ако не ги продадат, банките ќе пропаднат. Меѓутоа, отворено прашање е дали станува збор за генерално препознавање на оваа опасност. Резултатите на анкетата што беше спроведена меѓу читателите на Годишникот покажуваат дека луѓето и понатаму сметаат дека "големото е најдобро", без оглед на основната здравствена состојба на банката.

*Вакнин:* Во Македонија постојат 23 универзални (сенаменски) банки. Тоа не е здрава ситуација. Неликвидната, слаба и изолирана економија на Македонија не може да поддржува толку голем број финансиски посредници. Резултатите се сиромашни враќања на главницата, низок квалитет на заемот за портфолија (актива на банката), монструозно изоставени стапки, и како резултат на тоа, атмосферски реални каматни стапки и одолжување на банките во извршувањето на нивната основна функција: да финансираат економски дејности. Не се развиени доверлив кредитен рејтинг, средства за оценување на ризикот и доверлив и компјутеризиран централен регистар на налозите. Имотните права не се заштитени од неефикасните и бавни судови и од законодавците, кои немаат никакви економски знаења и искуство. Покрај тоа, Централната банка, исплашена од духовите на хиперинфлацијата, применува прекумерно рестриктивна монетарна политика. Снабдувањето пари, забрзувањето на кредитите и секундарното формирање пари се на мошне лошо ниво. На врв на сето тоа, самите банки не се модернизирани, недоволно компјутеризирани, им недостигаат професионална експертиза и менаџери, не нудат иновативни финасиски производи и услуги, не се ориентирани кон купувачите и се претерано бавни и неефикасни. Зошто странските банки би влегле во

таков судир? На Erste Bank ѝ беа потреби речиси две години за да склучи договор за купување малцински дел од најголемата македонска банка, Стопанска банка, која контролира речиси 50 отсто од банкарскиот систем на земјата. Тоа беше големо гласање недоверба, на кое му претходеа неповолните извештаи на Централната банка и на Светската банка.

*Груевски:* Унгарија беше прва земја во регионот што ја препозна опасноста од кревкиот банкарски систем. Таа се соочи со низа банкарски колапси, но потоа Унгарците ја научија лекцијата на фијаското и ги ставија другите државни банки на ригорозна диета за да ги направат погодни за продажба. Чешка и Словачка подолго се противеа на продажбата на нивните најголеми банки. Големите проблеми со долговите сепак минатата година ја принудија Чешка да се премисли и да ја продаде ИПБ, една од четирите најголеми банки, на Јапонците (Номура). Другите три банки до крајот на 1998 година најверојатно ќе им бидат продадени на стратегиски инвеститори. Еден американски финансиер кажа нешто за Чешките банки што треба да се запомни: Вашите банки личат на грди невести. Треба да бидете среќни ако им најдете сопруг што има само сифилис". Слични маки имаше и Словачка.

Покрај банките, и големите производни корпорации од светски размери се присутни во сите други источно и централноевропски земји. Ќе спомнам само неколку од нив: во Чешка Tesco од Велика Британија, VW (Шкода) од Германија, Unilever од Британија и Данска; во Полска ABB Fiat и Procter&Gamble; во Унгарија IBM, General Motors, Unilever i Suzuki; во Словачка VW, Whirlpool i Heineken...

Има многу компании од тој тип во Романија, Русија, Бугарија, Хрватска и во други земји. Освен во Македонија. На листата на Deloitte&Touche на најголемите компании од

Централна Европа се две компании од СР Југославија, четири од Словенија, а ниту една од Македонија.

*Вакнин:* Постоеше голема шанса за влегување на индустриските мултинационални компании во Македонија за време на процесот на приватизација. Македонија имаше - и сè уште има - неколку релативно големи компании што можеа да предизвикаат голем интерес кај странските инвеститори. Пиварницата, Макпетрол, ОХИС, Алкалоид, а да не ги спомнуваме инфраструктурните фирми (како ПТТ и Електростопанство на Македонија). Откако странските инвеститори беа сведоци на трансферот на средства на тие компании (најчесто) на нивните менаџери, тие заклучија дека ако не е можно да се победи системот, најдобро е да му се придружиш. Затоа тие формираа мешовити претпријатија со локалните фирми. Пиварницата, на пример, остварува таква соработка со McDonald's и со еден германски производител на пиво, а ОХИС има голем број индустриски сојузи. Странците почнаа да ги купуваат банкротираните македонски фирми. Процесот на приватизација префрли околу 1.200 компании во неспособни и со капитал недоволно потковани раце. Новите сопственици не знаат како да водат производна фирма на глобалниот пазар. Тие сега се принудени да бараат странски инвеститори, но, за жал, по полоши цени од тие што можеа да ги добијат пред нивното лошо управување. Јас сум поголем оптимист од вас во тој поглед. Сметам дека ќе видиме бран странски преземања и формирање мешовити претпријатија почнувајќи од годинава.

*Груевски:* Минатата година во Источна Европа се случија и други нешта и во бизнисот и во финасиите, но не и во Македонија.

-Во февруари 1997г. Исузу од Јапонија потврди дека решил да гради фабрика за машини вредна 250 милиони долари во Тучи во јужна Полска.

-Во април општината Москва ја презеде контролата врз АЗЛК, производител на автомобилите Москвич и еден од најголемите даночни обврзници во Русија.

-Во мај унгарскиот загубар ОЗД (железарница) и беше продаден на германската компанија Aicher.

-Во јуни Србија продаде 49 отсто од државниот телеком на италијанската компанија Stet и на грчката фирма ОТЕ за 900 милиони долари. Шведската групација за шумарство AssiDoman ја презеде контролата врз Чешката компанија за производство на хартија Sepop.

-Во јули Полска издаде 72 милиона акции во производителот на бакар KGHM, со проценета вредност на повеќе од 1 милијарда долари. Педесет и еден отсто од нив беа одвоени за продажба на финансиски инвеститори и на работниците. Американскиот производител на автомобили Форд инвестираше 9,5 милиони долари за 51 отсто од една државна фабрика за автомобили во Белорусија. Конзорциум на чело со Russia Unexim bank купи 25 отсто од државната телеком компанија Svazinvest. Тендерот беше јасно оценет како фер, но оспорен од другите руски банкари. Unexim исто така го "закачи" Norilsk Nickel, најголемиот производител на никел во светот, од кој компанијата и претходно поседуваше дел.

-Во септември полската текстилна компанија Prochnik купи 60 отсто од акциите на 6 конкуренти, кои тогаш беа разделени помеѓу неколку национални инвестициски фондови. Тоа беше прва консолидација во програмата за

масовна приватизација. Полска се согласи да го продаде својот телекомуникациски монопол ТПСА. Во текот на годинава, 20 отсто од неговите акции ќе бидат продадени на домашните и на странските берзи, а во 2003 година ќе биде вклучен стратегиски инвеститор. Полски конзорциум, на чело со Elektrim, го доби правото да го гради и да го управува автопатот од Лоѓ до германската граница. Јужнокорејската фирма Daewoo склучи договор за заедничко инвестирање со украинскиот производител на автомобили Avtorar. Тие веднаш ќе инвестираат 300 милиони долари плус 1,3 милијарди долари по 6 години.

-Во октомври италијанскиот Fiat се врати во Русија по 30 години, поврзувајќи се со GAZ (производител на автомобили) со зделка од 850 милиони долари за изградба на фабрика на Fiat.

-Во ноември шведскиот Volvo на тендер го купи унгарскиот производител на автобуси Ikarus. Англиско-холандскиот Shell се здружи со руските компании Гаспром и Лукоил за да ја купи државната нафтена компанија Rosneft. British Petroleum плати 572 милиони долари за да купи 10 отсто од рускиот нафтен гигант Sidanco, од акционерот Unexim. Францускиот Renault најави заедничка инвестиција од 350 милиони долари со проблематичниот производител на автомобили Moskvich (поранешен AZLK). Романскиот производител на автомобили Дачиа склучи договор со јужнокорејскиот Hyundai за производство на моделот на Accent за 1999 година.

Тој тренд продолжи и во 1998 година.

Само во јануари, Pepsi Co. го комплетираше купувањето на преостанатите акции во полскиот производител на слатки и сендвичи Wedel. Pepsi Co. веќе управува 83,3 отсто од компанијата. Полска реши да го зголеми законскиот лимит за странска сопственост на локалните

радио-мрежи од 31 отсто на 49 отсто. Промените се случија откако Полска, во рамките на преговорите за пристапување кон Европската Унија, се обврза на либерализација на лимитот на странска сопственост во согласност со стандардите во ЕУ.

Холандскиот производител на пиво Heineken лансираше тендер за да го зголеми својот дел во полската пиварница Zywiec на 75 отсто по цена 125 милиони долари. Холандскиот гигант веќе инвестираше 50 милиони долари во фабриката ја зголеми својата сопственост од 25 отсто на 32 отсто. Heineken најави дека сака да ја одржи полската фирма на котација на берзата и оти нема намера дополнително да го зголемува својот капитал во неа.

Словачкиот производител на челик VSZ конечно успеа да ја преземе проблематичната унгарска челичарница DAM откако унгарската Влада се согласи со номиналната цена на челичарницата од 1 (еден) долар ако Словаците го преземат долгот на ДАМ од 13 милиони долари. VSZ, исто така му продаде свои 20 отсто на еден чешки производител на челик.

Американскиот Ford Motor Group најави заедничка инвестиција со Russky Dizel, инженерска група со седиште во близината на Санкт Петерсбург за производство вредно 150 милиони долари, а предвидено е годишно производство на 25.000 автомобили.

Во финасискиот свет на Источна и на Централна Европа, меѓу другото, се случија следните настани:

-Во јануари холандската банка ABN Amro купи 80 отсто од унгарската Magyar Bank за 89 милиони долари, плус 137 милиони долари во нов капитал.

-Во февруари руската енергетска компанија Газпром го принуди хонгконшкиот Regent Pacific да ликвидира фонд од 200 милиони долари. Целта беше искористување на

разликите меѓу ниската домашна и високата странска вредност на акциите на Газпром.

-Во март полската банка БИГ и плати на државата 84 милиони долари за специјалната сопственост на 32 отсто од Gdanski bank, во која БИГ веќе имаше 31 отсто. Една ирска компанија ја зголеми својата сопственост во полската банка Wiekopolski Bank Kreditows на 60,2 отсто. Австриската Futures & Options берза почна да им нуди деривати на инвеститорите во Унгарија. Добро поврзаната полска Kredit Bank ги купи акциите на Централната банка во полската Инвестициска банка и во Prosper Bank.

-Во јуни Владата на Полска ја продаде Bank Handlows (поранешната банка за надворешна трговија) на мешовити стратегиски и финансиски инвеститори за 1 милијарда долари. Словенија ги стави Нова љубљанска банка и Нова кредитна банка Марибор надвор од санација, со што почнаа подготовките за нивната приватизација во текот на годинава.

-Во Јули Nomura од Јапонија се согласи да купи 50 отсто од Investicni a Postovni Bank од Чешка. Една ирска осигурителна компанија и Kredietbank од Белгија платија 90 милиони долари за 48 отсто од K&H, четвртата по големина банка во Унгарија.

-Во септември, германската Commerzbank го зголеми својот дел во полската BRE Bank од 28 отсто на 48,8 отсто со купување нови акции. Австриската банка Gyro Credit купи 88,7 отсто од Merobank (унгарска банка во сопственост на државата) за 24,3 милиони долари.

-Во октомври, Bank Austria/Creditanstalt купи 13 отсто од полската ПБК Банка за околу 60 милиони долари. Приближно толкав дел им припадна на локалната Kredit Bank и на Warta Insurance.

-Во ноември, и покрај турбуленциите на глобалните пазари, унгарскиот телекомуникациски гигант Mata успешно

вплови во Њујорк и во Будимпешта. Конзорциум предводен од локалната осигурителна компанија Atlasz плати 32 милиони долари за 62 отсто од PK Bank, последната државна банка во Унгарија. Романската Влада најави дека поштенската банка Banc Post ќе оди на продажба во почетокот на годинава.

И овој тренд продолжи, исто така, во првите месеци на годинава.

Investicni a Postovni bank (IPB) конечно му беше продадена на Nomura Securities од Јапонија. Јапонците ја платија малата сума од 2,9 милијарди чешки круни (81 милион долари) за 36 отсто што требаше да ѝ припаднат на Владата, но се согласија да инвестираат и дополнителни 12 милијарди чешки круни во неа. Nomura и сродните фондови сега контролираат 70 отсто од IPB.

Полскиот министер за финансии Лешек Балцерович најави дека 35 отсто од ПКО, најголемата комерцијална банка во Полска, во третиот квартал на годинава ќе им биде продадена на странски инвеститори, како и нејзина котација на берзата во март или во април.

Русија издаде дозволи за отворање филијали на четири западни банки. Deutsche Bank и Commerz Bank од Германија и JP Morgan и Bank of America од САД беа најуспешните кандидати од вкупно 20 апликанти.

Полска во минатата година имаше стапка на развој од 7 отсто. Од 1990 година досега странските инвестиции во Полска вкупно изнесуваа повеќе од 20 милијарди долари. САД инвестираа 4 милијарди долари, Германија 2,1 милијарди долари и така натаму. Меѓу странските инвеститори во Полска, Фиат се наоѓа на првото место со 1,1 милијарда долари, а Daewoo Motors е втор со инвестирани 1 милијарда долари.

Овие парчиња информации се само дел од тоа што се случуваше во Источна и во Централна Европа во 1997 година. Каде е Македонија во сево ова? Колку свеж капитал е испуштен, нови работни места, нови идеи и нови пазари можеше да добие Македонија, а не ги доби? Зошто?

*Вакнин:* Можеби многумина ќе се изненадат, меѓутоа странските инвеститори се исто толку заинтересирани за психологијата колку и за економијата. Првите нешта за кои тие се распрашуваат воопшто не се поврзани со бруто-националниот производ по жител, стапката на инфлација и предвидувањата во таа насока, домашните каматни стапки, животниот стандард, функционалната инфраструктура, банкарскиот систем и за други таканаречени "хардкор" прашања. Во почетокот тие се интересираат за други нешта, како на пример: Дали имотните права се заштитени од државата и од судовите? Дали се применува соодветна законска регулатива? Колкава е стапката на криминалитет и колку е распространет криминалот? Дали луѓето се работливи или мрзливи, корумпирани или чесни, образувани или незнајковци, дали лажат или ја кажуваат вистината? Дали е лесно да се води бизнис таму или, пак, бирократијата задушува сè? Дали функционерите и политичарите се повеќе заинтересирани за сопствената добросостојба отколку за добросостојбата на нивната земја? Тоа се "меки" прашања што, подолгорочно гледано, повеќе му значат на странскиот инвеститор. Токму на тој план Македонија не успеа да му претстави на светот слика на земја што е пријателски ориентирана кон бизнисот генерално, а особено кон странскиот бизнис. Инвеститорите дури и не знаат дека Македонија постои, а да не зборуваме за нејзините предности.

*Груевски:* Анализата на ситуацијата во македонското стопанство го покажува следното:

1.Повеќе од 80 отсто од опремата во Македонија се смета за застарена, што значи дека повеќе не се употребува во Западна Европа. Од 10 отсто до 15 отсто од опремата се наоѓа на таканаречената средно ниво, а само 5 отсто до 10 отсто е висока технологија, целосно увезена.

2.Нивото на депресираност е високо, 53 отсто, додека отпишаност изнесува околу 71 отсто.

3.Структурата на фиксниот капитал е неадекватна. Повеќе од 60 отсто е во градежни операции, а во светот просекот на оваа ставка е околу 45 отсто.

4.Секторската дистрибуција е неадекватна, што е мошне опасно бидејќи е потребно долг период за да се промени.

5.Капиталот има ниска економска вредност (пазарната вредност често е 50 отсто помала од книговодствената).

6.Учеството на приливот на бруто-инвестициите во општествениот производ во последните години беше помал од 18 отсто, за разлика од 1971 и 1972 година кога инвестициската стапка достигнуваше и до 40 отсто. Стопанските инвестиции, како најважен сегмент, се зголемија од 8 отсто во 1992 година на 15 отсто во 1994 година. По две години опаѓање, во 1997 година тие изнесуваа 12 отсто (иако беше зацртано 16 отсто).

7.Економската дистрибуција на инвестициите е мошне неповолна. Од сите инвестиции, 17 до 20 отсто оделе за инфраструктурата, а само 46,5 отсто од нив беа комерцијални инвестиции кои се движечка сила на економијата.

8.Сопственичкото преструктуирање не беше проследено со организациско и технолошко преструктуирање.

9.Во последната година опаѓа бројот на нови претпријатија и проекти.

10. Нивото на штедење е мошне ниско и се проценува дека населението има парични средства од 600 милиони до 1,2 милијарди долари; оваа ставка (население) не е позната во западните земји со развиена финансиска инфраструктура.

*Вакнин:* Нема ништо лошо само по себе во ниското ниво на штедење, особено во неликвидните економии во криза и во транзиција. Машината на потрошувачката е исто толку важна колку и машината на инвестициите. Но, тоа е така кога средствата се увезени од странство, во форма на странски инвестиции. Македонија се соочува со двојно проклетство: таа има (официјално) ниска стапка на штедење (иако во реалноста, благодарение на сивата економија, таа е многу повисока) придружена со отсуство на комерцијални странски инвестиции. Ако кон тоа го додадете и сè поголемиот дефицит, ќе добиете слика на економско тело што крвари. Трговскиот дефицит најчесто се употребува за да се финансираат потрошувачката и инфраструктурните проекти. Од тоа не може да се изроди ништо продуктивно и профитабилно. Луѓето повеќе претпочитаат да купуваат автомобили на Фолксваген отколку фабрички машини. Резултатот на тоа е залиха на празен и истрошен капитал, и тоа не само во индустријата. Погледнете ги универзитетите, на пример. Тоа е магичен круг: проблематичната економија раѓа несигурност. Несигурните луѓе не се посветуваат на долгорочни инвестиции. Тие ги претпочитуваат потрошувачката или шпекулациите. Резултат на тоа е уште попроблематична економија. Ниската домашна стапка на штедење е поврзана со катастрофалната инвестициска стапка. Дури, и кога парите доаѓаат, менаџерската класа и донесувачите на политичко-економски одлуки не знаат што да прават со нив. Најбезбедно е да се инвестира во инфраструктурата и во градежништвото. Полесно и подобро познато е да се изгради куќа отколку да се води фабрика за

микрочипови. Недостигот од менаџерски способности, модерна и флексибилна организација и технолошки средства значи дека дури и расположивите ресурси се погрешно насочени и дека стапката на продуктивност ќе се намали. Учењето од странците е извонредно решение што Македонија допрва мора да го прифати. Македонците, пак, сметаат дека е мошне срамно да се признае оти постои нешто што тие треба да го научат. Кога им се потребни помош и совети, тие се чувствуваат инфериорни и понижени. Ова ви го кажувам од моето искуство како странски консултант тука.

*Груевски:* И од историска и од сегашна гледна точка, а според многумина и од перспективна гледна точка, Балканот е еден од помалку стабилните региони во светот. Затоа не постои инспирација за инвестирање капитал и за странска сопственост. Кога на било кого во светот ќе му ја спомнете Македонија, тој не ја гледа во микросмисла, туку како дел на регион познат во светот по немили настани. Тоа што во моментов Македонија не е во војна или слична состојба е мала утеха кога ќе се погледнат историјата на оваа земја и на регионот, односите со соседите или одредени неодамнешни сценарија на агентатурски групи од светот во кои Македонија е вклучена како можен објект на дестабилизација или нешто повеќе. Земете ја, на пример, публикацијата што во 1996 година ја издаде лондонската филијала на Bankers Trust International PLC, една од најголемите брокерски инвестициски куќи во светот со седиште во САД, која претсавува истражување за пазарите во поранешните југословенски републики. Во заклучокот на публикацијата се вели дека Грција ќе ја спречува Европската Унија ефективно да ѝ помага на Македонија сè додека не биде решен проблемот со името. Се спомнува и малку веројатното сценарио според кое македонската територија би можела да биде предмет на спор меѓу Грција

и Турција (и двете членки на НАТО), како и меѓу Србија, Бугарија и Албанија. Дури и во неодамнешната студија на Merrill Lynch, и покрај оптимистичките оценки, постои мала резервираност на политичката иднина на Македонија. Настаните на Косово ѝ нанесоа непроценлива штета на Македонија кога станува збор за странските инвестиции. Фактот дека претставниците на македонскиот политички врв во интервјуто за медиумите индиректно или директно велат дека Косово може да ја дестабилизира Македонија е исто толку штетен колку и тоа што се случува на Косово. Ако највисоките функционери на земјата отворено зборуваат за опасност од етнички конфликт во Македонија во своите изјави, конфликт што може да се прелее од соседните земји, ако тие бараат странски одбрамбени сили од Обединетите нации и од НАТО да бидат стационирани на територијата на Македонија, се прашувам зошто тогаш потенцијалните странски инвеститори би размислувале поинаку?

Првиот заклучок на таа тема е дека, во основа, регионот во кој се наоѓа Македонија е еден од последните во кои би инвестирале компаниите што се занимаваат со меѓународен трансфер на капиталот. Тоа, сепак, не значи дека нивото на странски инвестиции во Македонија е резултат на тоа и оти таа состојба не може да биде многу подобра. Ова е само почетна точка.

*Вакнин:* Апсолутно се согласувам со вашите заклучни забелешки. Нестабилноста на регионот и неговата турбулентна историја се можеби само 10 отсто од објаснувањето, според мене. Словенија беше дел на Југославија, а во почетокот дури беше вклучена во борбите. Сепак, таа умно се дистанцираше од поранешните кофедерални единки и се идентификуваше со Европа. Резултат на тоа беше просперитетот на Словенија среде

најтешката етничка војна во последните 50 години. И Бугарија и Албанија се во регионот со Македонија, како и Хрватска и Романија. Сите тие (Албанија до неодамна) добија голем прилив на странски инвестиции и покрај нивната регионална припадност. Во Русија и во Индија владите паѓаат секој месец. Во Русија и во Грузија често и ги убиваат странските бизнисмени. Кај сите нив цветаат странските инвестиции. Се чини дека парите се поголем стимул од животот. Странските инвеститори мора да бидат убедени дека тука може да се прават пари. Тоа досега не е сторено.

*Груевски:* Сметам дека би требало да се спомнат и следните нешта:

Прво, во последните 7 години, во Македонија влезе помалку странски капитал отколку во која и да е друга земја во транзиција. И тоа не поради тоа што некој во светот ја мрази Македонија.

Второ, одредени ситуации во Македонија изгледаат поинаку од дистанца. Тоа е така, пред сè, поради (барем во некои случаи) ниското ниво на информации за Македонија достапни во западните развиени земји (тие не се виновни за таа ситуација) и честите нереални толкувања и коментари за настаните во Македонија, кои ги лансираат локалните власти под влијание на дневно-политичките препирки.

Ако некој сака да види како Македонија изгледа во очите на светот, треба да чита странски стручни списанија (или да влезе во Интернет) , или, пак, уште подобро, да излезе од земјата и да стапи во контакт со инвеститорите што меѓу другото, инвестираат во таканаречените нови пазари.

Тие луѓе ги очекува изненадување. Може да се потроши дури и една година во детално читање на

странските финансиски списанија пред да го најдат името на Македонија, а да не говориме за некоја детална анализа. Остварив многу средби во мултинационалните компании што имаат развиено специјални оддели за истражување и вложување во таканаречените нови пазари (во кои спаѓа и Македонија). При првиот контакт најчесто наидував на следните реакции:

1. Освен грубата географска положба (а понекогаш и таа со несигурност) и сознанието дека Македонија на некој начин е поврзана со Александар Велики, за сè друго постои многу мала, а често и никаква информација за што и да е во Македонија, вклучувајќи ги и економијата и компаниите.

2. Често е можно мешање на Македонија со Грција или се поставува прашањето за која Македонија се работи.

3. Изненадување поради тоа што никој од таа земја не ги посетил досега и во исто време задоволство поради можноста да слушнат нешто за еден тотално непознат и неиспитан пазар.

*Вакнин:* Исчукајте го зборот "Македонија" на компјутерските процесори за зборови и ќе го добиете одговорот "грешка во спелувањето". Еднаш на меѓународниот аеродром во Прага ме прашаа дали Македонија е дел на Белград. За тоа вината целосно е кај македонските власти. Не се преземени и воспоставени никакви кохерентни и сериозни промоции, јавни односи и кампањи за инвестициските односи. Повеќе од 80 нови земји се појавија во светот во последните две децении. Во ерата на информациското богатство, инфлација на суверенитетот и жестоката борба за економските ресурси, да се биде непознат е како да си мртов, и политички и финансиски. Долгорочно, опстанокот на Македонија не зависи од бесмислените договори и конвенции. Тој зависи од нејзината способност да привлече странски капитал и така да ги врзе соседите и Западот кон

неа. Парите се силен стимул за воздржување од нестабилност и од војни. Најголемите непријатели стануваат најдобри пријатели кога имаат заеднички економски интереси (видете го примерот на Франција и Германија). Македонија мора итно да развие повеќегодишен план за признавање и меѓу сојузниците и меѓу непријателите. За тоа треба да бидат употребени меѓународните медиуми и да се вклучат економските интереси. Да се остави ситуацијата таква каква е не е ништо помалку од штетно.

*Груевски:* Имиџот на Македонија е имиџ на земја без излез на море и земја што нема најдобри односи со соседите. Стационирањето странски војници на нејзината територија го покренува прашањето зошто е потребна меѓународна заштита? Спорот со Грција, и покрај негативните импликации за македонската економија, (иако помогна да се слушне за името Македонија) не помогна многу во ситуацијата. Постоечката тензија во односите со етничките Албанци во земјата исто така создава слика на нестабилна земја.

Во своите проекции за 1998 година Владата на Македонија постојано наведува дека ќе стори сè за да ги зголеми директните странски инвестиции во Македонија но никаде не ги спомнува индиректните и портфолио (преку берзата) странски инвестиции. Дали таа ги изедначува тие два поима или едниот го исклучува, во овој момент не можеме да коментираме... и додека едни имаат проблем од недоволно капитал, другите имаат проблем со инвестирањето на вишокот капитал, односно високата ликвидност.

Компанијата Nomura, како една од најмоќните инвестициони банки во светот, со акционерски капитал од повеќе од 15 милијарди долари, 63 филијали во 26 земји, приближно 3 милиони сметки на клиенти и повеќе од 400 милијарди долари средства на клиенти што се оставени на

чување и управување во банката, во минатата година "како од шега" откупи 4.000 пабови во Англија. Таа се наоѓа на првото место во Централна Европа (со исклучок на Русија) како водечки снабдувач на финансии. Од 1995 година, во улога на водечки менаџер, Nomura инвестираше 2,7 милијарди долари во овој регион (извор: Euromoney Bondware). Веднаш по Nomura по висината на инвестициите во тој регион во тоа време и улога, следуваат JP Morgan со 2,2 милијарди долари, Daiwa Securities со 1,9 милијарди долари, Credit Swiss First Boston со 1,6 милијарди долари и Merrill Lynch со 1,4 милијарди долари. Nomura беше водечки менаџер на првите јавни обврзници на Националната банка на Словачка во 1994 година, во вредност од 25 милијарди јени. Во таа година Nomura ги откупи општинските обврзници на градот Прага за 250 милиони долари, а инвестираше и 24 милиони долари во корпорациски обврзници во Словачка, 4 милијарди во Летонија, 15 милијарди во обврзници на Националната банка на Унгарија, 60 милиони долари во меѓународни обврзници на Литванија. Во 1996 година, покрај општинските обврзници во главниот град на Летонија, Талин (60 милиони германски марки), Nomura вложи 50 милијарди јени во Романија, 70 милиони долари во корпорациски обврзници во Чешка, а во 1997 година инвестираше 500 милиони долари во обврзниците на градот Москва, 70 милиони долари во Словачка, 450 милиони долари во меѓународни обврзници во Украина. Во 1998 година беше постигнат договор за нови вложувања во Чешка (преземање на банката ИПБ) додека преговорите со Украина и со Словачка се во завршна етапа. Таа компанија инвестираше 91,2 милиони долари во Плива (Хрватска), 31,1 милиони долари во BTC (Словенија), 24,7 милиони долари во SKB Bank (Словенија), а во јули 1997 година 453,5 милиони долари во KGHM Полска Miedrz CA.

Кредитансталт се појави 7 пати како водечки менаџер и три пати како коменаџер при вложувањето во акции во овој регион, Credit Swiss First Boston 6 пати како водечки менаџер и 3 пати како коменаџер, Schroders 4 пати како менаџер и 2 пати како коменаџер, Dresdner Kleinwort Benson по 5 пати како водечки менаџер и коменаџер, Merrill Lynch 4 пати, HSBC 4 пати, а Salomon Brothers и UBS по 3 пати. Тоа се податоци за 1995, 1996 до јули 1997 година (извор Eurobond Bondware). Во минатата година Романија беше вистински хит за инвестирање, а по стабилизирањето на економијата во Бугарија, повторно постои голем интерес за нови инвестиции во таа земја. Постојат уште многу слични податоци од кои може да се заклучи дека големите мултинационални компании имаат многу голема ликвидност и бараат нови пазари во кои би инвестирале. Тие имаат толку многу пари што се спремни да инвестираат и во ризични земји, многу поризични од Македонија, се разбира, за многу поголеми добивки отколку во помалку ризичните и неризичните земји.

*Вакнин:* Само во САД во последните две години е создадено ново богатство од 2.000 милијарди долари со инвестирање во акции. Исти слики се повторуваат насекаде во светот. Берзите во целиот свет поставуваат нови рекорди и генерираат огромни количества ново богатство. Придонесите за пензиските фондови, парите што се слеваат во заедничките фондови, глобализацијата на пазарите на капитал и, како резултат на тоа мобилноста на капиталот - сите тие создаваат река пари што неуморно трагаат по добивка. Позрелите пазари на Западот нудат помалку привлечни добивки поради помалите ризици што ги спомнавте и поради кореспондентните пониско проектирани стапки на развој. Новата законска регулатива дозволува - дури и поттикнува - меѓународна диверсификација на тие

фондови. Кога законот тоа го дозволи, браната се отвори, море од речиси 400 милијарди долари како инвестиции ги поплави новите пазари. Дел од тие инвестиции не даде плод, а постојат и периоди на каење. Понекогаш инвеститорите речиси целосно се повлекуваат од одреден пазар (како што сторија во Чешка во 1997 година), но тоа се само привремени флуктуации. Процесот во основа останува ист: инвеститорите и менаџерите на пари ги оплодуваат инвестициите со нивното ширење преку политичките граници. Нив ги привлекуваат високите стапки на развој. Постоењето на осигурување од политички ризик ги смирува нивните нерви. Тоа е златна ера за земјите што знаат како да ги предизвикаат вистинските додворувачи, Македонија, за жал, не спаѓа во нив.

*Груевски:* Кога зборуваме за портфолио (индиректни) инвестиции, мора да спомнеме дека сите сериозни мултинационални компании имаат специјални оддели или посебни фирми специјализирани за вложување во такананаречените нови пазари. Во тие оддели, 50,100 или повеќе менаџери и инвестициски експерти располагаат со годишна сума пари што треба да ги инвестираат во некоја од земјите на Источна и Централна Европа, Централна и Јужна Америка, Југоисточна Азија, Русија и во ННД (Новите независни држави, поранешна Заедница на независни држави) или, пак, во Африка, во зависност од стратегијата на компанијата. Таа сума изнесува од половина милијарда до две или повеќе милијарди германски марки. Компаниите имаат оформено интерни секции за истражување и развој (анализа) во одделите (или посебните фирми) што се занимаваат со новите пазари. Експертите што работат во тие оддели најчесто се поделени по региони. На пример: Романија, Бугарија и Хрватска или Чешка, Полска и Унгарија или Русија и ННД. Или, пак, според видот на

хартиите од вредност со кои работат: обврзници од Источна и Централна Европа или акции во тој регион, а можни се и други покомплексни финансиски инструменти. Тие оддели се задолжени да набљудуваат сè што се случува на пазарите во кои нивната компанија инвестирала или има намера да инвестира. Врз основа на тие информации, тие им даваат инструкции на фонд-менаџерите на компанијата, кои, пак, по донесувањето конечна одлука, им даваат налози на дилерите на компанијата да купат или продадат точно одреден број и вид хартии од вредност. Дилерите на компанијата се поврзуваат со локалните брокери и операцијата е завршена. На сите средби со претставниците на тие компании заклучив дека тие секојдневно се (буквално) бомбардирани со информации, податоци, брошури, анализи, телефонски пораки, факсови и електронска пошта. Сето тоа го испраќаат владите, владините агенции и тела, брокерските куќи, банки и други приватни или владини институции или поединци од сите земји, освен една. Погодете која.

Се чини дека постои двојна бариера за информациите: податоците од Македонија никогаш не стигаат до потенцијалните финансиери од Западот, а информациите од Западот не стигнуваат до граѓаните и правните лица во Македонија. Без претерување можам да кажам дека Македонија се наоѓа во информативен вакуум кога станува збор за финансиските случувања и можностите што ги нуди светот.

*Вакнин:* Сметам дека вториот вид вакуум е помалку опасен. Денес секој што навистина е заинтересиран и спремен да посвети време и средства може да следи што се случува во светот со минимални трошоци. Тука се специјализираните списанија, Интернет, странските радиотелевизиски станици. Проблемот е во тоа што јас гледам

мал интерес. Луѓето се позаинтересирани за политика, фудбал или за "Касандра" отколку за економија. Тоа можеби е така бидејќи луѓето сметаат дека економските прашања се "главоболка на владата". Владата, пак, не прави многу за да ги изложи граѓаните на реалноста на пазарната економија. Најголем дел од луѓето тука го замени "социјализмот" со "ММФ-изам" или со "владизам". Тие чекаат чудесен лек, решение одозгора. Психолошката бариера спрема учењето што ја спомнав претходно, извитопериот комплекс на супериорност-инфериорност ("никој не може да нѐ научи нешто што веќе не го знаеме") претставуваат голема пречка. Ги разгледав вашите учебници по економија и долго зборував со студентите по економија. Ви недостига многу знаење. Вие им предавате застарени доктрини на незаинтересирани студенти. Тоа не функционира. Морате да се отворите и да го прифатите фактот дека ви е потребна помош - итно и во големи количества.

Првиот вид информациска бариера е многу посериозна. Отсуството на Македонија од информацискатa трка за инвестиции е самоубиство.

*Груевски:* Затоа многу нешта што се нормални и секојдневни во финасискиот свет (берза, акции, пазари на капитал, инвестиционо банкарство) им изгледаат многу далечни на повеќето луѓе во Македонија. Всушност, да не се сфати погрешно, Македонија е навистина многу далеку од сето тоа. Таму не е така како што луѓето замислуваат откако на локалните телевизии ќе видат некоја стара снимка на берзите на кои владеат мешаница и хаос. Напротив сѐ е во совршен ред и тоа не е нешто што може да го разберат само мал број луѓе.

Сето тоа може да се спореди со кошарката. Пред 7 или 8 години никој во Македонија не знаеше што се случува во НБА-лигата, но денес, по редовните ТВ-преноси и

коментари, најголем дел граѓани ја чувствуваат лигата како своја. Многумина ги знаат имињата, приказните за успесите, добрите и лошите страни на сите екипи во најелитната кошаркарска лига во светот. Ако некој ја информираше јавноста на светските пазари на капитал како што ја известува за кошарката сликата ќе беше многу поинаква. Многу граѓани би можеле да го искористат тоа, особено со развојот на пазарот на капитал во Македонија. За жал, не само тоа што домашната јавност досега се наоѓаше во таканаречен информативен вакуум, туку и пасивноста на Македонија во тој поглед, не им даваат идеи или можности на мултинационалните компании да инвестираат свој капитал во Македонија. Тоа ѝ причини голема штета на земјата и претставува испуштена можност.

*Вакнин:* Од самиот почеток беше јасно дека никој не знае што е берзата и што треба да се прави со неа кога ќе биде формирана. Таа повеќе беше сметана за пречка отколку за средство за формирање и алокација на домашното и странското богатство. Приватизацијата целосно беше извршена надвор од неа, на новите акционери не им беше дозволено да тргуваат со своите акции на берзата, а Владата не ги финансираше своите потреби преку неа. Таа беше сведена на маргините, лишена од ликвидност и практично неупотреблива како корпорациска финансиска арена. Тоа беше голема стратегиска грешка за чие исправање ќе бидат потребни многу години. Берзата можеше да стане извор на ефтини кредити и капитал за кревката и неликвидна домашна економија. Таа можеше да се натпреварува со локалните неефикасни банки. Таа можеше да привлече портфолио инвестиции па дури и домашен "непријавен" капитал. Сето тоа можеше да биде постигнато ако беа котирани вистинскиот број компании и ако понудата вариираше и имаше добар квалитет. Берзата, сепак, не функционира на пријателска основа.

*Груевски:* Како и да е, никој нема да ѝ помогне на Македонија ако таа не си помогне самата себеси. Македонија мора да води агресивна политика на тоа поле. Со оглед на тоа што приватните институции како учеснички на пазарот на капитал сè уште не се целосно развиени и оформени за да можат самостојно да го реализираат тој проект, тоа мора да го почне државата. Таа треба да биде генератор во процесот на сопствената промоција, а подоцна, кога ќе се создадат поповолни услови, таа постепено да ја напушта "сцената" до одредено минимално ниво, препуштајќи им ја таа улога на приватните институции.

Странскиот капитал е значаен за побрз развој и за побрзо излегување на Македонија од економската криза и изолираноста. Странскиот капитал е исто така важен за подготвувањето на земјата за влегување во Европската Унија. Сè додека странскиот капитал не ги најде своите интереси во Македонија, нејзините шанси за влегување во ЕУ ќе бидат мошне мали. Во моментов тоа е и подобро бидејќи ако Македонија требаше да влезе во ЕУ сега или во блиска иднина, таа ќе станеше уште поголема суровинска база на Унијата отколку што е сега. Македонија мора длабоко да влезе во процесот на глобализација и да ги побара придобивките од тоа. Во таа игра секоја страна има своја "математика". Богатите да станат побогати, а сиромашните да станат помалку сиромашни. Таа варијанта е можна, но ако не се внимава, сиромашниот може да стане уште посиромашен.

Втората констатација е дека мултинационалните компании бараат нови пазари и имаат вишок средства за инвестирање. Колкаво парче од нивниот колач ќе успее да ја привлече Македонија зависи од тоа:

1.Колку Македонија ќе биде агресивна во пропагандата;

2.Колку "материјал" има да понуди; и

3.Какви услови ќе понуди.

Со оглед на тоа што тие компании веќе вложиле во Малезија, Виетнам, Бугарија, Албанија, Романија, Казахстан или Авганистан, не постои причина тие да не инвестираат во Македонија, која досега беше заобиколена и тоа со причина.

*Вакнин:* Светот помина низ голем циклус на физичка колонизација во изминатите пет века. Европските земји, со воени сили, освоија големи парчиња земја со богати ресурси на суровини и минерали. Тие често се судираа меѓу себе, а исходот на тие судири беше овековечен во форма на меѓународни граници. Цели континенти беа подложени на такво меркантилистичко однесување. Колониите му "продаваа" суровини и ефтина работна рака по смешни цени на колонизаторот, а увезуваа скапи готови производи и услуги. Тоа доведе до економско исцрпување и социјални немири што резултираа со две светски војни и со деколонизација на светот. Вториот циклус почна во 1989 година, со паѓањето на Берлинскиот ѕид. Овој пат не беше потребно физичко присуство. Парите и другите симболи (информациите know-how, технологијата и науката, културниот увоз) ја вршат работата. Западните сили повторно колонизираат делови од светот поради тие причини: ефтини суровини, ефтина работна сила, нови пазари. Сепак, овој пат тие го прават тоа посуптилно: преку кредити, мешовити претпријатија, филмски фестивали и телевизијски серии. Веќе се јавува и реакција. Јас лично сметам дека земјите од Централна и од Источна Европа ќе се побунат (претежно против Европската Унија) кога ќе разберат што им се прави. Светот на региони и етнички групи ќе ги замени земјите-нации. Насекаде низ светот политичките единици се распаѓаат на сè помали и помали делови. Македонија треба

да внимава на тие трендови и да не падне во стапицата на новиот вид колонијализам без да извлече висока цена. Но, таа ќе може да побара таква цена само ако стане интересно место на економски и финансиски план. Тоа е најосновна финансиска грешка на македонската национална стратегија: таа се бори да влезе во ЕУ што е можно поскоро-без да помине низ болките на вистинските реформи, без да создаде вистинска пазарна економија и без да ги жртвува специјалните интереси на моќните групи (групите на моќта).

*Груевски:* Западните земји, барем засега сметаат дека источноевропскиот пазар ги вклучува сите поранешни комунистички земји од Источна и од Централна Европа со исклучок на Македонија (и СР Југославија и Албанија до извесен степен). Падната во заборав, на финансиската карта на Европа речиси и не се појавува името Македонија. Таа почесто е обележана само со пет букви (FYROM).

Во престижната компанија SBC-Warburg-Dillon-Read актуелниот директор за акции, извршниот директор на седиштето на фирмата задолжен за новите пазари на акции во Европа и уште една личност од таканаречените нови пазари разговараа за македонскиот пазар на капитал. Додека се говореше за државното телекомуникациско претпријатие на Македонија, еден од соговорниците ме праша: "дали од Македонија може да се повика по телефон странска држава или, пак, луѓето може да разговараат само меѓу себе, во државата?".

Прашањето беше поставено во моментот кога македонската Влада најави приватизација на државното телекомуникациско претпријатие, но можеби не доволно гласно. Слични прашања беа поставени и за други области и за конкретните и потенцијалните можности за инвестирање во Македонија. Заклучив дека нивните познавања за државата, генерално, а особено за македонското стопанство,

се еднакви на познавањата што просечен Македонец ги има за Танзанија. Спомнатата компанија инвестираше милијарди долари во Чешка, Узбекистан, Полска, Русија, Романија, Бугарија, Украина и во други земји, со исклучок на Македонија. Таква слика може да се забележи без малку кај сите слични мултинационални компании. Повеќето од тие компании, без претерување, имаат толку многу пари што би можеле без никакви проблеми да ги купат сите фабрики во Македонија. Така, на пример, седумте фондови на Flemings располагаат со капитал од 64,99 милијарди фунти (податок од 30 јуни 1997 година), односно 188 милијарди германски марки. На полето на привлекувањето странски капитал, Владата покрај формирањето на Агенцијата за промоција на Македонија, мора да одреди и личност од Владата (на пример, министер без ресор со специјална и единствена задача-привлекување странски комерцијални инвестиции во Македонија). Таа личност мора да има голем авторитет и доверба кај премиерот, на кого ќе му поднесува извештаи. Негова задача ќе биде да генерира конкретни предлози, одлуки, активности и закони "што треба да поминат" кај законодавните тела. Тој не би требало да се соочи со пречки во Владата, и покрај противењето на одредени министри, под влијание на надворешни интересни групи или директниот притисок од тие групи или лобија. Сето тоа, под претпоставка дека министерот има и волја и решеност да истрае до крај во борбата да ја направи Македонија атрактивна за странски капитал, без оглед на внатрешните притисоци и влијанија. Можеби во таа игра премиерот, како политичар, краткорочно може да загуби дел од поддршката, меѓутоа долгорочно гледано, тој ќе добие многу повеќе, пред сè, од гласачите-граѓаните на земјата, кои несомнено ќе ги почувствуваат позитивните промени што ќе ги донесе таа политика.

*Вакнин:* Решението "цар" на инвестициите или приватизацијата беше испробано и на други места, но не даде големи резултати. Мал е бројот на политичарите - каде и да се, не само во Македонија - што толку лесно би се откажале од профитабилните државни претпријатија. Тие можат да ги наградуваат своите сојузници со убави работни места, профитабилни договори и други бенефиции, материјални и нематеријални. Отворањето на земјата за странски инвестиции значи губење на економската контрола. Голем број луѓе заработуваат, на пример, со увоз. Дали тие ќе бидат задоволни ако локалниот производ го замени увозниот? Големо богатство е префрлено од државата на избрани поединци и претпријатија во форма на концесии, монополи, привилегирани даночни и царински стапки и "пакетите" јавни тендери. Странските инвеститори нема да го трпат тоа . Тие се бучна толпа. Тие одбиваат да играат таква игра. Тие го кажуваат тоа што го мислат и не се плашат од никого. Дали локалните политичари сакаат таква неволја? Сè додека не биде направена јасна поделба, поддржана со кривични санкции и казни, меѓу парите и политиката, меѓу бизнисот врз кој влијае донесувањето на одлуките и донесувачите на одлуките, иницијативите за влегување на странскиот капитал во Македонија ќе бидат малку и далечни. Странските инвестиции ќе дојдат, со или без вклученост на Владата. Мора прво да се елиминира негативното мешање од страна на државата. Нејзиното позитивно асистирање е помалку битно во моментов.

*Груевски:* Ако една западна фирма влезе на македонскиот пазар со купување само 10 отсто, 20 отсто или повеќе од десетте најдобри компании во Македонија, тоа ќе значи дека странската компанија не само што ќе донесе свеж капитал за експанзија на домашните компании, туку преку својот претставник во управните одбори на

локалните компании, западната фирма ќе донесе и нови идеи, решенија, комбинации на производи, квалитет, нови инвестиции, извоз и нови пазари. Западната фирма потоа би можела да ги поврзе домашните компании со нови личности и компании од западниот финансиски свет. Целта на секоја фирма што би купила хартии од вредност во Македонија е да ги направат компанијата и државата во која инвестирале поконкурентни и поатрактивни. По извесен период, таа би можела да ги продаде хартиите од вредност за да оствари профит и потоа да инвестира во друга или во таа земја со иста цел.

Во самиот почеток, ако странските компании заклучат дека не постојат шанси да ги продадат хартиите од вредност што би ги купиле, тие нема ни да ги купат, бидејќи никој не сака да купува нешто што подоцна не би можел да го продаде со профит од 20 до 30 отсто или повеќе.

Македонија спаѓа во ризичните земји. Евентуалното инвестирање странски капитал во вид на портфолио-инвестиции би дошло откако би била дадена оценка дека може да се оствари голем профит од шпекулациските вложувања. Не постои ниту една друга причина што некој би инвестирал во Македонија, а не, на пример, во Англија каде што ризикот е многу помал. Македонските компании и македонскиот пазар може да бидат конкурентни само ако понудат повисок профит или капитална добивка, дивиденди или камата, а особено првото. Поради тоа што капацитетите на Македонија се недоволно искористени, а нивото на развој е ниско, можни се повисоки позитивни заработки.

Да се вратиме на предлогот Владата да ја преземе на себе задачата да привлече странски капитал. Министерот за кој претходно стана збор би требало да предложи програма со однапред утврдени рокови и потоа да поднесе

извештај за неа пред Владата. Неговиот ангажман би бил директно насочен кон:

1.Привлекувањето портфолио инвестиции (продажба на малцински и/или мнозински делови на неколку Македонски компании на странски инвеститори преку берзата). Во овој случај станува збор за индиректни вложувања (преку берзата) на големи и престижни инвестициони банки, брокерски куќи, фондови и слично.

2.Привлекување директни инвестиции (продажба на контролни пакети на фабрики и други компании во Македонија на странски инвеститори, а со претходна согласност потпишана од Владата и од Агенцијата за приватизација). Овие договори, во отсуство на закон за преземање, формално би биле ефектуирани преку берзата. Во тој контекст, станува збор за директни вложувања при кои познатите светски мултинационални производители би купувале фабрики во Македонија во нивната бранша.

3.Заедничко инвестирање во нови проекти.

4.Наоѓање купувачи - underwriters на евентуалните емисии на македонски еврообврзници.

5.Привлекување странски капитал во туризмот.

Задачата под точка 5 би можела да биде изземена од надлежностите на спомнатата личност (и доделена на друга личност) за да не дојде до оптоварување.

Најдобро е ангажманот за контакти со директните кредитори (Меѓународниот монетаред фонд, Светската банка, Европската банка за обнова и развој) да им се препушти на друго лице или лица.

*Вакнин:* Сметам дека ако таа личност ја има поддршката што ја спомнавте (од премиерот, со специјален закон, од законодавците), тогаш дури и би можела да успее. Сето тоа е предмет на крупни промени во политичката

атмосфера. Привлекувањето директни и индиректни странски инвестиции мора да биде прогласено за национален приоритет и да се прогласи вонредна состојба на тоа поле. Таа личност мора да биде пошироко позната, ценета и сакана, со добри врски и со законски овласувања да ја помине црвената линија, да не мора да се соочува со обемните законски процедури, комисиите, комитетите и бирократите. Од друга страна, тој не смее да добие премногу големи овластувања за да не ги злоупотреби. Мора да се применуваат контроли и проверки за да се спречи корупцијата.

*Груевски*: Личноста на која би ѝ бил доверен овој проект мора да има огромни познавања од областа на меѓународните финансии и извонредно добро да ги познава проблемите и потребите на Македонија.

Во координација со специјално назначено лице од страна на Владата (член на Владата) и со Агенцијата за промоција на Македонија, во првата етапа, што не би траела повеќе од 6 месеци, треба да се дејствува во 3 насоки:

1.Постојан и директен контакт со директните учесници на пазарот на капитал во Македонија: менаџерите на компаниите, берзата, банките, брокерските куќи и поголемите инвеститори. Целта на тие контакти е подлабоко и повеќестрано навлегување во суштината на проблемите и избегнување на евентуалниот вакуум во вертикалната оска на контакти меѓу Владата и кој било учесник на пазарот на капитал.

2.Да се подготват неколку истражувања за Македонија и за одредени компании во кои реално би биле претставени можностите и условите што овој пазар ги нуди и планира да ги понуди. Големите финансиери во светот треба да бидат "бомбардирани" со тие публикации. Сите позитивни аспекти на вложувањето во овој пазар и, конкретно, во одредени проекти треба да бидат спомнати

во тие изданија. Исто така, треба да се спомне дека тие извештаи се наменети само за привлекување на интересот на странските компании за одредени проекти. Потоа во втората етапа би следувало ангажирање локален правен советник и, како и обично, испраќање претставник во Македонија, додека во третата етапа би следувало ангажирање брокер и склучување на зделката. Откако парите ќе бидат инвестирани (а можно е и пред тоа), одделите за истражување и инвестирање на западните компании ќе почнат самостојно да подготвуваат прегледи, извештаи и друг печатен материјал за Македонија за да остварат профит од нивната зделка и да ги заинтересираат другите мултинационални компании да инвестираат во македонскиот пазар. Тоа значи дека државата треба само да го почне проектот и да му даде инерција. Досега само неколку компании имаат изработено извештаи за Македонија. Една од нив е Bankers Trust, каде што во ноември 1997 година ми беше речено дека таа позната мултинационална компанија засега нема намера да инвестира во Македонија. Неодамна и Merrill Lynch објави истражувачки извештај за Македонија. Ни таа компанија нема намера да инвестира во Македонија барем до 2000 година. Тоа искрено ми го рече директорот на Merrill Lynch Франкфурт, г-н Volfgang Ajkman, додека пред една година одговараше на моите прашања. Сепак, постојат многу други големи мултинационални компании што се заинтересирани да инвестираат во Македонија. За жал, поради многу причини, а пред сè, поради недостигот на информации, малиот обем на пазарот и лошата законска регулатива тие не го прават тоа.

*Вакнин:* Моето искуство е слично. "Големите" како Merrill Lynch и сличните најверојатно нема да инвестираат во Македонија сè додека таа внатрешно не стане поразвиен пазар. Обемот едноставно е премал. Не е исплатливо да се

одвојуваат истражувачи и средства за пазар каде што бројот на трансакциите веројатно ќе биде многу мал. Сепак, помалите финансиски институции, а постојат стотици такви, можат да бидат заинтересирани. Светската банка наброи повеќе од 20 приватни, мали, претежно главнински фондови што се заинтересирани да инвестираат тука. Тие фондови сепак немаат доволно персонал, сериозни истражувачки оддели (ако воопшто ги имаат), ниту пак доволно буџет. Тие се поплавени со деловни планови, брошури, понуди и барања. Нивното внимание треба да се привлече. Првиот фактор во привлекувањето на вниманието е идентитетот на пазарот од каде што доаѓа предлогот. Еден деловен план од Словенија ќе добие поголемо внимание од ист таков план од Македонија. Мора да се признае дека основите на двата пазара се мошне различни, но исто така постои сериозен проблем со имиџот и запознаеноста со пазарот. Еден претставник на ИФЦ ми рече дека Македонците се "кафеанска нација". За Македонија се смета дека се мрзливи, недоверливи, недоволно информирани, нерешителни, непостојани и без совест на основните концепти, како што се времето, обврските, договорите и лојалноста. Непрегледноста на финансиската состојба, неефикасните судови, корупцијата, лошите работни навики, големата невработеност - сите тие го нагласуваат лошиот имиџ. Никој досега не направил сериозен обид да му се спротистави на тој имиџ, да го поништи и да понуди алтернатива. Никој не ја рекламира Македонија, нејзиниот народ, култура, пазарите и индустријата. Никој не се погрижил да го научи менталитетот на обезбедувачите на пари, нивниот јазик, ставови за светот, надежи и страхувања.

*Груевски:* Законската регулатива е појдовна точка на сериозните намери за привлекување поголеми количества странски инвестиции. Постои потреба за пакет закони и/или измени на постоечките, со што пазарот на капитал во

Македонија ќе добие барем приближно еднакви, а би било пожелно и поповолни услови од истите во другите земји во транзиција.

Се стекнува впечаток дека правната регулатива во Македонија за странскиот капитал е создадена за да го спречува влегувањето на странските инвестиции. Тоа е случај со одредени одредби на Законот за трговски друштва, Законот за девизно работење, даночните закони и другите закони.

Пред сè, не постои закон за странски инвестиции како посебен закон. Тоа е голем недостаток на законската регулатива во Македонија. Тој секако би ги дискриминирал домашните компании, но мора да се знае дека ако сакаме странски инвестиции, дискриминацијата е неизбежна. Дури и сега постојат неколку дискриминирачки одредби на законите во Македонија (на пример, даночните закони), но тоа очигледно не е доволно. Сите источноевропски земји им даваат голем стимул (а тоа значи дискриминација) на странските инвеститори. Тоа е нашата судбина.

Македонија е дијаметрално спротивен случај. Во Македонија, поголем дел закони содржат дискриминациски одредби против странските инвеститори или нестандардни правни одредби за инвестициите.

Македонските судови, исто така, мора побрзо да ги третираат прашањата поврзани со странска компанија или со странски инвеститор.

*Вакнин:* Законите се комплексно нешто. Тие се како организми. Тие еволуираат, се развиваат, умираат, носат и остават наследни особини. Законската регулатива во Македонија не е ништо полоша од таа во другите земји. Во одредени аспекти, таа е дури и подобра. Таа е копирана - речиси до збор - од законите на поразвиените земји (како Германија). Иако содржи голем број одредби што не може

да се применат, генерално таа е доволна. Проблемот, значи, не е во законите. Проблемот е во вонзаконските прашања. За почеток да докажеме дека луѓето не ги почитуваат економските закони и отворено и постојано ги прекршуваат. Потоа, групи со посебни интереси прават тајни договори со политичарите за генерирање закони што се погодни за нивните високи идиосинкретични потреби, промена на постоечките закони, спречување на (за нив) потенцијално штетната регулатива или отворено и флагрантно ги прекршуваат законите со имунитет. Законите што се изнудени се предмет на работа на судскиот систем. Имајќи ја предвид добро познатата преоптовареност, неефикасност, бавност и конфузност на судовите (неретко ист текст добива контрадикторни интерпретации од различни судии), странските инвеститори во нив гледаат проблем, а не решение. Тоа значи дека постои веројатност да се развијат вонзаконски (криминални и приватни) системи на принуда што дополнително ги одвраќаат странските инвеститори. Судската одлука не значи ништо без ефикасна и некорумпирана полиција што ќе ја спроведе. Специјалните стимули (даноци, подароци), специјалните индустриски и трговски зони, off-shore банкарство се мошне важни. Можноста да се работи без премногу бирократија (дозволи, ограничувања) е исто така мошне важна. И геополитичката стабилност игра улога. Но, пред сè, инвеститорот е загрижен за неговата сопственост и за можностите за нејзина "репатријација" во случај на проблем. Дали тој може да го купи неопходното количество девизи? Дали тој може лесно да изврши негов трансфер во еден ден? Дали гаранциите што му ги дава локалниот партнер/зајмувач се безбедни и правилно регистрирани? Дали неговите права како малцински акционер ќе бидат целосно почитувани? Дали тој може релативно брзо да добие праведна одлука од

судовите? Дали тој може да издејствува спроведување судска одлука во негова полза? Одговорите на овие прашања, за жал, сè уште се негативни.

Во минатото, предлагав да биде формиран специјален суд (во рамките на постоечкиот судски систем) за странските инвеститори. Тој суд со закон би бил обврзан да донесе одлука и пресуда во рок од шест месеци. Тој суд инаку би ги имал истите овластувања и одговорности како и редовните судови. Само овој чин би бил многу поважен од тоните хартии на кои се испечатени вистинските одредби од законите што не можат да се применат.

*Груевски:* Ќе се обидам да направам ревизија на најважните делови на сегашната законска регулатива, пред сè на Законот за трговски друштва - ЗТД. Најзначајната промена во законските акти што една Влада мора да ја направи, ако има сериозни намери да почне проект од таков вид, е да го избрише став 2 од членот 290 од ЗТД. Овој параграф им дава можност на управните органи на приватните претпријатија да го условат трансферот на акциите што ги издава компанијата. Наместо него би требало да пишува: "Трансферот на акциите е слободен и управните органи на друштвата немаат право на кој и да е начин да го условат преносот на акциите кога продавачот и купувачот направиле трансфер - купопродажба на хартии од вредност во согласност со постоечките законски одредби".

Покрај тоа, делот за казнените одредби на тој закон треба да предвидува сериозни казнени мерки за компанијата и за управните органи ако биде прекршена таа одредба. Отстапките од тоа правило треба да бидат детално регулирани со закон. Така, на пример, за извршување трансакција со акции на банка над одреден процент е потребна претходна согласност од Народната банка на

Република Македонија. Ако таа согласност (дозвола) не биде обезбедена, управните органи имаат право и обврска да ја условат трансакцијата.

Комисијата за хартии од вредност (КХВ) на РМ побара мислење од КХВ на САД и го доби следниот одговор: "Во врска со одредбите на македонскиот Закон за трговски друштва за претходно спомнатите прашања, сметаме дека македонските одредби се премногу општи и може да предизвикаат заблуда и погрешна примена. Одредбите не ги обработуваат дозволените ограничувања и се доаѓа до заклучок дека тие му даваат беспоговорен авторитет на друштвото или на управниот одбор. Одредбите не ги разработуваат видовите известувања за ограничувањата, што само по себе е неопходно ако тие треба да бидат применети против друго лице, особено против лица што според американскиот концепт би се појавиле како бона фиде-купувачи. Одредбите, исто така, создаваат неприфатлива можност за пренос на сопственост на акциите на друго лице без согласност од сопственикот, заради одземање значителни сопственички права (Капитал бр. 10, списание на КХВ на РМ)."

Креаторите на македонската берза, г-дата Endi Vilson i Beri X. Bird од консултациската куќа ISC (првиот е поранешен извршен директор на лондонската берза), исто така, оценија дека овој член е главна причина за отсуството на странски капитал во Македонија во форма на портфолио-инвестиции и за стагнацијата во развојот на берзата во Скопје: "Мошне е тешко да се замисли добра причина поради која едно друштво со чии акции јавно се тргува им забранува на легитимните акционери да ги продадат своите акции, освен ако намерата не е да им се овозможи на членовите на управувачкиот одбор да ги купуваат акциите по цени што ним им одговараат".

Повеќето акционерски друштва во Македонија ја имаат оваа одредба во своите статути. Голем дел од нив дури предвидел нивните административни органи да ја одредуваат цената по која акциите би им биле продавани на членовите на управувачкиот одбор.

Ако компаниите со чии акции се тргува јавно мора да издаваат дозволи за секој трансфер на нивните акции, тогаш постои мошне голем ризик никој да не сака да инвестира во нив. Ова се однесува особено на странските инвеститори што сметаат дека не е разумно да бараат претходно одобрение од трговските друштва за продажба на нивните акции. Членовите на управувачкиот одбор што сакаат да купуваат други акции треба да го прават тоа во конкуренција со јавноста, а не да имаат привилегии на сметка на другите акционери. Поради оваа одредба во Законот, за инвестиционите фондови во Македонија ќе биде многу тешко било да се купуваат било да се продаваат акциите, со што е голема веројатноста инвестиционите фондови во Македонија (чиј развој ќе се судри и со други проблеми) да не функционираат како што треба, а тоа неизбежно ќе има негативни последици врз штедењето и врз македонското стопанство.

Еден од аргументите за вклучување на овој член во Законот за трговски друштва е дека ќе им помогне на друштвата да спречат несакани преземања. Меѓутоа, тоа не е вистински начин за постигнување таква цел - тоа се спречува со помош на регулативи и кодекс на однесување при преземања и здружувања.

*Вакнин:* Кога станува збор за вклучување нови партнери во нивниот бизнис - посебно странски партнери - македонските менаџери стануваат многу дефанзивни. Тие не сакаат да даваат информации. Своите сметководители

ги подучуваат повеќе да кријат отколку што ќе кажат. Своите работници (најголем дел од нив недоволно образувани) ги убедуваат дека сето тоа така се прави за да се спречат масовните отпуштања. Тие како со страшило ги плашат работниците со концептот на себичниот, брутален капиталист кого го интересира само профитот, кај кој нема солидарност и хуманост. Овој член (и другите како него) затоа само го рефлектира менталитетот, не го креира. Тоа е менталитет на градење барикади што не се уриваат. Луѓето општо се исплашени од неизбежните шокови од масовното прогласување за технолошки вишок (како што се зголемува ефикасноста на индустријата, технологијата ги заменува работниците и економијата се подобрува). Сите поголеми компании со кои стапив во контакт и соработував ја сметаат берзата за закана, а не за извор на финансии. Денес менаџерите имаат воспоставено монопол на информациите. На финансиските извештаи влијае стравот од одаочувањето и тие не ја одразуваат реалната слика. Во вакво опкружување лесно е да се извлече приватна корист. Отворањето на компанијата за сите странци што не сакаат да соработуваат, кои имаат чудни идеи за еднаквост, правда и транспарентност - не е добро за бизнисот.

*Груевски*: Моето искуство со потенцијалните западни инвеститори ми покажа дека во вакви услови разговорот за странски посериозни портфолио инвестиции е тешко возможен, и е несериозно да се размислува за такво нешто.

Тоа е така поради можноста дадена на управните одбори на компаниите да ја манипулираат сопственоста (акциите) / дијалогот е воден пред измените на Законот за трговски друштва, н.з./. За странските инвеститори, можноста иднината на нивните инвестиции да зависи од добрата волја на административниот орган на компанијата е неприфатлива, несериозна и ги одвлекува од инвестирање. Ова за нив е веќе видено (на пример Русија).

Во 1946 комунистичките влади на "новиот поредок" ги одзедоа имотите на граѓаните "по сила на закон". Од правна гледна точка се беше в ред. Денес во екс-комунистичките земји сè уште има обиди да се ограничи слободата на употреба и располагање на приватната сопственост. Овој проблем не ги засегнува само странските инвеститори, туку и илјадниците мали акционери во државата.

Најзагрижувачки во Македонија по однос на ова прашање е што до овој момент не се појави ниту една сериозна група или лоби кои би дале конкретна и сериозна критика по ова прашање. Кандидати за ваква работа можат да бидат: политичките партии, новинарите, силни невладини организации, синдикатите, политичката опозиција, професорското лоби, менаџерското лоби и слично.

*Вакнин*: Ова ја поткрепува мојата претходна теза, дека секој е задоволен од тивките води, без разлика колку се тие загадени...

*Груевски:* Или е незадоволен, но се чувствува немоќен и чувствува дека тоа силно може да го загрози... што не е непознато во минатите години...

Владата на Македонија, според неофицијални извори наскоро ќе биде условена од меѓународните финансиски институциии да го избрише овој член.

Овој член е резултат на не многу ефективниот Закон за приватизација во Македонија, факт, кој сè помалку станува спорен во Македонија, вклучително и од тие што го креираа овој закон, како и тие чија задача е да спроведуваат. По завршувањето на примарната и секундарната приватизација (концентрација на акциите кај менаџерите) во Македонија, ќе почне т.н. терцијална приватизација - кога протажерите на овој закон сами ќе побараат да се донесат овие промени поради неможноста

без странски капитал да држат чекор со индустрискиот развој на конкурентските компании во земјите од регионот и пошироко. За жал, дотогаш многу можности ќе бидат пропуштени, а тоа најмногу ќе го почувствуваат граѓаните на Македонија од средната и посиромашните класи, кои заедно изнесуваат најмалку 90 отсто од нацијата. Разврската по ова прашање е зависна од предизборните калкулации на владата, притисокот на меѓународните финасиски институции и во најдобар случај тоа ќе се измени пред или после изборите, а во најлош, по целосно завршување на процесот на приватизацијата во Македонија во 2001 година. Како и да е, овој дел од законот неповратно ѝ нанесе на Македонија ненадоместлива загуба. Целта е постигната, сега може ова и да се измени...Тоа е веќе крајот на "играта".

Кога сме веќе кај Законот за трговски друштва, се чини дека има потреба за разграничување на акционерските друштва од отворен тип и акционерските друштва од затворен тип, односно јавни и приватни компании од типот на англосаксонското законодавство, со што за првите би требало да се дадат многу повеќе поволности отколку за вторите.

*Вакнин:* Да не се стекне погрешен впечаток. Таквите одредби се во законите на многу земји, и развиени и неразвиени. Во рускиот Закон за мешовити претпријатија од 1/1996 јасно е нагласено дека акционерот (во компанија од затворен тип) не смее да ги продава своите акции или да ги пренесува на друг, доколку тоа не му е одобрено од СИТЕ други акционери. Акционерите дури и во компаниите од отворен тип (ако така вели Статутот) имаат екслузивни права да купуваат акции на другите акционери во првата понуда. Ситуацијата не е многу поинаква ниту во Чешка и Словенија, да спомнеме само два примера. Всушност, и во германското законодавство има траги на ваквиот став. САД

и Обединетото Кралство во овој случај се исклучоци, а не правило. Дури и денес, постојат ограничувања за слободниот трансфер на акции по првата и втората јавна понуда.

*Груевски:* Да, исклучоците се токму во најразвиените пазари на капитал (!!!), а во другите (Германија, Словенија...) ни одблиску ја нема "македонската слика". Втор многу голем проблем за внесување странски капитал и располагање со него е во тоа што постоечкиот Закон за девизно работење (Сл. весник на РМ бр. 30/93) не се предвидува конкретно можност за внесување девизни средства во Р. Македонија заради купување хартии од вредност.

Имено, во член 90, став 3 од гореспомнатиот Закон се предвидува дека домашно лице може врз основа на влог на странски вложувач на девизи, девизите да ги држи на девизна сметка кај овластена банка за работа со странство ако со таа банка претходно склучи договор за држење девизи на девизна сметка, или само до моментот на користењето на девизите за утврдените намени во договорот за вложување.

Во времето кога се донел овој закон (1993 година), во Македонија немаше берза, а откако е основана и откако е донесен закон со кој секое тргување со хартиите од вредност мора да помине преку берзата (член 186 од Закон за издавање и тргување со хартии од вредност) никој во Македонија не нашол за потребно (или можеби не сакал да најде) да изврши измени на овој закон, кој што патем речено има многу други недостатоци.

Многу нелогични ситуации во врска со странскиот капитал, односно факти што говорат спротивно од декларирањето на Македонија дека има голема потреба и голема желба да привлече странски капитал, ќе најдете и во делот за купување хартии од вредност со т.н. "замрзнати

штедни влогови". Оваа проблематика е регулирана со "Упатство за начинот и постапката за користење на депонираните девизни влогови на граѓаните за купување на акции и удели од претпријатијата со општествен капитал" (Сл. весник на РМ бр. 7/95).

Со ова упатство отстапувањето на депонираните девизни влогови на граѓаните за купување акции и удели од претпријатијата во трансформација се врши само на домашни или странски физички лица што купуваат акции или удели од тие претпријатија. Бидејќи сериозните странски инвеститори по правило се правни лица (макар што е можен исклучок), ова Упатство во практиката значеше дека инсајдерите во претпријатијата, т.е. менаџерски тим, кој го презема управувањето, може со 35-40 отсто дисконт да купи т.н. "заробени девизи" и со нив купува акционерски друштва во Македонија согласно со Закон. Ако некоја странска компанија сака да купи иста компанија преку Агенцијата за приватизација ќе мора да плати во кеш без дисконт. Странските компании со ова се обесправени за цели 40 отсто од цената што треба да ја платат за неприватизираното општествено македонско претпријатие за кое Агенцијата за приватизација и Владата на Македонија велат дека радо би го продале на странски инвеститор, но таков нема.

*Вакнин:* Нема никаква потреба да си ја бранам репутацијата на жесток критичар на начинот на изведување на приватизацијата. Само сакам работите повторно да ги поставам во перспектива. Исти трикови беа применувани од речиси сите номенклатури во поранешниот социјалистички блок. Националното богатство беше ограбено не само во Македонија. Рестрикциите во девизното работење што се однесува на купување и продавање акции во Израел беа во сила сè до почетокот на деведесеттите, а во САД во некоја форма постоеја се до 1971 година. Не треба да бидете

толку груби спрема себе. Непотизмот, корупцијата, правната глупавост се општочовечки особини и не се локализирани само во Македонија. Така е секаде на земјината топка каде што живеат луѓе. Според мене, сега проблемот не е: каде згрешивме - сега работите не можат да се вратат во спротивна насока. Секое враќање денес би ја оштетило Македонија многу повеќе од секаков статус кво. Нас треба да нè интересира иднината. Големите го изедоа ручекот, ајде ние да уживаме во трошките. Нема резон дома да си одиме гладни.

*Груевски:* Се чини дека и трошките се несигурни...

*Вакнин:* Токму затоа ми се допаѓаат Вашите практични забелешки: елиминација на деловите од законите што ги прават странските инвестиции ограничувачки и опасни. Да се надеваме дека иницијативата - што очигледно постоеше - да ги држиме во книгите замира.

*Груевски:* Домашните правни лица намерно не ги спомнавме бидејќи во Македонија најголем дел од продажбата (приватизацијата) на општествените претпријатија се врши на домашни физички лица (менаџерски тимови и вработени).

Берзата во Скопје е сè помалку транспарентна. Извештаите од тргувањата може одвреме-навреме да ги сретнете само во еден македонски дневен весник. Домашните инвеститори можат да се информираат за работењето на берзата само ако им се јавуваат по телефон на брокерите и веројатно берзата. Тоа не е проблем на весниците, туку на берзата. Странските инвеститори можат збиднувањата да ги следат на Телерејт и поретко на Ројтерс (без информација за цените на акциите што можат да се купуваат со заробени девизи) и немањето индекс на берзата ги обесхрабрува.

Постојат и други можности за менување некои постојни системи во Македонија: менување на концептот на берзата, односно воведување компјутерско (електронско) тргување и/или нови членки на берзата од типот на дилери, маклери или специјалисти што во секој момент ќе нудат цени за купување и продавање. (Закон за издавање и тргување со хартии од вредност). Ова ќе ја поправи ликвидноста на берзата и ќе дозволи создавање каков-таков вид индекс (подобро отколку никаков). Ова е предмет што треба посебно да се образложи. Измената на берзанскиот модел ќе даде поефикасни резултати ако е проследена со законските измени за кои станува збор во овој напис.

*Вакнин:* Македонската берза навистина заслужува посебен третман. Но, се плашам дека промените што се само технички или технолошки по природа нема да бидат доволни за нејзино заживување. Индексот е важен кога има ликвидност. Ликвидност има кога се понудени акции. Акциите се понудуваат кога компаниите сметаат дека ќе имаат корист од тоа што ќе бидат котирани. Но во Македонија нема компании, има само менаџери. Тие немаат желба да воведат нови акционери во нивните малечки царства. Акционерите поставуваат прашања, кои понекогаш се многу непријатни. Затоа на берзата се котирани само малку компании. Слабата понуда предизвика уште послаба побарувачка, се појави неликвидност и пазарот замре. Владата беше таа што требаше да го врати во живот овој витален инструмент. Таа можеше да приватизира преку неа, да позајмува преку неа и можеше да присили цела нова класа акционери да тргуваат преку берзата. Но не се случи ништо од тој вид. Не постоеше политичка волја за успех на берзата. Немаше кампањи за масовна едукација, немаше што да се понуди, само премногу параноја и непријателство.

*Груевски:* Дека впечатокот за најблаго речено нејасната стратешка цел на македонското законодавство во однос на странските инвестиции е неслучаен, зборува и содржината на делови во даночните закони.

Според многу домашни и странски правни и економски толкувачи на оваа група на закони, даночните закони во Македонија, кои се однесуваат на одаочувањето на капиталот, особено странскиот, се така напишани како да се сакало да бидат неразбирливи. Неразбирливи би значело и двосмислени. Значи, да може да се протолкуваат "и вака и онака", како што некому би му одговарало во одреден момент. Во еден дел од законот пишува дека во Република Македонија секое физичко и правно лице, било да е резидент или нерезидент, е обврзник на данокот од доход односно добивката што ќе ја оствари на територијата на земјава, а на друго место (член 33 од Законот за данокот од добивка) пишува дека во првите 3 години под одредени услови добивката што му припаѓа на странско лице по основа на вложените средства е ослободена од данок.

Нејасноста за можноста за егзистирање на тајни службени весници како остаток од комунистичкиот период уште повеќе ја зголемува забуната.

Репатријацијата на добивката е проследена со 10 отсто данок на државата (член 33 од Законот за данок на добивка) а со член 26 од тој закон се дестимулираат потенцијалните инвеститори што би сакале да инвестираат во шпекулативни зделки (краткорочно купување и продавање со заработка) што во сегашни услови на тотално неликвиден пазар на капитал престанува класичен мазохизам.

Така, според овој член, капиталната добивка остварена од продажба на акции и обврзници (и капиталните добивки остварено од продажба на опрема и недвижности),

кои обврзникот ги држел во својот портфељ помалку од 12 месеци, во целост се вклучуваат во даночната основа, додека долгорочните капитални добивки остварени од продажба на акции и обврзници, кои даночниот обврзник ги држел во својот портфељ 12 месеци или подолго, влегуваат во даночна основа во висина од 50 отсто од разликата на продажната и куповната цена.

За да се размислува и да се дејствува долгорочно на еден инвеститор му е потребна сигурност, нешто што странските инвеститори не го гледаат во Македонија (сè уште). Без нивниот ризичен капитал ќе има многу малку или никаква ликвидност на берзата. Ниту еден бизнисмен нема ништо против брза заработувачка. Единствената разлика помеѓу инвеститорот и шпекулантот е колку долго се задржуваат на една стока. Позната е шегата дека инвеститорот е шпекулант што не успеал во својата шпекулација.

Постојат слични вакви одредби во законите на други држави. Така, на пример, во Германија постои ваков рок до 6 месеци наместо 1 година, колку што е во Македонија, но не само што рокот е двојно пократок, туку е неизбежен фактот дека Германија ни оддалеку во светот не важи за така ризична држава како Македонија.

Шпекулантите се од суштинско значење за пазарите каде што е присутно високо ниво на несигурност и за економиите во транзиција. Тие се од големо значење во оваа фаза на економскиот циклус во Македонија. Во овие околности, кога е тешко да се привлечат долгорочни инвеститори, шпекулантите би биле добра временска замена, а македонскиот даночен закон не би требало да го попречува тоа.

*Вакнин:* Шпекулантите имаат две важни улоги. Прво, тие обезбедуваат ликвидност за неликвидните пазари. Тие се како банкари за висок ризик. Тие го неутрализираат јазот

помеѓу конвенционалното финансирање (главно долговите) и долгорочното финансирање (хартии од вредност и мултилатерално позајмување). Уште повеќе, тие помагаат пазарите да формираат ценовен механизам. Со други зборови шпекулантите ги фиксираат цените земајќи ја предвид целата информација, и таа што е јавно достапна. Цените што се фиксирани од шпекулантите содржат важни информации: предупредување од компаниите, возбудливи најави, големи кризи - шпекулантите го знаат сето тоа и сите тие информации ни ги пренесуваат преку цените со кои тргуваат. Шпекулантите изведуваат и многу важни арбитражни трансакции. Тие ги изедначуваат цените на една стока, суровина или хартии од вредност на два или повеќе пазара купувајќи (по повисока цена) на поефтините пазари или продавајќи (по намалени цени) на поскапите.

Како и да е, искуството со малите берзи (на пример Ванкувер, Тел Авив) нè поучува дека е подобро да се обесхрабри шпекулантството сè додека пазарот е кревок и незрел. Во отсуство на транспарентност, софистицираност, искуство, и над сè, ликвидност, шпекулантството многу брзо се сведува на повлекување на маргините на пазарот, манипулации со акции и инсајдерско тргување. Ова пак доведува до големи крахови, и во крајна мерка, до долги години неликвидност. Затоа јас го поддржувам законот. Мислам дека во ова опкружување тој е оправдан. Не знам за земја во светот што нема слични одредби - што се дискриминација во третманот на капиталните добивки во согласност со времетраењето на периодот на раководење.

*Груевски:* Но Македонија допрва треба да го направи својот пазар атрактивен, што значи или да ги изедначи (на пониско ниво) стапките или да ги укине одаточувањата на капиталните добивки.....

*Вакнин:* Некои земји претпочитуваат воопшто да не ги одаточуваат капиталните добивки - или пак да ги

третираат како редовен приход. Првиот пристап би можел да биде најдобар за Македонија. Израел нема закон за капитални добивки што би се однесувал на акции со кои е тргувано. Тоа помогна берзата во Тел Авив од слаба и обременета од криминал да се претвори во витална, интересна малечка берза.

*Груевски:* Можноста на одредени погодности врз основа на вложен странски капитал е дадена во Законот за цариниte (Сл. весник на РМ бр. 20/93, 1/95, 24/95, 31/95, 63/95, 40/96 и 15/97) и Законот за данок од добивка (Сл. весник на РМ бр. 80/93... 71/96), кои се чини не се доволни во споредба со тие во некои други земји во транзиција.

Членот 33 од Законот за данокот од добивка навидум дава некакви олеснувања, но кога ќе се навлезе подлабоко во нив, ќе се види дека само мал број странски инвеститори (тие што планираат да го задржат капиталот во Македонија повеќе од 6 години) ќе дочека да ги исползува овие олеснувања, затоа што според овој член за трите години на ослободување од данок потребни сè уште најмалку 3 години неизнесување на капиталот од одредената компанија на странскиот инвеститор, за да не мора делот на даночното ослободување да ѝ го враќа на државата. Значи, повторно толку потребните шпекуланти во овој момент се обесхрабрени. На страна тоа што помалите странски компании лесно можат да ја изиграат државата со секои три години основање нова фирма а незатварање на старата уште три (формално егзистирање).

Интересно е што во новите закони (пр. Законот за трговски друштва), кои заменија некои стари (Законот за странски вложувања), нема особени подраматични промени на планот на подобрување на условите за привлекување странски капитал.

Трансферот на влогот и добивката на странско лице регулирани со член 28 од Законот за трговски друштва, став 2 и член 48 од Законот за девизно работење (Сл. весник на РМ бр. 30/93 и 40/96) навидум се во ред, но при нивното практично спроведување се откриени многу недореченост.

Некои земји, како на пример Полска, кои се покажаа доста успешни во промовирањето на акционерството и домашните компании воведоа даночни олеснувања во годините на формирање на нивните берзи, со тоа што ги ослободија од оданочување капиталните добивки остварени при емисии на хартии од вредност преку брокерските друштва. Освен тоа, земјите како Франција и Велика Британија понудија и даночни олеснувања за колективни инвестициони шеми. Целта на Р. Македонија мора да биде во создавање најповолен можен амбиент за привлекување странски капитал. Се разбира тоа треба да се постигне на начин што нема да има негативен ефект врз толку потребните буџетски приходи, туку само да придонесе за глобалниот развој на стопанството во земјата.

Всушност, главниот проблем на даночната сфера не претставува малиот степен на ослободување од данок на странските лица, туку големите и бавни бирократски процедури во спроведувањето, нејаснотијата и двосмисленоста на македонските пазари.

Така на пример, на прашањето колку проценти би требало правните лица инвеститори од странство да платат врз основа камата од обврзници, дивиденда и капитална добивка во Македонија, еден македонски експерт шеговито, но за жал реално одговори: "Можеби ќе платат 15 отсто, а можеби и ништо. Многу детали во оваа област не се регулирани, па така и ако не платат ништо веројатно никој нема да ги обвини... освен (после мала задршка) ако некому не му пречат".

Дали е сето тоа случајно направено (од незнаење), или е резултат на нечија осмислена политика во Македонија?

*Вакнин:* Јас лично не сум приврзаник на теории на заговор. Има една шега наречена "Бричот на Ханлон", која вели: "Никогаш не го припишувај на злоба она што може адекватно да се објасни со глупост". Јас сметам дека во случајот на Македонија дојде до шок, кој беше толку енормен што ја парализираше елитата. Размислувањето на кратки патеки е ќерка на несигурноста. Луѓето почнаа да го грабаат тоа што можеа, како да нема да има утре. Легислативата го рефлектираше хаосот што следуваше. Јас во збрката македонски закони не гледам никаква политика - гледам само човечки суштества фрлени во тотално непозната ситуација, застрашувачка и ужасна, со огромен потенцијал и уште поголеми ризици.

*Груевски:* Јас исто така не сум приврзаник на теории на заговор, но не сум приврзаник ни на идејата дека на раководните луѓе во Македонија не им се јасни стандардите на одредени појави, законски дупки, економски теории, искуства од други држави, кои веќе поминале по патот по кој чекори Македонија...

...И покрај одредбата за неограниченост на учеството на странските лица (со Законот за трговските друштва), сепак посредно е предвидено ограничување за трговските друштва што во поголем дел или во целост се сопственост на странско лице да не можат да стекнат мнозинско учество во други друштва.

Во таква состојба на друштвото што стекнало мнозинско учество му се ограничуваат правата кај зависното друштво засновани врз сопственоста на уделот, особено акциите. Бирократската процедура за странскиот капитал според тој закон е премногу комплицирана. Инвестициите на странските лица во новоосновaните или во постоечките

друштва подлежат на одобрување и регистрација кај министерството надлежно за економски односи со странство.

Имено, по барање на странското лице, надлежното министерство издава одобрение за основање на друштвото што е во целост во сопственост на едно или повеќе странски лица, односно во кое тие имаат мнозинско учество (што е во ред), како и за преобразба на друштвото од таков вид, или за стекнување мнозинско учество на странските лица во друштвото (член 27 од ЗТД). Ако во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето надлежното министерство не издаде решение, се смета дека одобрувањето за основање, односно учество не е издадено (?!?). Во случаите кога странското лице не го достигнува или не го надминува мнозинското учество, учеството во новооснованото, односно во постоечкото друштво, само се заведува во регистарот на странски вложувања што се води кај тоа министерство.

Се поставува прашањето: Што ќе се случи со берзанската цена на акциите на една македонска приватна компанија кога цело едно министерство (што значи набргу и целата јавност) ќе дознае дека една одредена странска компанија има намера да откупи мнозински пакет на акции кај нашата компанија (особено ако домашната компанија е целосно приватизирана според принципот на сите вработени). Не заборавајќи дека Македонија е мала држава по население и гласините брзо се шират, ќе се согласиме дека е нормално многуте ситни акционери уште пред странската компанија да добие дозвола од министерството да побараат повисока цена за своите акции, што може да биде сериозна причина странскиот инвеститор да ја преиспита својата намера. Овој метод е прифатлив (во многу поблага форма) кога станува збор за преземање домашна банка или точно одредени правни лица што се од стратешка важност за

државата, но крајно дискутабилно е дали вакви бариери ѝ се потребни на Македонија во сегашните услови.

*Вакнин:* Кога ќе отидам во некој хотел со мојата девојка, која е Македонка, јас плаќам двапати поскапо од неа, и тоа во најдобриот случај. Ми го конфискуваат пасошот и податоците за мене веднаш и сè предаваат на полицијата на специјален формулар. Ова е дискриминација, да не речам ксенофобија. Кога станува збор за сопственоста, домашните и странските лица правно треба еднакво да бидат третирани. При тргувањето со акции, предавањето и купувањето акции од другите акционери што имаат право на глас, правата на капитал - не би требало да има разлики. Назадно е сè уште да се има регистар на странските инвеститори. Нереално е странскиот инвеститор за својата инвестиција да зависи од еден бирократ, кој обично не е квалификуван или образуван да ги раководи овие работи. Овие работи се остаток од идиотизмот на минатото и би требало веднаш и безусловно да се укинат ако Македонија сака да стане почитуван (европски) член на семејството на економските нации. Нема причини за страв. Странските инвеститори не касаат и најголем дел од нив немаат ни рогови. Ваквото размислување е провинциски менталитет од најлош тип.

*Груевски:* Донесувањето закон за инвестициони фондови е еден од предусловите на создавање слободен и ликвиден пазар. Инвестиционите фондови се идеален медиум за штедење преку кој домашните и странските инвеститори ќе можат да вложат пари во Македонија. Со ваквите фондови им се овозможува на потенцијалните инвеститори да го диверсифицираат ризикот, и низ политика на долгорочно инвестирање во голема мера да придонесат за стабилизирање на цените.

Во македонската законска регулатива не постои терминот "отворени фондови", а ниту пак е регулиран статусот на трустовите. Иако со закон можат да се создадат

услови за прописно формирање и регулирање инвестициони фондови, нивното создавање и работење не може да се предизвика со закон, како што не може ни да се обезбеди пазар на кој тие ќе функционираат со самото донесување закон во таа област.

Сегментот во кој Македонија набрзо би можела да привлече странски инвестиции е издавање државни и општински обврзници. Но и тука законодавецот смислил "загатка" за тие што сакаат да издадат обврзници и тие што се заинтересирани да инвестираат пари. Имено, со Законот за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште (Сл. весник на РМ бр. 21/91) законодавецот во членот 5 предвидува: "Земјиштето во градовите и населбите од градски карактер и другите подрачја предвидени за стамбена и друга комплексна изградба за кои е донесен урбанистички план е на републиката".

Ова значи дека општините немаат свој имот земјиште, и ако сакаат да градат објекти со свои и/или позајмени пари (обврзници) тие имаат 3 неповолни алтернативи:

Прво, да уриваат стари објекти на веќе постоечки нивни локации и со менување на урбанистичкиот план да градат нови објекти од парите собрани од обврзниците. Ова е многу долга и комплицирана процедура, а во повеќето случаи невозможна или неизводлива.

Второ, да бараат од Републиката (Владата) да им додели земјиште на кое ќе градат, што е уште покомплицирана и помалку веројатна варијанта за остварување, кога ќе се помисли на бирократијата, политиката и неизградениот концепт за тоа кога, каде и кому државата (не) може да му додели земјиште.

Трето, да не гради, што значи да стагнира, што е најверојатна и најизводлива варијанта, судејќи по разговорите со неколку градоначалници на најголеми општини во

Македонија. Кој добива, а кој губи? По сè се чини сите губат (државата, луѓето, општините, инвеститорите, итн.), а никој не добива.

Аргументите "за" овој закон, кој подоцна е инкорпориран и во неколку други закони, се да не се дозволи преголема моќ на општините, особено кај тие чии лидери се со "сомнителни намери". Но, постојат многу други методи и начини државата да ги контролира општините и нивните челници, отколку да им го одземе целото земјиште. Или дури и да остане вака треба да се воведе систем на побрза процедура кога се во прашање проекти од поголема важност.

*Вакнин:* Само во многу мал број земји поголем дел од земјишната површина е во сопственост на индивидуални лица или на општините. И во земји што се толку различни помеѓу себе, како Кина, Велика Британија и Израел, ситуацијата е многу слична на таа во Македонија. Јас сметам дека не е проблемот во земјиштето, или изградбата или пак во законите. Мислам дека основно прашање е уривањето на довербата. Во САД општинските обврзници што се издаваат се гарантираат со парите што ќе се добијат од даноците или пак со некои идни приходи од специфични проекти. Луѓето си веруваат едни на други, им веруваат на општините што ги издаваат обрзниците, и пред сè, им веруваат на финансиските пазари. Навистина, тука општините не поседуваат земја и едвај добиваат некои приходи од даноците, а тоа не чини. Но ниту еден инвеститор - било странски било домашен - не би ѝ позајмил пари на некоја македонска општина. Тие се лошо раководени, полни со корупција и во нив не може да се има доверба. Би вложиле ли Вие пари во некој проект за изградба иницран од општина, дури и ако се гради на општинско земјиште? Дозволете ми да се посомневам. Пореалистичен пристап би било да се дејствува во партнерство со некоја голема

приватна фирма со добро дефинирани специфични проекти, во кои би биле вклучени и западни советници и ревизија. Тие проекти може да се финансираат со издавање општински обврзници, бидејќи имаат проектиран или дури и гарантиран дотек на финансии. Ваквите идни приходи би требало да одат во еден "тонечки фонд", кој би бил под контрола на западна ревизорска куќа. Правно, целата работа мора да биде одлично проверена и контролирана. Центри за обработка на канализационите води, локалните патишта со патарини, општинските болници, погоните за преработка на водите, или трговски центар - сите овие проекти се можни.

*Груевски:* Запознав многу заинтересирани странски компании спремни да вложат во општински обврзници во Македонија, кога како гарант би се јавила државата, која целиот проект ќе го гарантира со редовните годишни буџетски приходи на општината. Но не сретнав многу СЕРИОЗНО заинтересирани градоначалници што би понудиле комерцијални и атрактивни проекти, и кои се спремни да се нафатат со еден толку голем проект, кој меѓу другото влече со себе многу голема бирократска процедура и упорност. Дури и градоначалниците блиски до Владата и владеачката партија не се нафаќаат на таква сизипова упорност.

Кога кој било сериозен инвеститор има идеја да инвестира свои средства во друга држава, меѓу неговите почетни активности е барање мислење од правно лице - експерт вработен во неговата компанија или ангажирање адвокат, кој и неговата идеја би ја направиле правно можна и профитабилна. Тој адвокат се поврзува со локален адвокат кој му ги доставува сите можни закони во односната земја преведени и обработени со мислење. По заеднички консултации на двата адвоката потенцијалниот инвеститор

ја развива или заборава идејата за инвестирање во одредената држава.

Би било корисно ако македонската влада, покрај специјално назначената личност и специјализираната агенција за промоција на Македонија, ангажира и:

-компании - консултанти барем во Лондон, Њујорк и во Франкфурт, кои покрај паушалниот дел за нивниот ангажман би добиле процент од секоја реализирана зделка. Покрај користењето на услугите на Правниот и на Економскиот факултет во Скопје, Владата би требало да ангажира и независни финансиски консултанти од Македонија и од странство.

-Амбасадите на Македонија во големите финансиски центри, покрај постоечкиот персонал, би требало да бидат засилени со лица што со експертска помош од економистите, поврзани со проектот, ќе се грижат за поквалитетно претставување на Македонија.

*Вакнин:* Искрено ги поддржувам двете препораки. Не поради тоа што сум странски консултант што живее во Македонија. Јас ѝ ги давам моите услуги на Владата (кога таа ќе ги побара), моите предавања и написи се бесплатни. Сметам дека Македонија треба да добие инструкции како да се рекламира себе: таа сега го прави тоа толку лошо што не може да биде полошо. И што е уште полошо, се чини дека Македонците не веруваат во својата земја. Тие постојано ми велат колку сиромашна и умртвена е нивната земја и колку многу би сакале да заминат во позелените западни пасишта. Секогаш кога изразувам оптимизам тие ме стивнуваат или дури ме обвинуваат за некаков таен политички договор. Понекогаш ми изгледаат како нација на песимисти што со мазохистичко задоволство чекаат да се случи најлошото. Тоа не е начин за промовирање на една земја. Да ги оставите другите да ја вршат работата за вас

додека не ви се подобри расположението. Согласете се да ве учат, само навистина мудрите знаат дека не знаат.

*Груевски:* Агенцијата за промоција на Македонија, која беше основана неодамна, не смее да ја трансформира својата промотивна и маркетиншка улога во некаков посредник, што дополнително би ја бирократизирало оваа сфера.

Впечаток е дека надворешните проблеми би можело да се решат многу побрзо од внатрешните, поради, како што изјави еден висок македонски финансиски експерт и политичар, "непријателскиот однос на домашните менаџери на компаниите спрема странскиот капитал" што помалку или повеќе е генератор на сите други проблеми во Македонија поврзани со привлекувањето странски инвестиции. Таа ситуација порано или подоцна ќе се промени, меѓутоа условите и амбиентот повеќе нема да бидат исти. Поволните услови за странски инвестиции, како и сè друго, имаат свој тајминг.

Заостанувањето во техничко-технолошкиот развој и огромниот недостиг од капитал во Македонија мошне бргу ќе доведат до таканаречената терцијална приватизација. Повеќето луѓе што денес ги генерираат негативните состојби во Македонија ќе бидат доведени во ситуација панично да ги продаваат веќе приватизираните компании, сфаќајќи дека дури и ниската цена по која успеале да ја купат фирмата станала превисока поради стагнацијата во развојот. Нема да се осмелиме да говориме за проценките на штетата што ќе му биде нанесена на македонското стопанство. Останува да се види до која мера сегашната долгорочна стагнација во развојот ќе ги направи македонските производи помалку конкурентни и колку ќе влијае врз (не) вработеноста. Отсуството на странските инвестиции

индиректно влијае врз буџетот и трговскиот биланс на Македонија.

*Вакнин*: Веќе една година предупредувам на претстојната присилна приватизација. Загубени се години. Секоја конкурентност што Македонија можеше да ја има сега е целосно еродирана. Конкурентите ги загубија светските пазари. Земјата го загуби богатството што можеше да го генерира преку уредната продажба на приватизираните фирми. Сега, најголем дел од тие фирми, со сè уште лошо управување, недоволни финансии, без извозни пазари, нови идеи, нова технологија и нов менаџмент, ќе пропаднат. Невработеноста ќе се зголеми. Странските инвеститори ќе дојдат (ако разберат што се случува!) и ефтино ќе ги купат парчињата. Процесот веќе почна - агрокомбинатите се понудени на продажба од страна на двете агенции (за приватизација и за санација на банките).

*Груевски:* Постои изрека што вели: "Можете некому со сила да му одземете нешто, но не и да му дадете...". Ако Македонија сака да биде успешна во привлекувањето странски инвестиции, таа треба да демонстрира дека има инвестициски можности. Тоа може да се постигне со постојано патување во странство на член на Владата, и со соработка со претставниците на индустријата и на трговијата. Промовирањето на Македонија преку специјализираните бизнис и финансиски списанија во светот мора да се прави почесто. Не треба да се исклучи ни рекламирањето во друг вид списанија (списанијата на најпознатите авиокомпании, на пример).

Трета многу важна компонента во привлекувањето на странскиот капитал, покрај промоцијата на Македонија и законската регулатива, е отворањето филијали во Македонија на странска западна меганационална банка. Сето тоа поради најмалку четири причини:

1.Намалување на ризикот за трансфер на парите на странските инвеститори,

2.Создавање конкуренција помеѓу домашните банки, што на среден и долг рок ќе резултира со поздрав и порезистентен банкарски систем,

3.Можност за директно странско кредитирање на стопанството и на населението и

4.Постепено враќање на довербата на штедачите спрема банките.

Штедачите веројатно во почетокот своите заштеди чувани во домовите ќе ги орочат, иако за многу помала камата во филијалите на странските банки, но на подолг рок, конкуренцијата ќе ги зајакне македонските банки што давајќи малку поповолни услови (бидејќи сепак ризикот уште многу долго ќе биде поголем во македонските банки) ќе почнат да ја враќаат довербата кај населението во Македонија. Тоа би било најефикасниот и најбрзиот начин за менување на штедачката култура во Македонија и сузбивање на стравот од банките. Би било пожелно да се отворат барем две филијали од ваков тип банки, за да се создаде конкуренција и помеѓу нив самите на овој пазар, што е особено важно за почетокот. Дури и најголемите македонски банки за големите инвестициони куќи од Запад се:

1.Целосно непознати (никогаш не чуле за нив, и може да го најдат нивното име само ако го отворат регистарот на банки)

2.Високо ризични и слаби перформанси

3.Банки со ниска капитализација, иста или пониска од висината на трансферот што би бил направен при евентуално нивно инвестирање во Македонија на износ од 50 или 100 милиони ГМ.

Позитивен тренд е што во една македонска банка влезе странски западен капитал, иако не од класична

комерцијална банка (ЕБОР е втор по големина акционер во Комерцијална Банка Скопје), и дека друга(Стопанска Банка Скопје) наскоро ќе биде купена од западни банки и институции, но тоа е сè уште далеку од доволно. Големите брокерски куќи не прашуваат за тоа, туку прашуваат кои познати банки (City Bank, Deutsche Bank, ABN-AMRO...) имаат филијала во Македонија, и се изненадени што во Македонија не е како во речиси сите земји во транзиција каде што има по неколку такви филијали на разни западни банки, што веќе го презентиравме како поширока информација во почетокот од овој дијалог. (Пр. Во Бугарија има седум филијали на западни банки и девет мешовити банки).

Во Македонија не само што досега имаше објективни фактори што ги дестимулираа банките да отвораат филијали во Македонија (голема нестабилност во регион на војна, затворени граници, мал пазар и сл.), туку постојат сознанија дека преговарачите од македонска страна во првите 5-6 години од осамостојувањето на Македонија им поставувале посебни услови на заинтересираните западни банки: не дозволувале тие да прибираат штедни влогови, за целата популација да не ги пренесе своите пари од македонските во странска банка, не дозволувале странските филијали да вршат девизни трансфери и слично, што покрај веќе постоечката обврска за ограничени пласмани во кредитирањето е повеќе од нереално барање. Во тој случај се поставува прашањето во услови на вакви субјективни рестрикции и објективни претходно спомнати проблеми, што всушност би работеле тие банки во Македонија? Моето мислење е дека не само што треба на филијалите на странските банки целосно да им се овозможат еднакви услови на работење, туку би требало да добијат и екстра привилегии од државата: слободна локација, изземање од лимитираното кредитирање, поголеми привремени даночни

привилегии, временски приоритет при реализирање на судските постапки кои таквата банка ги води во Македонија до моментот на средувањето на законската регулатива во оваа област и слично. Таквите отстапки би донеле повеќекратна корист на младата македонска држава барем на среден и долг рок. Некои од домашните банки нема да можат да ја издржат таа конкуренција и ќе се спојат или припојат кон други банки или пак ќе престанат да работат. Метастазираниот дел од македонското банкарство ќе се отсече, здравиот ќе стане уште поздрав и посилен. Ризикот на странците за трансфер на парите (на краток и на долг рок) и ризикот од работењето со нашите банки ( на среден и на долг рок) како за странските, така и за домашните инвеститори и штедачи, ќе се намали. Домашните банки ќе ги применат методите на работа на западните развиени банки, а тоа ќе влијае и врз домашната економија (на среден и долг рок). Патем, несомнено е дека законот што ја регулира наплатата на кредитните побарувања на банките треба итно да биде пресликан од англосаксонското право, бидејќи состојбите на ова поле сериозно би ги довеле во прашање позитивните импликации од гореспоменатите предлози. Претставници на една германска банка неодамна на прашањето дали би ѝ дале кредитна линија на една македонска банка одговорија: Ако ВИЕ се плашите да им давате кредити на компаниите во ВАШАТА држава, се прашуваме зошто ние, како странци, би ги пласирале средствата на овие простори. Ако ВИЕ не можете да ги наплатите хипотекарните побарувања од должниците, што ние би можеле повеќе да сториме како странци.

Според тоа, привлекување најмалку две филијали на познати западни банки во Македонија не само што ќе биде голем поен пред потенцијалните странски инвеститори, туку и без тоа на домашен план ќе следува побрзо и поефикасно

оздравување на банкарскиот систем што ќе има силни позитивни импликации во стопанството, а добивањето кредит нема да претставува привилегија или резултат на лични интереси, роднински врски и пријателства, туку резултат на квалитетен проект. Тоа значи дека ВО ПОЧЕТОКОТ многу малку субјекти ќе добиваат кредити од странските банки (таков е случајот во Бугарија). Но по неколку години сè ќе почне да се менува. Покрај тоа, банките ќе го прошират и модернизираат обемот и квалитетот на своето работење и ќе добијат облик на вистински банки - посигурни и порезистентни.

*Вакнин:* Немам многу што да додадам на вашата одлична анализа. Само би сакал да ја нагласам важноста на постоењето на здрав банкарски систем за функционирањето на напредниот пазар на капитал. На Запад овие два субјекта се или комплементни или се соперничат. Од една страна, берзите презедоа голем дел од бизнисот на банките. Од друга, банките имаат пристап до берзите за да дојдат до капитал за своето функционирање. Многупати се присилени да соработуваат. Хипотеките за индивидуалните клиенти сè уште ги обезбедуваат банките. Но парите доаѓаат од осигурувањето на хипотеките: продавање преку берзите на пакет хипотеки на инвеститорите. Така, кристализирањето на жив, иновативен, ориентиран кон клиентите, соодветен банкарски сектор, веројатно многу ќе помогне за создавање еднакво бујна берза.

Многу е нејасно, кога зборувате за "банка", како да се сите униформни. Не се. Има големи разлики помеѓу нормалните банки што работат со индивидуални клиенти и инвестициони банки или комерцијални банки. Поради рестриктивниот закон Gles-Stigal има големи разлики помеѓу американските и континенталните (сенаменски) банки. Македонија во почетокот треба да се отвори кон нормалните

банки и инвестиционите банки. Треба да биде усвоена адекватна легислатива. Треба да се обезбеди вистинската инфраструктура. Не треба повторно да се спомнува дека странските банки не смеат да бидат дискриминирани. Можеби добро би било да се почне со условите за висина на капиталот. Филијала на странска банка мора да има капитал од 21 милиони американски долари,. Ова е огромна сума, што не е оправдана, ако се земе предвид големината на територијата и потенцијалот за бизнис. За локалните банки се бараат само 9 милиони. Гледајќи вака заклучокот би бил...

Прво, една филијала на Chase Manhattan е понесигурна од новооснованата македонска банка (затоа и поголемата висина на капиталот). И второ, Македонија е поинтересен и попрофитабилен пазар отколку Израел (во Израел за да отворите банка ви се потребни помалку пари).

*Груевски:* Тука би требало да се додаде и Одлуката на НБРМ за зголемување на цензусот на банките, која гласи во германски марки а не во денари. За странците тоа значи вложување на 21 милион ГМ, а по една година ако има девалвација (депресијација) од, во најдобар случај, 15% (за што во Македонија редовно има услови поради високиот трговски дефицит), тоа би значело ЧИСТА ЗАГУБА на 3,15 милиони ГМ. Девизните клаузули на дадените кредити само делумно би ја ублажиле таа загуба, а потребата за нова инвестиција во ист износ останува. Колкава ли добивка тие мораат да имаат за да редовно го оправдуваат нивното работење на овие простори.

Колку што државата со закон ќе ја забрза наплатата на побарувањата на банките по основа на дадени кредити, толку странската банка, (а по нив и домашните) ќе настапи со пониски каматни стапки и ќе го оживее станбеното кредитирање како дел од долгорочното кредитирање на принципот "morgic" (хипотека) одамна откриен и развиен

во западните држави. Во такви новосоздадени услови каматната стапка на домашниот пазар ќе биде на ниво помеѓу сегашните стапки во Македонија и каматните стапки што банките ги даваат во западните држави. Со сето тоа ќе се елиминираат двата најглавни проблема, кои ги генерираат високите каматни стапки:

1.Ризикот на капиталот

2.Понудата на капиталот

Менувањето на свеста на кредитобарачите и зголемување на квалитетот на проектите за кои се бара кредит ќе следува многу брзо по реализација на горе изложеното. Само така на долг рок Македонија може да ја добие сликата од западните држави, каде што наместо луѓето и компаниите да се натпреваруваат кој ќе успее да земе кредит, банките меѓусебно ќе се натпреваруваат и рекламираат која од нив дава и ќе дава подобри услови за кредит. Со тоа банките ќе почнат да размислуваат и за проширувањето на бизнисот, како што е инвестиционото банкарство и др. Во светот денес банките најголемите профити ги прават во трговијата со хартии од вредност и нивните деривативи, на глобалниот пазар на ефекти. Со прилив на странскиот капитал (како и со други мерки) би можеле да се создадат услови да заживее трговијата на ефектната берза во Скопје. Во исто време и домашниот капитал наоѓајќи го својот директен интерес за остварување профит би можел да земе свое учество, вложувајќи во портфолио-хартии од вредност.

*Вакнин:* Сегашните каматни стапки во Македонија го рефлектираат не само балансот помеѓу сиромашниот дотек на пари и многу поголемата побарувачка. Тие го рефлектират и фактот дека затезната камата е веројатно поголема од 50 отсто. Ќе повторам: половина од кредитите и заемите не се враќаат (дури ни каматите) навреме.

Вистинско чудо е како каматите што се наплаќаат се толку НИСКИ - а не дека се ВИСОКИ. Во рамките на општото непочитување за договорите и обврските се смета нормално да не се враќаат заемите. Луѓето претпочитуваат да фантазираат наместо да се соочат со реалноста и тоа се гледа по мизерниот квалитет на проектите за кои се бараат пари. Дури и концептот на гаранциите е искривоколчен. Банката не може да се надева на прецизен дотек на пари од должникот затоа што решеноста да се плаќа е многу малечка. Должникот може да биде исплатен од СВОИТЕ должници - но и не мора. Така заемодавачот мора како единствена гаранција во случај на проблеми да ги прифати единствено недвижностите. Го делам вашиот оптимизам за она што ќе се случи во Македонија кога ќе се отворат филијали на странски банки - но сметам дека процесот ќе биде многу подолг, или воопшто нема да се случи ако Владата не ја промени својата погрешна монетарна политика. Сега е во сила многу рестриктивна монетарна политика, со што доаѓа до спласнување на економијата. Во отсуство на вистинска ликвидност, на пример, ќе се јави пазар без станбено кредитирање. Купувачите нема да бидат во состојба да ги платат пазарните цени на становите. Во Израел тука на сцена дојде Владата, која обезбеди потенцијални купувачи со субвенционирани заеми. Тука Владата е премногу сиромашна да го стори и тоа. Ако ме прашување мене, главен проблем е редуцираниот прилив на пари. Економското тело е изгладнето до смрт. Во овие услови е смешно да се зборува за инвестиционо банкарство. Инвестициите во хартија од вредност зависат најмногу од идните дотеци на приход и дивиденди, кои се во попуст. Ова нема да биде можно сè додека централната банка драматично не ја смени својата политика.

*Груевски:* Во овој контекст многу е важно да се спречи политизацијата во банкарството. Некои лекции од

азиските тигри и источноевропските земји мора и во Македонија да бидат научени. Банките мора да бидат аполитични и да позајмуваат пари само за комерцијални цели, а не од политички причини. Неодамнешниот колапс на ЈРБ, голема словачка банка што се користеше за потпирање болни компании, е класичен случај. Јужна Кореја беше инспирација за многу источноевропски компании што вршеа диверсификација во многу разновидниии зони. Ако ги прашате руските банки како Унеџим, зошто тие ја презедоа контролата над клучните индустриски сегменти, тие секако ќе се повикаат на Кореја. Но, сега, кога азиското огледало експлодира, Корејците, кои имаат политизиран банкарски систем не се погодни како пример. Само една држава во регионот се чини ја научи оваа лекција: Унгарија, чии банки се денес најмногу во странски раце и чии компании мораат да им поднесат сметка на нив ако сакаат пари за инвестирање. Тоа се наградува со обновен пораст и зголемување на продуктивноста.

Романија го има проблемот на помешаноста на политиката и финансиите, и се чини дека реформите во оваа држава беа блокирани бидејќи експремиерот не се охрабри да ги влоши неговите старопријателски врски во бизнисот и финансиите. Сличен беше и чешкиот неуспех во реструктирање на нивната индустрија поради мрежата на старите пријателства што ги поврзуваат банките, фондовите и менаџерите на компаниите.

Но азискиот колапс покажа една чиста вистина: бизнисмените и политичарите можат да ги дофатат своите лошо проценети соништа, но кога износите ќе престанат да се собираат, се случува колапсот.

*Вакнин:* подобро е да се генерализира и да се каже дека Владата треба да обезбеди услови за функционирање

на приватниот сектор. Таа треба да ги поправи грешките на пазарот, да се погрижи за социјалните проблеми и да осигури конкурентна атмосфера. Грешки на пазарот се ситуации кога приватниот сектор нема економски поттик да дејствува. Обезбедувањето на заштита, превенцијата од криминалот, трансфер на социјалната помош и здравствена за сиромашните се често цитирани примери. Владата мора да обезбеди конкурентна атмосфера со борба против монополите, отворање на пазарот за странска и домашна конкуренција, либерализација на режимите за размена и плаќање со странство (постепено и внимателно и по воспоставување реалистичен менувачки курс). Тоа исто така значи и силна дерегулација и скратување на бирократските процедури. Така, нема потреба да се издвојува специфичен сектор. Владата дефинитивно треба да се повлече од банкарскиот сектор продавајќи го на странци, или пак одвикнувајќи се од тоа политички да диктира на кого треба да се позајмува и колку. Политичарите се неспособни правилно да раководат со бизнисот, не се стручни да се соочат со суровата реалност на пазарот. Во идеалниот свет политичарите треба да се занимаваат со политика, а бизнисмените со бизнис. Бидејќи ова не е идеален свет двете се мешаат, но ова треба да биде минимизирано дури и со закон. Ако биде инаку, бизнисмените ќе се ангажираат со лобирање и со политички сплетки - а не со максимизација на профитот.

*Груевски:* Јасно е дека во наредните неколку години ќе дојде до технолошка револуција во банкарството во светот (посебно во најголемите банки). Процесот на глобализација нема да ги прескокне банките. Таа технолошка револуција ќе биде на располагање само на најголемите банки со највисока капитализација, најголеми профити, и висококвалитетен персонал и менаџери. Инвестициите во технологија и обука на персоналот ќе бидат

со слични размери. Така, банкарската сцена ќе го види пристигањето на т.н. "глобални играчи". Правниот лимит за македонските банки (можно е да се инвестираат само 25 отсто во фиксирани инвестиции) ќе претставува голем проблем. Овие лимити се многу напорни. Тие би биле можни кај банки со голема капитализација, но за македонските банки, очигледно ќе бидат проблем. Горниот лимит треба да биде 50 отсто.

*Вакнин:* Како што знаете, банките се интегрираат со голем жар. Само во март 1998 година имаше финансиски интеграции со вредност поголема од 200 милијарди долари (вклучувајќи ја и Citigroup интеграцијата на Citibank и Travelers' Group). Има непорекливи економски и конкурентни предности во тоа да бидеш голем денес. За да се справите со глобалниот свет, со глобалните, дваесет и четиричасовни пазари, со преземање и интеграција се создаваат глобални банки, кои функционираат 24 часа. Тој тренд е евидентен и во производството и во телекомуникациите. Токму затоа е зачудувачки и многу загрижува тоа што Македонија е изземена од ова прераспоредување. Се чини како утрешните џинови да не ја сметаат за витален член на утрешните глобални мрежи. Не смееме да го заборавиме ниту Интернет. Кога конечно ќе се пронајде задоволувачко решение за проблемот на тајноста на податоците во јавната компјутерска мрежа, таа ќе стане сериозен предизвикувач на етаблираните, старомодни банки и финансиски куќи. На неа веќе успешно се нудат акции и многу off-shore банки имаат отворено "виртуелни експозитури". Сонот за добивање "home banking" банкарски услуги дома набргу ќе се оствари. Македонските банки мора да се интегрираат во меѓународните банкарски алијанси - инаку ниту една од нив нема да преживее. Дури ако сиот капитал се инвестира во технологија, тешко дека тоа ќе биде доволно. Клиентите

веќе се жалат дека не ги добиваат минималните услуги кои што ги бараат. Така, технологијата сама по себе не е доволна. Се бара обука. Персоналот мора да го познава западното банкарство. Во Скопје егзистира Македонски банкарски оперативен центар, и слушнав дека мора да ги моли банките да ги прифатат неговите (во најголем дел бесплатни) услуги. Тој обезбедува и обука и совети за сите банкарски работи. Банките би требало добро да го искористат тоа додека сè уште е можно.

*Груевски:* Макроекономската политика во Македонија е релативно прифатлива од аспект на странските инвеститори. Според неодамнешниот извештај на Merrill Lynch, стабилноста во Македонија ќе се покаже одржлива единствено ако реалната економија почне да се санира. Засега ова не се случува, судејќи по слабиот раст и стагнирачките приходи од извоз.

Од друга страна, ако се тргне од формулацијата дека внатрешната економска стабилност на една земја значи:

1.Стабилност на цените во националната економија и

2.Полна вработеност (во релативната смисла на зборот), а надворешната стабилност значи:

1.Стабилен курс на домашната валута

2.Рамнотежа на платниот биланс

Јасно е дека сегашната стабилност е под сериозен притисок. Реална висина на курсот е курс што одржува рамнотежа во платниот биланс (динамички), но без девизна контрола, без инфлација и дефлација и без користење на девизните резерви. Како и да е, и покрај неколкуте недостатоци, од аспект на странските инвеститори, макроекономската ситуација е задоволувачка, земајќи предвид дека станува збор за земја во транзиција.

Ниската стапка на инфлација е поен плус за влез на странскиот капитал во Македонија, но мора да се спомне

дека ако се решат другите проблеми, странските инвеститори се спремни да инвестираат дури и во случај на повисока стапка на инфлација. Доказ за ова е што речиси сите други источноевропски земји имаат повисока стапка на инфлација, и сепак, многу повеќе странски инвестиции. Инфлационата стапка од 20 отсто годишно не е сериозна пречка за странските инвестиции, но ако сите други спомнати проблеми се подобрени.

*Вакнин:* По мое мислење макроекономскиот успех - а ова е вистина успех - беше купен по многу висока цена. Во минатото цената мораше да биде платена, но денес погрешно и опасно е сè уште да се војува последната војна, а не онаа актуелната. Дотекот на пари беше нагло прекинат, менувачкиот курс беше вештачки одржуван на високо ниво, ликвидноста беше потисната. Sверот на хиперинфлацијата беше припитомен и ова е навистина капитално постигнување. Но сега ризикот од инфлација е мал. Нема прикриена побарувачка за стоки и услуги, што може да се преведе во инфлација. Напротив, чинам дека Македонија е во грчевите на дефлациониот циклус. Така, сега Централната банка може да си дозволи малку да ги попушти уздите. Менувачкиот курс треба да се адаптира (мора да следува девалвација од 20 до 30 отсто). Мора да се дозволи да расте буџетскиот дефицит (и вишокот пари мора умно да бидат искористени, за да се поттикне економската активност), дотекот на пари мора да се зголеми, мора да има можност за земање кредити од банките. Инфлационата цел од 10 до 15 отсто не е деструктивна за економијата во транзиција и во растеж. Ако не се усвојат тие мерки, економската слика може да се влоши: ќе се добие растечки дефицит во трговскиот и тековниот биланс, паничен колапс на валутата, осиромашување на девизните резерви на земјата (кои и така

се доволни за само два месеца регуларен увоз) и голема финансиска криза, која ќе доведе до рецесија.

*Груевски:* Додека во Македонија некои компании беа преокупирани со експлоатација на невообичаените можности од членот 290 од Законот за трговски друштва и стекнување 51% акции од страна на менаџментот, нивните конкуренти од другите екс-југословенски републики со голема брзина одат напред.

На пример, српските фабрики за производство на лекови сè повеќе произведуваат нови лекови, кои ги извезуваа од Македонија, со што го затвораат српскиот пазар за македонските извозници, а почнаа да навлегуваат и во македонскиот. Хрватската "Плива", во која влезе многу странски капитал (само "Nomura" во 1996, вложи околу 92 милиона ГМ) откупи една полупропадната фабрика за лекови и ветеринарна храна во Полска, по многу висока цена. Така не само што на мала врата ќе влезе на полскиот 35-милионскиот пазар, туку поради тоа што полската фабрика долго време има извоз и врски во Русија, "Плива" ќе влезе и во 150-милионскиот пазар на Руската Федерација, во која сега и македонските производители пласираат голем дел од извозот. По тој deal, германската корпорација BASF ѝ понуди на "Плива" повисока сума за да ја откупи полската полупропадната фабрика. "Плива" не прифати, но тоа беше дополнителна валоризација на нејзината зделка. Пазарната капитализација на "Плива" пред да биде внесена на лондонската берза беше 500 милиони, а за кратко време го достигна износот од 2 милијарди. Во февруари 1998 "Плива" според весникот "Financial Times", според капитализацијата беше на 466 место меѓу компаниите во Европа.

Словенечката "Крка" гради нова фабрика во Полска. Многу западни компании посредно (купувајќи руски

фабрики) или непосредно (градејќи нови) влегуваат во Русија и го освојуваат пазарот, па македонските извозници губејќи го времето во искористување на член 290 од ЗТД изгубија големи можности за странски инвестиции, од една страна, а од друга добиваат сериозна конкуренција на источните пазари.

Пред две години два чешки института за истражување подготвија специјална студија за странските инвестиции и стопанството на земјата, и дојдоа до заклучок дека чешките компании без странски капитал остваруваат само 64% од продуктивноста на трудот на тие со странски капитал. Во одделни индустриски гранки (текстилната, дрвната , печатарството, за стакло и керамика) продуктивноста е само 50% или помалку во однос на таа во фирмите со странски капитал. Компаниите без удел на странски капитал извезуваа во просек 10% од сопственото производство, а фирмите со странски вложувања просечно на пазарите во странство пласираат 40% од производството. Ова зборува дека присуството на странски капитал примамува свеж капитал од странство, ги зголемува продуктивноста, извозот и втемелува нова филозофија во работењето, она што најмногу ѝ недостасува на Македонија.

*Вакнин:* Токму тоа ме загрижува. Времето за никого не стои во место. Додека една земја заостанува поради внатрешни проблеми, други веднаш го заземаат нејзиното место. Среќна околност е тоа што меѓународната трговија не игра на сè или ништо. Не станува збор за ситуација во која она што го добиваат други за нас е засекогаш изгубено. Пазарите постојано се прошируваат и ние сè уште можеме да се вратиме, но колку подолго една земја не ги следи постоечките текови, толку побрзо се зголемува цената на влегувањето на пазарот.

*Груевски:* Моделот на приватизацијата, чија стратегија ги затвори вратите на странскиот капитал, многу

ја уназади Македонија, и не го постигна она што го предвидуваше - платена приватизација со полни државни каси.

Идејата зад масовната приватизација во Чешка се базираше на претпоставката дека државата не треба да се обидува да оствари приходи од приватизацијата: тоа го забавува процесот и, освен кога се продаваат монополи, како телекомуникациите, е без успех. Фактот дека Чесите не беа обременети со големи државни долгови, како Македонија и други, придонесе тие да ја избегнат таа глупава грешка. Важната работа беше да се отстрани државата или партијата од донесувањето деловни одлуки што е можно побрзо и да се остави простор за развој на систем доволно отворен за да еволуира самиот од себе. Ова не значи дека тој систем нема одредени слабости, но тие се многу помалку штетни.

Концептот приватизација "случај по случај" Македонија бара многу финансиски моќни поединци и институции (т.е. голем износ на домашни заштеди заинтересирани за она што се нуди и разработен финансиски систем или отварање на вратите и привлекување странски инвестиции). За жал, Македонија ги немаше нив, туку квази-систем на домашно инсајдерско купување, по што државата повторно останува со празни каси од "комерцијалната приватизација".

И кога сме кај домашната потенцијална инвеститорска публика, би морало да се забележи дека во тој правец државните медиуми би требало да имаат силна улога во едукација и информација на домашната јавност.

Потребни се, освен долгосериска едукативна емисија на тема пазари на капитал, секојдневно 5 минути од централните вести и една страница во државните дневни или неделни весници за финансиските актуелни збиднувања во светот.

Дневно на светските пазари се случуваат милиони трансакции, кои секојдневно се ударни вести на странски телевизии поради важноста и влијателноста. Само во Македонија тоа никому не му е важно. Македонците живеат во информативен вакуум во однос на бизнис-информациите од планетата Земја.

*Вакнин:* Вчудовидува тоа што медиумите - особено електронските - имаат толку малку простор за активностите од сферата на економското работење. Единствената емисија на МТВ целосно посветена на финансиите и екомонија (Бизнис) неодамна е укината. Печатените медиуми се позаинтересирани - но имаат многу помало влијание врз јавноста. Телевизијата сè уште е најмасовно прифатен медиум. Ретко кој чита весници. Но дури и во дневниот печат се чувствува недостиг од стручни новинари за економско работење. Тие или во целост пренесуваат агенциски вести или даваат толкување што не секогаш се совпаѓаат со реалната состојба. Македонската Влада има на располагање средства - повеќето од нив бесплатно - за разработување образовни проекти. Странските експерти се секогаш спремни да дојдат и да вршат обука, да предаваат и да им даваат упатства на медиумите. Јавноста не знае што е тоа берза, или Libor (ЛИБОР), или резерви за загуби од кредити, ни што е тоа капитализам и како - во филозофска смисла - тој се разликува од социјализмот. Постојаното барање начин за стекнување лична добивка е заедничко за сите луѓе, без оглед на режимот. Тоа не е суштината на капитализмот. За да можат соодветно да ја проценат работата на избраните претставници, за да сфатат каде се и каде е нивната земја, луѓето треба да учат економија. На Запад никој не обрнува внимание на политиката. Таа веќе станала гранка на економијата. Претседателите и премиерите успеваат или не успеваат да го задржат својот курс на брановите на

економското работење. Но, во Македонија времето како да запрело и по ова прашање.

*Груевски:* Формирањето централен регистар на акции и клириншка куќа за порамнување на трансакциите со хартии од вредност е неминовност што мора брзо да се заврши. Воведувањето законска должност на сите акционерски друштва со повеќе од 30 вработени лица акционерските книги да ги водат во централен регистар ќе придонесе за решавањето низа проблеми.

*Вакнин:* Централни регистри мора да постојат за СЃ. Денес, ако некој ја стави својата фабрика како залог - не постои никаква гаранција дека таа не е ставена под хипотека веќе петпати на шест кредитори. Акционерите со минимален број акции ги нема во ниедна евиденција. Сопственоста од секаков вид не се проверува од ниедна централна државна институција. Отсуството на општо прифатливи, универзални, централни, правилно одржувани регистри значи дека воопшто не се заштитени имотните права. Инвестирањето и кредитирањето се први жртви на тој недостиг. Врз нив не може да се влијае. Неажурното работење и прочуеното одолжување на судовите само придонесуваат за назадување на економската дејност.

*Груевски:* Приватизацијата на јавните претпријатија треба да биде следен чекор на Владата. Се разбира, Владата би требало прво да ги подготви тие компании за приватизација и да ги стави на "диета". Приватизацијата ќе значи нивно поефикасно и попрофитабилно работење, поголем данок, подобра услуга итн. Сето тоа би морало многу внимателно да се изведе, со грижа за неоставање голем простор за монополско однесување. По телекомот би следувале железницата, лотаријата, електростопанството, водоводот, гасоводот итн. Фијаското на државата при приватизацијата на Градскиот трговски центар би требало

да послужи како добра основа за посериозен пристап кон идните проекти.

Склучувањето меѓудржавни договори за слободна царинска зона значително анулира еден од најголемите недостатоци на македонското стопанство (ако не и најголем) од аспект на странски инвеститори, а тоа е Ѝмалиот пазар". Македонија би требало поинтезивно да ги решава тие прашања не само со соседите, туку и со сите земји од регионот и околу него. Така македонските компании добиваат многумилионски пазар, на кој би требало да имаат еднакви конкурентски услови.

Владата на Македонија би требало да го анимира издавањето обврзници во Македонија, пред сè државни и општински, каде што ќе се јави како гарант за инвеститорот, а за почеток би можела во неколку случаи да заземе гарантска улога, и при издавање корпорациски гаранции (се разбира, со претходно заложен имот на компанијата кон државата. Кога се работи за покапитални проекти, а во отсуство на голема и современа банка што би требало да биде гарант на корпорациски обврзници (или конзорциум на банки) Владата би требало да ја почне "играта" и со тоа да им даде позитивен пример на банките да поддржуваат добри проекти во добри домашни компании со издавање гаранции за обврзници. Секако, јасно е дека не е нормално државата да го прави тоа, туку банките, но мора некако да се почне. Во основа постои голем интерес кај странските компании за инвестирање во обврзници во Македонија под услов гарантор да биде државата или конзорциум од најквалитетни домашни банки.

*Вакнин:* Сметам дека не можам да ја поддржам оваа идеја. Мене тоа ми личи на национализација на мала врата. А што ако претпријатието не си ги плати долговите? Тогаш Владата ќе ја преземе контролата, ќе стане сопственик и ќе

го раководи претпријатието. Таа накрај ќе поседува поголеми средства отколку што дотогаш успеала да "приватизира".

*Груевски:* Во таков случај, Владата ќе ја продаде компанијата, а другите ќе видат што значи да им се каже "не" на гаранторите на емисијата. Како и да е, Вашите страхувања се оправдани и уште еднаш потенцирам дека тоа не би требало да биде практика во Македонија, туку само пример со неколку (две до три) најдобри компании.

Всушност, државата има издадено мал пакет обврзници за дел од обврските по т.н. "замрзнати штедни влогови" во висина од околу 120 милиони. Тие обврзници доспеваат во 2001 год. и не се котирани на македонската берза, што на прв поглед е голема штета, но ако се точни неофицијалните гласини дека државата има намера "со закон" да го пролонгира нивното исплаќање, многу голема штета ќе биде ако дојдат на котација на берзата и добијат поголема транспарентност.

Владата мора да сфати дека во очите на странските инвеститори (иако тие во оваа ситуација директно не се засегнати, со сегашните потези на Владата би ги антиципирале идните нејзини чекори) пролонгирањето на исплатата на издадени државни обврзници - "со закон" не е многу далеку, од на пример, донесувањето одлука на Владата "со закон" да им го одземе имотот во иднината. Тоа би било класичен пример на губење на и така нискиот меѓународен рејтинг.

Државата во иднина би морала повеќе да размислува и да се пресметува пред преземање каква било обврска.

*Вакнин:* Се надевам дека тие гласини се погрешни. Не постои "пролонгирање на исплата" ни "одложено исплаќање" без согласност на носителите на обврзниците. Ако ова го спроведе Владата едноставно, ќе дојде до

неправилности во исполнувањето на нејзините обврски. Држава што не ги почитува своите обврски спрема граѓаните - веројатно нема да ги почитува ниту надворешните. Тој чин би значел занемарување на имотните права во најгрубата смисла на зборот.

Владата и локалните власти мора да го разгледаат и прашањето на издавање домашни обврзници. Освен тоа, на идните сопственици на обврзници мора да им се разјасни што се случува кога друштво што издало обврзници не е во состојба да ги исполни своите обврски за исплата на главницата и на каматата. И во законите во Македонија треба да се вметнат измени со кои би се утврдил статусот на трустовите.

*Груевски:* Македонија би можела да издаде и барем мал износ на евро-обврзници и покрај можноста за бескаматни кредити пред сè заради подобрување на сопствениот рејтинг, бидејќи според многу рејтинг-агенции (пр. Euromoney) пристапот до пазарите на капитал има значајна улога при рангирањето на државата. Повисокиот рејтинг, од друга страна, е зелено светло за странски комерцијални инвестиции. Притоа државата ќе мора да побара да добие рејтинг од позната светска агенција, кој во овој момент, каков и да е, е подобар отколку никаков. На пример, Казахстан во 1996 со својата прва емисија на обврзници на Европскиот пазар зеде 200 милиони, и покрај тоа што за успешноста страхуваа и самите банкари во таа земја. Се претпоставуваше дека инвеститорите нема да бидат убедени за очекуваните економски перспективи на Казахстан и нема да бидат спремни да ги вложат парите во нивните обврзници. Практично, добрите познавачи на таа емисија и на условите во Казахстан, сметаа дека во таа земја немаше некоја ургентна потреба за подигање пари по пат на емисија на обврзници во тој момент, а Казахстан тоа го

стори за да го воспостави својот рејтинг за идните позајмувања на Европскиот пазар на обврзници и на странски инвестиции во земјата. Тоа би било и поттик и можност во иднина и некои од домашните најдобри компании да побараат и да добијат странски капитал во форма на обврзници.

*Вакнин*: Идејата е одлична. Сметам - како и Вие - дека самото воспоставување присуство и стекнување симболичен рејтинг се сосема доволно услови за издавање на македонска евро-обврзница. Единственото предупредување што тука би го истакнал е дека приходот од издавањето не треба да оди во редовниот буџет, туку подобро би било тој да биде наменет за поблагородни (т.е. профитабилни) цели. На пример, парите може да се употребат за стимулирање на малите претпријатија преку бизнис - инкубатори. Иновациите на Македонците сега се експлоатираат од страна на богати компании на Запад поради фактот што нема парични средства тие да се развијат во земјата.

*Груевски:* Стратегијата за развој и привлекување странски капитал наречена "развој по повик", која се заснова на развивање соработка со фирмите од развиените земји, пред сè, транснационални компании, односно на привлекување инвестиционен капитал од странство, во многу примери како што се Унгарија, Чешка, Полска, Кина, Сингапур, Јужна Кореја, Тајван и други, се покажа како добра. Таа стратегија ја применуваат земјите што немаат внатрешен пазар, а главните канали на продажба треба да бидат во странство.

Земјите што сакаат да имаат успех во спроведувањето на таа стратегија мора пред се да дадат законски гаранции и погодности за капиталот од развиените земји.

Некои од спомнатите земји, според таа стратегија, не само што успеаа да обезбедат брз стопански развој, туку и самите да станат извознички на капитал.

*Вакнин:* Играњето со sверови може да биде опасно по здравјето. Големите западни фирми со себе носат ограничен капитал, технологија и пристап до странскиот пазар. Меѓутоа, тие никогаш не даѓаат во својство на мисонери, немаат намера да ги просветуваат "домородците". На вработените од домашното население тие им го пренесуваат само минималното знаење потребно за да се вклопат во нивните барања. Тие најчесто ги увезуваат стручната работна сила и менаџментот. Повеќе сакаат да купуваат делови и средства надвор од земјата-домаќин. Ретко префрлаат своја технологија, а камоли да дозволат употреба или префрлање на сопственоста. Секогаш брзо можат да го размонтираат поставениот камп и да продолжат кон позелени пасишта. Кај нив не постои чуство на локален патриотизам. Нивниот придонес кон економијата-со исклучок на отворањето кон извозните пазари и ослободувањето во даночните и инвестиционите обврски како и привилегираните доделени средства што вообичаено ги бараат-сега се под голем прашалник. Кина беше земјата што го најде лекот. Таа ги принуди сите странски компании што бараа излез на нејзиниот огромен пазар да основаат фабрики на нејзија територија. Како дополнително барање ги обврзува да пренесат своја технологија, која ќе се користи заеднички, како и да користат домашни стоки и услуги, да учествуваат во развојот на домашното стопанство и на главните пазари. Но многу е мал бројот на народите што на инвеститорот можат да му го понудат бројот од 1,2 милијарди луѓе. За другите народи таа подреденост на странските инвестиции мора да почека подобри, просперитетни времиња.

*Груевски:* Како и да е, генерално се покажа дека "играчите со sверови" поминаа многу подобро и отидоа неспоредливо многу понапред во развојот отколку "воајерите". Многу е важно кога се игра игра со sвер" да се биде свесен на тоа. Тогаш е полесно. Секој чекор е добро осмислен, грешките се ретки, а целта може да биде постигната без многу филозофирање...

Глобалниот приод кон приватизацијата во Македонија беше комерцијален, за разлика од масовниот карактер на процесите на приватизација во многу други централни и источни земји. Како резултат на тоа се јавија неколку неповолни последици, меѓу кои и следниве две:

Прво, трговските друштва во голема мера се во сопственост и под контрола на менаџерите и вработените, кои преку приватизацијата треба да откупат 51% од акционерскиот капитал во рок од 5 години. Во голем број случаи тоа предизвика друштвата да исплатуваат големи дивиденди, за менаџментот и вработените да можат да ја финансираат приватизацијата. Како резултат на тоа резервите на друштвата од кои треба да се финансира понатамошниот развој драстично се намалија. Исто така, поради обврската да се откупат 51% од капиталот, поттикот да се собере дополнителен (странски или домашен ) капитал преку берзата е многу мал, поради тоа што неминовно би довело до разводнување на процесот од акционерскиот капитал што е во сопственост на менаџментот и вработените.

Второ, во земјите во кои се примени методот на масовна приватизација, или т.н. ваучер - приватизација, јавноста побрзо и подобро ги откри начините на користење на берзата како средство за издавање и тргување со хартии од вредност, и собирање капитал. Во некои случаи и основата што се користи при проценка на претпријатијата

во Македонија се покажа како штетно за развојот на Македонската берза (Градскиот трговски центар).

Трето, Македонија не успеа да го почне процесот на менување на структурата на стопанството, и тоа да биде силно извозно ориентирано. Со средствата што можеше да се добијат од платената приватизација можеше да се финасираат (кредити) проекти што цврсто ветуваат извоз на постоечки или нови компании. Тој процес е неминовен ако се сака да се намали јазот во трговскиот биланс и редовните задолжувања по тој однос. Приватизацијата беше и сеуште е извонредна шанса побрзо и побезболно да се стори тоа.

*Вакнин:* Ако зборуваме искрено, може да се каже дека никој не знае кој е "вистинскиот" модел на приватизација или дали таков воопшто постои. Во Британија, Маргарет Тачер ја обвинуваа за привилегирање долго време пред Источна Европа да почне да сонува за приватизација. Во Израел компаниите им беа продавани за мал дел од нивната вистинска вредност на одбрана елита бизнисмени уште пред Чешката Република да ја повтори таа процедура, а Русија да ја усоврши до максимум. Гаранторите го распространуваат националното богатство еднакво - но го спречуваат формирањето на јадрото на менаџмент и сопственост. Фондовите за менаџмент се жаришта за зачнување корупција и неправилно работење. Инцестуалните односи ги карактеризираат повеќе од кој и да е западен метод на модерна организација. Откупувањето на вработените и на менаџментот на крајот од процесот се потврдува како бескорисно. Како може нешто што номинално им припаѓа на сите - да им биде продадено на тие што мораат да го контролираат, со ризик да го вложат својот капитал и потоа да жнеат од она што посеале, ако воопшто има нешто за жнеење? Никој досега не успеал да

понуди модел што во исто време ќе биде непристрасен, спроведлив и применлив.

*Груевски:* Точен е фактот дека нема идеална приватизација, но точен е и еден друг факт, дека има подобра, почесна и поефикасна и полоша, помалку праведна и помалку ефикасна. Но Вие самите ја направивте таа градација со примерите од Маргарет Тачер па до Русија...

Непостоењето на меѓународни сметководни стандарди не само што негативно влијае врз спремноста на странските инвестициони институции да инвестираат во Македонија, туку дејствува негативно и врз инвестирањето воопшто. Без униформирани сметководствени стандарди извонредно е тешко за брокерските друштва и поединечните инвеститори да ја проценат вредноста на акциите на трговските друштва.

*Вакнин:* Проблемот не е само на усвојување на меѓународните стандарди. Како и да е, не постои никаков договор за тоа кои стандарди најдобро ја одразуваат реалноста. Комисијата за тргување со хартии од вредност во САД одбива да ги прифати IAS (Меѓународните сметководни стандарди) и бара доследна примена на GAAP (Општо прифатени сметководни принципи) како предуслов за да се влезе во евиденцијата на која било американска берза...

*Груевски:* Да, но во завршната фаза се преговорите ваквиот проблем да се елиминира...

*Вакнин:* Како и да е, проблемот е во тоа што финансиските извештаи се водат од даночната политика. Поблаго речено: сметководителите и раководителите соработуваат меѓусебно во фалсификувањето на финансиските извештаи, заради измама на даночните служби. Ова може да се постигне и со IAS - стандардите и со GAAP - принципите, но важна е намената. Избегнувањето на

плаќање данок во Македонија е граѓанска војна - граѓаните против даночната управа. Тоа укажува на огромен расцеп во довербата на поголем дел од населението и разните делови од највисоката власт. Сè додека овој проблем од фундаментален карактер не се реши, нема да задоволуваат никакви сметководствени стандарди.

*Груевски:* Отсуството на странски капитал во вид на комерцијални директни и особено индиректни инвестиции Македонија ја чини многу:

-отсуство на сериозен пораст на производството,

-висока невработеност,

-заостанување во техничко-технолошкиот и во организацискиот развој на компаниите,

-отсуство на нови идеи и филозофија на размислување и работење,

-низок животен стандард на населението, со можност за понатамошна ескалација,

-пропуштање на можноста државата да го зголеми извозот, а локалните компании и извозници да освојат нови пазари, што директно ќе влијае да не се зголемува задолжувањето,

-губење на трката за нови пазари и постепено губење на старите,

-посиромашен буџет на државата,

и како резултат на сите тие појави порано или подоцна посилен притисок врз домашната валута и инфлација што значи нови задолжувања и осиромашувања.

Сè додека не се решат наведените "отворени прашања" мала е веројатноста дека ќе се јави поголем интерес за институционално инвестирање во Македонија, тоа сепак не значи дека не мора и не треба да се преземаат чекори со кои би се олеснило тој вид инвестирање. Брокерските друштва и берзата можат многу да сторат во

промовирање на пазарот во Македонија преку големите инвестициони институции и инвестициони фондови во Велика Британија, Германија и САД.

Убедувањето на тие институции дури и да почнат да ја гледаат Македонија како можност за инвестирање може да трае долго и за тоа е потребно да се воспостават контакти и активирање на Владата на Македонија на сите полиња спомнати во целиот овој дијалог, исцрпни истражувања на пазарот и промоција. Странските институции ќе сакаат да спроведат свои сопствени анализи, но секогаш е од помош ако во земјата веќе постојат институции кон кои тие можат да се свртат во собирањето локални податоци и внатрешни информации, што условува формирање нова државна институција: агенција за маркетинг во чии состав меѓу другото ќе се формира богата и веродостојна база на податоци.

Сè додека Македонија не ја отвори својата економија, освен декларативно и суштински, не само што ќе остане без толку потребните странски комерцијални инвестиции, туку долго ќе чека на приемот во ЕУ и други економски сојузи.

## ТРГОВСКИТЕ ДЕФИЦИТИ И ЗДРАВЈЕТО НА ЕКОНОМИЈАТА

*Груевски:* Карактеристично за Република Македонија во областа на извозот и увозот од макро аспект во изминатиот период по осамостојувањето е:

- присуство на висок трговски дефицит,
- се поголемата непокриеност на увозот со извоз на стоки,
- лошата структура на извозот и увозот што заедно доведе до зголемување на долговите на Македонија како и до репрограмирање на старите долгови со неизградена стратегија за нивно постепено намалување. Македонското стопанство традиционално е зависно од увозот на стоки и услуги, во услови на недостиг на домашни суровини и производи за широка потрошувачка, висока технологија и know how услуги.

*Вакнин:* Оваа ситуација не е единствена во Македонија. Освен одредени исклучоци, таа се јавува целосно во Америка, како пример ( да не се именува Русија). Се јави експлозија во меѓународната трговија во последните две декади ( поголем пораст од дадена граница). Експлозијата не е симетрична: некои држави продолжуваат со спроведување странична и корисна диспропорција ( како што е Јапонија ) - други се финансираат преку големите

унилатерални трансфери на историско богатство. Резултатот е нова форма на меркантилизмот и економскиот колонијализам. Некои држави станаа снабдувачи на сировина и евтина работна сила на другите - завршуваат со потрошувачка на финалниот производ создаден од нивната сировина и работна сила. Никој не знае зошто овие држави завршуваат на ваков или онаков начин. Географската локација има одредено влијание: врските на државите опкружени со море работат подобро отколку оние држави каде врската е копно. Но, сите други фактори сугерирани од експертите се само нагаѓање. Политичката стабилност, намалената корупција, менаџмент на средствата, развојот на пазарите на капитал, охрабрувањето на извозот, макроекономската стабилност - сето тоа изгледа благо релевантно. Јапонија и Германија ги издржаа големите разурнувања за време на Втората Светска Војна, Бразил и Израел постигнаа хипер инфлација, Израел помина низ крвава војна и терор, има неколку држави кои се повеќе корумпирани од Русија - и сеуште сите овие држави се главни извозници. Некои од нив, (Јапонија), немаат дури ни природени ресурси или слична конкурентска предност за која би можеле да зборуваат. Мистеријата на ова е секојдневна.

*Груевски:* Дефицитот во основа може да носи позитивни и негативни ефекти. Позитивни ефекти може да носи доколку остварениот увоз е претежно опрема , нова современа технологија и техника, вложувања во производство, репродукција и.т.н. што по одреден период, по извршување на продажбата и/или извозот пред се на финални производи ќе донесе повисока рентабилност, конкурентност и профити, прилив на девизни средства во државата и конечно анимирање на нови инвестиции и извоз.Таквиот развоен дефицит би значел дополнителна

надворешна акумулација, отворање можност за излез на странски пазари, повисоко производство и извоз.

*Вакнин:* Се разбира дека оваа дистинкција е опасна. Постои " лош дефицит" кој се движи кон финасирање на потрошувачката ( како што е Македонија ) - и "добар дефицит " кој се движи кон финасирање на инвестициите со странски капитал. Малку луѓе знаат дека странските директни инвестиции го зголемуваат дефицитот во платниот биланс во државата. Но, се разбира дека ова не е толку лошо ! Причината е дека дефицитот на средствата создава доволна вредност во иднина, да се врати позајмицата плус додатни вредности. Лошиот дефицит создава само долгови, без можност за нивно враќање во иднина. Доколку дефицитот беше создаден поради можноста да се купи нова текстилна машина - тоа би донело доволна заработувачка со цел да се покријат трошоците во иднина ( од создадениот дефицит на самиот почеток ). Но, доколку се купи модерен автомобил Мерцедес - тој не создава приход во иднина. Напротив, тој создава поголеми девизни загуби ( бензин, итн )

*Груевски:* За жал Македонија во изминатиот период со водењето на екстремно либералната политика на увоз, и отсуство на стратегија за стопанско преструктуирање и поголем извоз, наместо развоен дефицит оствари загрижувачки висок неразвоен дефицит кој беше предизвикан од увоз на стоки за широка потрошувачка многу често со сомнителен квалитет, и многу често како "дуплирање" на она што Македонија го произведува во поголеми количини отколку потребните (пример: доматите кои официјално се заштитени но сепак очевидни се големи количества на домати од Турција). Наспроти тоа многу производи кои Македонија е принудена да ги увезува и натаму не се произведуваат, иако има услови за профитабилно производство на истите, но поради недостиг на капитал, како и

поради недоволно и непазарно доделување на кредитите на банките (со капитал од домашно и пред се странско потекло), таквите проекти не се реализирани.

Последиците од неразвојниот дефицит се согледуваат во:

- одлив на еден дел од националниот доход,
- намалување на рејтингот и кредибилитетот на националната економија, и добивање статус "земја со висок ризик за инвестиции",
- забавен стопански развој и динамика и одење кон дефлација,
-повисока економска и политичка зависност на националната економија кон странство,-и како резултат на тоа, затворање на многу фабрики во Македонија, пад на производството, повисока невработеност , поголем број корисници на социјална помош, посиромашен буџет, зголемување на надворешниот долг на државата што резултира со низок стандард и квалитет на живеењето. Последната спомената последица имплицира долгорочни ненадоместливи последици, бидејќи во последните 10 години сведоци сме на процес на одлив на висок процент на високо образувани луѓе, наспроти одливот во претходните 50 - 70 години кога поголемиот дел од емигрантите Македонци се од ниско образованата класа. Па така ако во тој период имавме "прочистување" , денес регистрираме процес на "одлив на мозоци".

*Вакнин:* Наивно е ( а јас знам дека Вие сте далеку од тоа) да се припишат овие страшни последици, на еден единствен економски фактор, независно колку е тој важен. Пред се, дефицитите се симптоми, а не болест. Со лечење на еден симптом не се постигнува излекување. "Одливот на мозоци" -на пример - е резултат на поделба на богатството помеѓу корупциската олигархија и политичарите преку

лажни "реформи". Тоа е резултат на чувството на помладата генерација која нема можност да напредува - освен ако не се родени во право семејство или се согласуваат со целокупните компромиси на моралните принципи. Корупцијата, ниската социјална мобилност, лошиот " комунистичко - социјалистички " менталитет, угнетување, нефункционалните институции, игнорирање, нетолеранција, недостаток на странски инвестиции, геополитичите компликации, ( финанскиот ) криминал - сите се исто така важни како трговскиот дефицит во забавување на порастот во Македонија.

*Груевски:* Трговскиот дефицит во Македонија во 1995 година изнесуваше 514,9 милиони американски долари, во 1996 година - 479,5 милиони УСД, 1997 год. - 538,8 милиони УСД. Несомнено е дека и во 1998 година износот од околу половина милијарда долари ќе го зголеми надворешниот долг на државата, без на подолг рок да се создадат услови за креирање на нови поквалитетни компании - извозници. Дефицитот во тековниот биланс од 216 милиони УСД во 1995 година нарасна на 276 милиони УСД во 1997година.

Се смета дека дефицитите на тековната сметка (curent account) над 5% од БДП (во рок од 3-4 години) го палат црвеното светло, посебно ако дефицитот е финансиран со краткорочен долг или девизни резерви и ако истиот е одраз на голема потрошувачка.

Македонија во 1997 година официјално достигна ниво на тековнобилансен дефицит од 8,3% од БДП(ГДП), што дефинитивно ја преставува горната граница на одржливост, и неможе да се очекува (особено не на подолг рок), да се одржува така висок дефицит во тековниот биланс без тој да предизвика потреси и пукнатини на други места во економскиот систем на Македонија. Македонија не е осамена во групата на транзициони источно европски

држави со ваков резултат (Полска -дефицит 3,2%, Словачка -7,9% дефицит, Чешка дефицит 6,3%, Украина -1,7%, Унгарија -2,2%), но заостанува зад Бугарија која оствари суфицит од 4.3 %, Русија суфицит од 0,8%, Словенија исто така суфицит од 0,4% и.т.н. Spored Business Central Europe во апсолутни бројки во милјарди долари ситуацијата во 1997 година е следна:Бугарија +0.2,Хрватска -1.9,Чешка -3.2,Естонија -0.6, Унгарија -1,Полска -4.3,Русија +3.9, Словачка -1.5, Словенија +0.1, Украина -1.3 и.т.н. Се чини дека иако Македонија не е осамена во клубот на земји со дефицит во тековниот биланс, според летното издание на The Wall Street Journal Europ's - Central European Economic Review дефинитивно е на опашката на држави од регионот по зголемувањето на БДП (под два проценти) во 1997 година каде предначат Белорусија со 10%, Естонија со 9%, Југославија со над 7%, Полска, Латвија, Словачка, Литванија, Хрватска, Унгарија и Словенија, а Македонија е убедлив рекордер во конкуренција на стапка на невработеност , странски инвестиции а конечно позитивно второпласирана е според ниската стапка на инфлација.Трговски дефицити постигнуваат и многу развиени држави, но тоа е нешто поразлично, и некомпарабилно со македонскиот.

Патем, недостасува анализа на овие резултати, имено дали станува збор за позитивен (добар) или негативен (лош) дефицит, како и неговиот однос со БДП и друго.

*Вакнин:* Се вели: " Постојат бели лаги, обични лаги и статистики". Податоците за дефицитот можат лесно да заведат. Важните прашања се: дали стопанството е во движење или во пораст? Дали е извозно ориентирано (најголем дел од девизните приходи се обезбедени од извоз). Доколку е така, лесно може да се сервисираат достасаните странски долгови. Колку е поголем бруто домашниот

производ - толку е помал делот на проектираниот дефицит. Како е создаден дефицитот ? Дали парите се користеле за финасирање на потрошувачка на луксузни средства или за финансирање на истражувањето, развој и капитални трошоци ? Дали е тоа дел од постоечки тренд или заблуда. Дали економијата напредува? Доколку просперира - дефицитите се добра работа бидејќи помагаат при заштита од инфлација. Со директна потрошувачка на увозот - се јавува инфлаторен притисок. Може ли државата да се потпира на унилатералните трансфери? Израел може да се потпира на милиони долари годишно добиени од Евреите - раселени низ светот, како и од Америка. Овие трансфери амортизираат голем дел од нивните дефицити. Дали државата е отворена кон надворешната конкуренција и висока динамика и мобилност? Доколку е така, трговските дефицити не се нужно лоши нешта. Тие ги зголемуваат конкурентските притисоци и ја принудуваат локалната индустрија да стане послаба и поминорна. Нема економско правило кое вели: "Трговските дефицити се лошо наследство - ниската инфлација е добро наследство ". Во случајот на Македонија, на пример, мислам дека ниската инфлациона стапка е знак на смрт - уништување на економското тело. Македонија треба да се опорави веднаш - пред пазарот да го изгуби своето постоење.

Проблемот со македонскиот дефицит во платниот биланс е што е од лоша врста.Тоа го означува колапсот на локалното производство, смртта на локалните индустрии. Потрошувачот ретко се соочува со изборот. Тој мора да купува увезени стоки. Многу луѓе заработуваат од легални (и помалку легални ) увози во Македонија. Шверц, шверцување на стока, пиратството на интелектуални имоти се разгранети. Членовите од политичката елита имаат монопол на одредени видови увози. Одреден дел од

трговскиот дефицит оди во приватни џебови. Едноставно не постои интерес да се охрабри локалното производство или извоз.Ова ќе ги повреди профитите на крадците на националното богатство ( да не ги споменуваме профитите на одредени царински службеници и полициски офицери). Поврзано со стагнантниот домашен бруто производ, високата невработеност, странската помош и чудната и сомнително стабилна валута - ова е лош предзнак.

*Груевски:* Од предходно споменатите податоци лесно може да се извлече заклучок дека не е важно само висината на дефицитот туку и другите параметри за да се оценат последиците и издржливоста на истиот. Според ова очигледно е дека дефицитот во Македонија не придонесе до сериозно зголемување на стопански развој (за разлика од некои други држави), што уште повеќе го усложнува овој и онака сериозен проблем.

Обемот на дебалансите на тековната сметка треба да се разгледува паралелно со политиката на курсевите и структурните фактори, како што се нивото и составот на надворешните обврски, степенот на отвореноста и составот на трговијата, нивото на заштедите и инвестициите. Подолготрајниот дефицит на тековната сметка во основа би требало да алармира ако извозниот сектор е мал, сервисирањето на долгот обемно,заштедите ниски, банкарската контрола слаба а финансирањето со акционерски капитал е мало (слаб финансиски систем). Односот на извозот спрема БДП игра исклучително важна улога . Земјите кои што успешно се прилагодија откако претрпеа обемни дебаланси на тековната сметка, како Кореа, Израел и Ирска имаа големо учество во извозот наспроти Мексико во 1982 и Чиле кои претрпеа тешки надворешни кризи. Подолготрајните дефицити по правило се повеќе ги одвраќаат странските инвеститори да и позајмуваат на

државата во таква позиција, стравувајќи дали државата е солвентна и подготвена да го врати долгот. Земјите со брз пораст можат да одржуваат подолготрајни дефицити без да ја зголемат својата надворешна задолженост во однос на БДП. За жал, во Македонија тоа не е случај.

Односот на извозот и БДП го покажува степенот на отвореност.

За создавање појасна слика на состојбите би нагласил дека целокупниот извоз на Македонија во 1996 година изнесуваше 1.147.440 УСД, а во 1997 година 1.201.255 УСД. Во глобални рамки овие износи се многу мали и незначителни за светското стопанство па дури и за некои приватни коорпорации. За споредба ќе ја наведам годишната продажба на топ индустриските и услужни компании во светот (извор: Fortune, графикон во The Economist).

Така, во фискалната 1997 година General Motors (САД) оствари продажба од 178 милијарди долари, Ford (САД) 150 милјарди УСД, Mitsui (Јапонија) -140 милјарди УСД, Mitsubishi (Јапонија) -140 милјарди УСД, Royal Dutch/ Shell (Холандија/Британија) - 138 милјарди УСД, Itochu (Јапонија) - 137 милјарди УСД, Exxon (САД) -125 милјарди УСД, Wal-Mart Stores (САД)- 124 милјарди УСД, Marubeni (Јапонија)117 милјарди УСД, Sumitomo (Јапонија) - 100 милјарди УСД, Toyota(Јапонија) 80 милјарди УСД, General Electric (САД) - 78 милјарди УСД, Nissho Iwai (Јапонија) - 71 милјарда УСД, IBM (САД) 70 милјарди УСД, NTT (Јапонија) 70 милјарди УСД, AXA (Франција) 70 милјарди САД, Daimler-Benz (Германија) 64 милјарди УСД, Daewoo (Јужна Кореја) 64 милјарди УСД, Nippon Life Insurance (Јапонија) 64 милјарди УСД, BP (Британија) 63 милјарди УСД. Американскиот производител на автомобили води на листата Fortune 500. Девет од светските најголеми дваесет светски компании се

јапонски, шест се американски. Но, 12 од 20 најпрофитни се американски и ниту една Јапонска. Exxon е на врвот со профит од 8,5 милјарди долари, додека 125 тиот рангиран Intel според продажбата, е на четврто место според профитот.

Ако после овие бројки се навратиме на Македонија и се запрашаме како е невозможно извозот во последните 7-8 години да се подигне за барем 50% се наметнува заклучок дека нешто во системот не е во ред. Дури и кога ќе се земат во предвид состојбите во регионот (двете ембарга од север и од југ, Босна и Косово ) и.т.н. сликата дека нешто мора да се менува останува и понатаму. Како поткрепа на сето тоа ќе кажам дека нашиот сосед Бугарија минатата година не само што немаше дефицит во трговскиот биланс, туку оствари и мал суфицит, исто како и Русија.

Зошто дефицитот е "лош"?

*Вакнин:* Јас сум последната личност која би се противела на твојот заклучок дека нешто не е во ред со сегашната сосотојба на нештата и дека навистина потребно е да се интервенира веднаш. Но, сакам да направам умесни разлики помеѓу " оптичен суфицити / дефицити " во трговскиот баланс и " реален суфицити / дефицити". Првиот вид е генериран од надворешни фактори, надвор од било каква државна контрола. На пример: Рускиот впечатлив, натамошен трговски суфицит беше резултат на стабилни цени на стоките на светските пазари (над кои има многу малку влијание - и е " превземач на цени " ). Минутата кога цената на нафтата колабираше, Рускиот суфицит падна, заедно и Руското стопанство во целина. Истото може да се каже за Нигерија, Венецуела, Саудиска Арабија и многу други држави. Исто така, суфицитот може да е резултат на елиминирање на куповната моќ на населението. Кога луѓето кратат на потрошувачката - тие кратат најпрвин на

увезените стоки. Доста лесно е да се одржува трговскиот суфицит (и ниска инфлација) во држава со економска депресија. Постои друг тип на вештачки суфицит кој е создаден преку воведување на протекционизмот и анти - конкурентски мерки. Државата може да го блокира целокупниот увоз, да наметнува ниво на обврски, царини и квоти, да одвратува странско инвестирање - и, како резултат, да има привиден суфицит.

"Вистинската работа " е резултат на отворени пазари до софистицираност, со ефикасна конкуренција. Дали државата има значајни предности за одржуваање на трговскиот суфицит е забележливо само под "чисти" услови на слободен пазар, без државна интервенција. Државата мора да се отвори кон меѓународната трговија и странските инвестиции. Не смее да ги заштитува нејзините економски играчи. Пред се, мора да дозволи пазарот да го одредува девизниот курс. Потоа, мора да се охрабрува ефикасно несудирање на банките и пазарите на капитал. Дури потоа стои ризикот од трговскиот дефицит (сведок е УСА).

*Груевски:* Платниот биланс по дефиниција е во рамнотежа. Тоа логички произлегува одтаму што билансот на плаќањата ги опфаќа сите остварени примања и плаќања бидејки никој неможе да има повеќе средства за плаќање одколку што самиот примил.Значи или се плаќа веднаш или плаќањето на кредитот се одложува за понатаму. Но во економската анализа не е важен вкупниот биланс туку само неговиот определен дел. Разгледувањето на парцијалната рамнотежа е основа за разгледување на суфицитот или дефицитот во билансот на плаќања. Заради тоа се користи методата на пресечување на билансот на плаќањата. По извршеното хоризонтално пресечување на билансот, по една од трите популарни методи, кај него веќе не постои книговодствена рамнотежа.

Рамнотежата на платниот биланс е елемент на општата економска рамнотежа што ја прикажува надворешната рамнотежа. Македонскиот платен биланс се урамнотежува со помош на 1) репрограмирање на долговите и 2) нови задолжувања. За да постои вистинска рамнотежа, на долг рок без девизни рестрикции, без девалвации/ревалвации, и без задолжување потребно е да постои ВНАТРЕШНА рамнотежа. Причините на дефицитот во билансот на плаќањата во основа можат да бидат од монетарни и структурни (расчекор помеѓу домашното штедење, и домашните инвестиции чии вишок доколку се подмирува со задолжување во странство без на долг рок повратно зголемување на ивестициите води кон уште подлабока структурна нерамнотежа). Привремената терапија е надворешното задолжување, а долготрајното опоравување е тема за која ќе дискутираме во овој дијалог. Покрај кредидните задожувања Македонија во изминатиот период дефицитното работење во значителна мерка го покриваше со неповратна помош од странство која од година во година опаѓа и минатата година изнесуваше само 7 милиони УСД наспроти 52 милиони УСД во претходната година. Ова зборува дека Македонија ќе мора да почне да се навикнува да живее без странска неповратна "инфузуија" и колку порано се подготви за такво нешто - толку побезболно ќе навикне да троши онолку колку што заработува, односно ќе мора да се превземат мерки повеќе да заработува (производство и извоз). Високата ставка на трансфери од иселениците од Македонија кои финансиски ги помагаат своите блиски во земјата, во платниот биланс на државата(второ место после извоз на стоки и пред се ставката услуги) само ја потврдува нездравата ситуациј а во системот.

Надворешната нерамнотежа на Македонската економија е долгорочна, реална, фундаментална и деструктивна (разградувачка).

*Вакнин:* Македонците (политичарите како и "луѓето") посвоија магичен модел на размислување. Тие веруваат дека гео-стратегиската положба на Македонија е толку многу важна, што западот никогаш не може да ја напушти. Вистината е дека унилатералните подароци, помош и други неповратни трансфери подоцна ќе исчезнат. Но, Македонија ги зголемува кредитите, заемите, воената помош, структурната помош, (ЕУ преку ФАРЕ) и други форми на позајмување. Некои од овие пари директно се инјектираат во вените на банкарскиот систем, залудно надевајќи се дека ќе бидат употребени во вистински зделки. Но повеќето Македонци, се со идеја дека овие пари треба да се вратат "еден ден" - и тогаш се развеселени . Веруваат дека кога средствата ќе се добијат, потоа долговите се репрограмираат, прераспоредуваат, ќе се преименуваат, делат, конвертираат, се - само ДА НЕ СЕ ПЛАЌА. Западот ќе се погрижи за тоа.

Се разви паразитска економска култура, зависна од нездравиот степен на донации, милостиња, донаторски конференции и тивки уцени ( Косово, Албанија), се во оптек. Наместо да го развиваат нивниот бизнис - менаџерите ја насочуваат целата енергија во лобирање, победување, одење на ручеци и подмитување на политичари кои цврсто го држат јажето.Наместо производство и извоз - државата одгледува никулци од финансиски медиатори, финансиски консултанти, лица за контакт и се се движи - помеѓу -кој знае (или има смисла да знае), како да се обезбедат пари од меѓународните финансиски институции. Наместо да бидат загрижени околу структурните промени - елитата се занимава со трајната напнатост на геополитичката

ситуација. Нацијата постанува покорена, послушна и угнетена. Централното планирање од безличните бирократи е заменето со централно планирање од страната на Еврократите, диктатите наместо од Москва - сега доаѓаат од Вашингтон, комунизмот сега се нарекува ММФ-визам. Каква удобност е сето тоа!!! Каква бизарност !!! Доколку економската политика пропадне - министерот ќе го обвини Меѓународниот Монетарен Фонд. Доколку успее - се разбира дека е непобитен интелект.

*Груевски:* Во 1949 година од специјално формирана група стручњаци Сталин побарал да му го пресметаат курсот на рубљата спрема американскиот долар. Нивната конечна пресметка била: 14 : 1 во корист на доларот. Сталин страшно разлутен од "14" ја исфрлил "1". Така Советскиот сојуз го обнародил својот прв повоен "курс" рубља - долар во размер 4 :1. За жал, тоа не му помогнало многу во развојот на економијата. Секако ова е екстремен пример, но пораката е јасна...

*Дилемата дали Македонија плати премногу висока цена за стабилниот курс на денарот во изминатиот период е се поприсутна.* Дефицитот во тековниот биланс како процент од бруто домашниот производ според податоците на НБРМ е следниот: 1994г = 5,5%, 1995година 5,8%, 1996г = 6,4%, а според официјални извори и во 1997 година е прилично висок и изнесува 8,13%.

Се чини дека макроекономската политика на Македонија во тој правец се сведуваше исклучиво на стабилноста на курсот, додека платниот биланс беше во негова функција. Македонија би требало да води побалансирана политика на овие два многу важни параметри: курсот на домашната валута и билансните дефицити. Тоа значи дека во никој случај не би требало да се дозволи неограничена флуктуација на курсот на денарот или негова многу голема

флуктуација, бидејки таквата појава ќе стане долгорочна, ќе тежнее кон се поголеми ,,скокови,, на домашната валута и ќе создаде услови на крајно нестабилно стопанство. Но создавање атмосфера на пореален курс на домашната валута со можност за негово контролирано умерено флуктуирање наместо сегашниот дефакто фиксен курс би создало поблагопријатна извозничка клима на кус рок. Дури и варијантата на програмирана месечна флуктуација на домашната валута веќе испробана во некои држави би можела да биде предмет на дискусија. Како и да е поголемата нестабилност на домашната валута покрај позитивните последици ќе носи и негативни, но сето тоа е како токсичен лек, кој што лечејки еден орган ја загрозува функцијата на другиот. Но ако пациентот е во тешка состојба првата работа што мора да се превземе е да се реанимира, од двете зла да се избере подоброто. Пофлексибилната домашна валута е мерка од ист калибар со задолжувањето - краткорочна, но се чини дека во овој момент тоа би било помалку штетна мерка од типот на временски краткорочни интервенции.

Патем речено, и неприродното одржување на стабилна домашна валута има свои граници после кои станува екстремно штетна бидејки последиците се наголемуваат со геометриска прогресија.Последиците од сето тоа ќе ги сносат идните генерации.

*Вакнин:* "Економистот " изјави за македонскиот денар дека е" ужасно стабилен ". Неможе воопшто да се постави прашањето околу вештачката стабилност. Евидентно е дека Централната Банка е во игра и врши доверлива работа, се додека се дефинирани целите. Цените се стабилни и домашната валута е стабилна - што повеќе може да побара централниот банкар во животот ?

Но, ова е илузија, што скапо ќе ја чини државата -и многу кратко. Корисно е да се потсетиме дека Русија две години имаше ниска инфлација, суфицит во трговскиот биланс и стабилна стапка на рубљата. Сега, нема ниедна од овие "успеси". Илузорната стабилност е изгубена бидејќи беше вештачка. Ниедна држава во светот не може да одржува просек од 6% од нејзиниот Бруто Домашен производ во дефицитот на платниот биланс година во и година надвор од неа, како и одржување на стабилен девирен курс. Ова може да се постигне само со гушење на економијата. Понудата на пари драстично е намалена, ликвидноста е опадната, евтиниот увоз е охрабрен, инфлацијата задушува и се оди кон дефлацијата. Со стабилност на цените - се одржува стабилен девизен курс. Но, со која ужасна економска цена !!! На гробиштата нема инфлација и девизниот курс останува бесконечно стабилен.

Сигурно е дека Македонија нетреба да подлегнува на последната мода. Не треба да дозволува целосна меѓународна конвертибилност или тргување на странските берзи. Овие чекори се оствариливи само после достигнувањето на одреден степен на девизни резерви заедно со висок кредибилитет на централната банка, резултат на долга и успешна патека на доверливост. Само онаа извозна држава каде постои рамнотежа на билансите може да си дозволи луксузност на отсутност од девизна контрола. Дури и најслободните пазари ( Хонг Конг, УСА ) ги управуваат нивните валути и интервенираат во нивните пазари на капитал. Ова не само што е законски - тоа е мошне важно. Но, неприродно преценетиот денар, ја оштетува Македонија. Го охрабрува извозот на оскудните девизи (исто така познато како увоз на производи и услуги ). Се искривува структурата на домашната каматна стапка. Се уништува целата индустрија. Води кон дефлација. Со движењето на

валутата се заканува да може да настане слична паника како што ја зафати Русија. Што би направила Владата доколку Вол Стрит падне, ММФ и Светската Банка престанат со исплаќање, странски инвестиции комплетно ќе пресушат, и илјадници граѓани ќе посакат да купат долари по било која цена? Дали Владата ќе воведе девизна контрола? Замрзнување на денарските заштеди? Загуба што останува на кредибилитетот на банкарскиот систем?

*Груевски:* Сето ова ја зголемува и општата несигурност во земјата заради што и покрај стабилниот курс инвестициите бележат несопирливи опаѓачки текови. Во такви услови и каматните стапки не само што не се намалуваат (за што има и други причини), туку се одржуваат на несватливо високо ниво, при што посебно е воочлива голема маргина меѓу активните и пасивните каматни стапки (околу 8-10 проценти) состојба која што во крајна линија испраќа многу пораки. Според некои експерти дури и ова ниво на каматни стапки не е многу високо со оглед на општата несигурност и неизвесност како во економијата така и во политичката состојба и опкружување.

*Вакнин*: Високата каматна стапка во Македонија не намерава да ги осигура заемодавачите против инфлаторните ризици, бидејќи денеска настануваат дефлаторни ризици поприлично отколку инфлаторни. Доколку се зема дефлацијата во сметката, реалните каматни стапки необично се високи. Ние сме принудени да веруваме, дека високите каматни стапки ќе извршат компензација на ризикот на позајмувачите на пари во Македонија (ризик на земјата) на Македонците (половина од нив не враќаат) во денари (каде може да биде посебно обезвреднето во времето на траењето на заемот).

*Груевски:* Монетарната политика е важна помошна мерка во подобрувањето на дефицитот на платниот биланс,

но не и главна особено во држави каде генезата на проблемот е од структурален (реален) карактер. Нејзината основна задача треба да биде прилагодување на обемот на паричната маса кон потребите на стоково паричните трансакции, со истовремено остварување на планираната стапка на инфлација во дотичната година. Истовремено монетарната политика треба да најде оптимален сооднос помеѓу одржувањето на што пореален девизен курс и биланснитe дефицити / суфицити, во функција на динамички стабилно стопанство и потикнување на извозот.

Платниот биланс е огледало на националната економија, а девизниот курс е одблесок од тоа огледало. Македонија има изопачена и искривена слика од тоа огледало.

За доведување на платниот биланс во рамнотежа (реална, а не само книговодствена) како основна цел на секоја макроекономска политика е постигнување умерен суфицит во трговскиот биланс. Секако дека тоа е невозможно да се оствари на многу краток рок, но со превземање на повеќе мерки за кои ќе стане збор во овој дел би требало да се започне остварување на нов тренд во тој правец. Единствениот излез, прв и најзначаен чекор кон менување на состојбите на долг рок и наоѓање на излезот од бесконечниот лавиринт на хетерогена структура на проблеми на Македонија е да се спроведе стратегија на државна развојна монетарна политика. СТРАТЕГИЈА ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА МЕНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНАТА СТРУКТУРА НА СТОПАНСТВОТО. Колку побрзо се постават темелите на оваа политика, толку побрзо ќе започне реалното решавање на проблемите за кои дискутираме.

На почетокот би сакал да потенцирам дека приватизацијата не значи преструктуирање (трансформација на

структурата на стопанството). Државата може целосно да го приватизира сопствениот имот, и повторно да има исклучително лоша структура на стопанството.За да почне да се развива економијата во Македонија најпрвин мора да се дејствува во правец на менувањето на нејзината сегашна структура ...бидејќи човекот не може да оди напред со поглед кон sвездите, ако има боцки во чевлите.

Долгорочна цел на македонската макроекономска политика би требало да биде намалување на увозот со истовремено зголемување на извозот.

Унапредувањето на извозот (и супституција на увозот) е стратегија врз која би требало да се темели развојот на. Македонија, преку која би се решавале најгорливите проблеми во економијата како што се: дефицитот во платниот биланс, невработеноста, задолженоста на земјата.

Во основа како што веќе споменав, за да се постигнат посериозни резултати на полето на трговскиот дефицит и извозот потребно е менување на структурата на стопанството. Ваквото нешто, во основа би требало да биде спонтан процес, но кога веќе тоа не е случај, или пак истиот се одвива премногу бавно, државата би требало поактивно, користејќи ги расположливите демократски и вообичаени инструменти во светската економија, да трасира пат кон поцврсти основи на македонската економија.

*Вакнин:* Парадоксално е да се каже дека само владата може да ги обезбеди условите потребни за оперирање на слободните пазари. Добрата Влада изнаоѓа сопствен начин како да исчезне од пазарот. Треба да се конструира градба и да се дозволи на други наематели да управуваат со неа. Постојат неколку нешта што само Владата може да ги прави. Тоа се, одржување на редот и законот, одбрана на државата, спроведување на одредени непрофитни јавни добра

(образование, здравство). Но, се сложувам со Вас дека најважната улога на Владата во економијата е спроведување на услови за работа и структура. Таквата структура треба да вклучи про-конкурентски политики (антитруст ), заштита на интелектуалниот имот, охрабрување на високо вредните додадени активности, обука и квалификација на човечката моќ, одржување на транспарентност и еднаквост, како и врховната власт на законите, спроведување на функционалните институции (судови, царини, даночни овластувања, банки, пазари на капитал, социјална заштита), масовна реедукација, инвестирање во иднината (на пример, во истражувачките и развојните активности), унапредување на добрите меѓународни односи преку преговори и договори, следење на мирот,активно охрабрување на странски инвестирања и увоз на know - how и технологија, како и охрабрување на мали бизниси - се ова е дел од листата.

Главната ориентација во преструктуирање на стопанството треба да биде извозот. Владата треба да помогне на компаниите и истражувачките институции во идентификување на релативните предности на Македонија, воопшто и во одделни региони, посебно во индустријата и компаниите. Потоа, треба да асистира при користење на предностите во употреба на средствата.Исто така, треба да им ги стави на располагање сите информации и помош што може да им затребаат. Треба да се елиминираат, бирократските огради и процедури. Треба да ги поврзе со бизнисмените, компаниите, индустриските асоцијации и властите, со истите во државите што се нивна цел. Потоа треба да посредува во нивна корист, да ги заштити, да лобира, да се умилкува, преговара - на кратко, државата треба да биде извозниот партнер не само во приходите (преку даноците) - но исто така и во напорите, во трошоците, и во освојување нови пазари. Владата треба да ги охрабри

извозниците финансиски (ослободување од даноци, дотации, исклучоци и други потикнувања) и нефинансиски ( награди, консултивни капацитети со посебно способни советници за извозниците, претставници на владата, специјално брзи судови ). Нема потреба да се измисли тркалото: ова е акумулирано искуство утврдено од десетина успешни извозни држави.

*Груевски:* Кои би биле средствата и изворите за финансирање на еден ваков проект?

Погоден инструмент за почнување на политика на преструктуирање на македонското стопанство е БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ И ПОДРШКА НА ИЗВОЗОТ преку која ќе се подржуваат извозно ориентираните компании производители, давајќи им поволни долгорочни кредити.Од тие причини се наметнува прашањето за повисока капитализација на гореспоменатата банка во висина не пониска од 200 милиони ДЕМ (пожелно 400 милиони ДЕМ), што би се обезбедило од : приватизацијата на телекомот, донации што за таа цел пристигаат од други држави, продажба на остатокот од државниот имот вклучително и продажбата на јавните претпријатија во Македонија од кои се очекува високи девизни неповратливи приливи.Покрај повисоката капитализација, оваа банка би требало да обезбеди повеќе кредитни линии од странство.

Најважниот дел при работењето на оваа банка треба да биде повеќестепена супервизорската контрола на издавањето на кредити по однапред определени критериуми, бидејќи државните банки по дефиниција се склони кон корупција и непазарно работење. Според тоа само екстраквалитетен мониторинг систем на работењето на менаџерите на оваа банка која во овој момент е во фаза на основање, може да обезбеди квалитетно работење и квалитетни резултати на долг рок.

*Вакнин:* Многу економисти ја оспоруваат ефикасноста на таквата банка. "Економист " пишува цела " cover story" за сите методи кои владите ги користат за да ги охрабрат нивните извози. Банките, како што е Ех - Им банка во САД, се цени дека е високо неефикасна. Толку многу што Американскиот Сенат сериозно дебатира за елиминирање на организациите, како што се OPIK (Прекуморска Приватна Инвестициона Корпорација). Принудени се да дејствуваат недескриминирачки геогравски и секторски. Тие се надуени бирократи. Нивните акции се повеќе мотивирани политички отколку комерцијално. Тие често се жртви на измама и лажни трансакции. Но, покрај се ова кажано, тие создаваат морален хазард. Со други зборови: трговците и извозниците ги прифаќаат ризиците од кои - без банкарска подршка - би се воздржале. Тие знаат дека доколку изгубат пари - тоа се пари на банката, не нивни. Ова им создава напнатост и бесчуствителност. За жал, таквите банки овозможуваат да домашните бизнисмени ги победат новите, потенцијално опасни, извозни пазари. Но, зошто да одат кон ризични пазари ? Само сведок може да каже колку пари се изгубени со овие " посебни наменски банки ", во Русија само за време од две недели. ЕБРД само изгуби помеѓу 1.5 и 4.7 милиони УСД, од пари кои всушност се наменети за даноци. Јас сум апсолутно против интервенција на државата во она што се вика процеси кои се создадени чисто со намера да се извади профит од нив. Доколку извозникот најде доволно добри пазари - тој ќе биде таму, со или без таква банка. Доколку не најде, зошто, ние, плаќачите на даноци, треба да влегуваме во неговите опклади и да учествуваме во неговите загуби (додека недобиваме ништо од неговиот профит)? Постојат два исклучоци. Прво, владите треба да ги субвенционираат извозите на различни места кои страдаат од висок степен на трговски протекционизам и државен

субвенционизам.Ако Јапонија изврши висок степен на субвенционирање на оризот, тогаш оние земји кои извезуваат ориз треба да ги субвенционираат нивните извози и да им помогнат да влезат на овој пазар кој и така е искривен од нелегитимната државна интервенција. Вториот исклучок е, доколку државата нема функционален банкарски ситем. Дури и тогаш банката треба да се однесува строго, според комерцијалните барања и да одбие да финансира непрофитабилни трансакции, без разлика колку се тие политички посакувани или експедитивни. Од друга страна, во Република Македонија, има огромна потреба од таква банка, бидејќи сите други банки се нефункционални кога се зема во предвид меѓународното трговско финасирање (или поради нивната несигурна позиција во светот, или заради игнорирање, корупција и низа други болести). Од друга страна, искуството кажува дека ова може да се претвори во корупција, експлоатација и полошо. Треба да се најде начин за супервизија на таква банка, со надворешна асистенција.

Да напоменам дека извозно развојната банка е еден инструмент што им стои на располагање на владите. Осигурителните компании се друго. Во минатото многу влади формирале посебни осигурителни армии. Нивната задача беше да ги осигура извозниците или инвеститорите против ризикот во државата, политичкиот ризик, војна, терор, експропријација, неплаќање, суверено решавање на проблемите во услови кога приватните осигурителни компании не сакале или не можеле да се зафатат со решавање на проблемот. Овие осигуреници добиваа монструозни пропорции (OECD во Британија, COFACE во Франција, OPIC во USA и други ). Тие беа познати по недостаток на професионализам, недоверливост, (често одбегнуваа да платат кога ќе се створи проблем) и неверојатни загуби и креативни пресметки. Денес, секој

ризик е неосигурлив по вистинската цена. Доколку не е осигурливо - извозниците се советувани да не вложуваат во пазарот, независно какво е искушението.

*Груевски:* Во функција на зголемување на инвестициите и менување на структурата на стопанството е и воспоставувањето на ефикасен судски систем ,кој би овозможил амбиент во кој и комерцијалните банки од Македонија со побрза наплата на своите побарувања би овозможиле долгорочни и поевтини кредити, што пак индиректно ќе допринесе во процесот на структурно менување на стопанството и градење извозно ориентирана ефикасна економија. Во овој момент да се пласираат средствата во Македонија од аспект на Банките е навистина "мачка во вреќа". Банката никогаш не може да биде сигурна дека средствата ќе и бидат вратени. Прво, судскиот механизам е многу спор и неефикасен, што значи дека дури и да си ги поврати средствата ќе мора да потроши една, две или повеќе години, период во кој главницата плус редовните и казнените камати ќе ја надмината вредноста на хипотеката и банката нема да може во целост да го наплати долгот. Второ, се покажа дека реализацијата на една хипотека е вистинско БИНГО во Македонија. Постојат илјада начини да се измами банката и должникот да не го врати долгот, а системот наместо да ја штити банката ги штити доверителите, при што на долг рок се поткопувааат темелите на финансискиот систем што се враќа десетократно како бумеранг. Банките во очај ја губат храброста во пласирање средства поради амбиентот на неизвесност, кој не гарантира враќање на парите или пак опасноста дека евентуална девалвација би можела да им стопи дел од имотот, особено на банките со странско потекло кои директно инвестирале девизи при зголемувањето на капиталот на Банката. Бавната правда е неправда.Затоа банките бираат опција на високи

активни камати како би го покриле ризикот на инвестирање во стопанството со правен систем налик на "швајцарско сирење". Од друга страна високите камати ги зголемуваат трошоците за производството, што реално ја намалува извозната конкурентност на производите на компанијата, ги доведува во прашање новите инвестициони проекти, а во полош случај се доведува во прашање опстанокот на компанијата и можноста инвестираните пари да бидат вратени на банката. Бесконечната спирала е сурова доколку не се спречи во самиот почеток. Македонија е во состојба "да се инвестира и да се извезува или да се умре". За да се започне тоа најправин треба да се стори она што го пишува во една биографија на Хитлер: "негативните појави треба да се уништат во самиот почеток, за да не мораме подоцна да ги анализираме".

*Вакнин:* Непотребно е да кажам дека целосно ги делам вашите гледишта. Сакам само сите да ги потсетам дека ефикасен судски систем е само еден од долга серија на мерки кои треба да бидат приоритетно усвоени во основањето на здрав и функционален банкарски систем. Средствата треба да бидат соодветно регистрирани со употреба на напредни компјутерски системи. Тие треба да бидат централизирани, правовремено регистрирани на гаранции и хипотеки. Лошите должници треба да се стават на црна листа и јавно да се објават. Процедурите на банкнотирањето треба да се поставени мошне концизно и правилно да се спроведуваат. Личното банкротство треба да биде проследено со воведување на строги рестрикции кон оној што банкротирал. Законските процедури за материјализирање на активите треба да се многу поедноставни. Многу од функциите на собирање и апропријација на гаранции од кредиторите треба да бидат трансверирани во приватниот сектор. Ова е дел од листата. Не можам да

кажам ништо повеќе за судот што претходно не сум кажал. Тие се бавни, неефикасни, ограничени и предмет на политичка интервенција. Посебен комерцијален суд треба да се формира со цел да ги задоволат потребите на посебни групи, како што се извозниците и странски инвеститори. Судиите треба да бидат обучени повторно. Но, банките мора многу да сторат самите. Нивниот имиџ ќе се трансформира само преку активности. Доста е лесно да не се врати долг кон " непријател на луѓето ". (како што банките се сватени ). Банките треба да станат повеќе лични, во складност со потребите на малите бизниси, млади брачни парови, студенти, индустрија и извозници. Нивото на професионално образование на вработените во банките треба да се подобри. Тие мора да се запознаат со финансиските производи - инструментите од Западот. Тие треба да иновираат и да бидат активни партнери во економијата, а не само пренесувачи на пари.Тие мораат дискриминаторски да ги наплаќаат каматите: добрите заемопримачи да плаќаат МНОГУ ПОМАЛКУ отколку лошите. Тие треба да го делат профитот со нивните вработени и со јавноста. Треба да се услужливи со клиентите: АТМ машини, поедноставна процедура, помали редици, домашни банкарски услуги, информативни услуги, услуги на пазарите на капитал. Тие мора да се ослободат од политичките влијанија, пријателството и корупцијата - сите денешни жестоки проблеми.

*Груевски:* Исто така Македонија би требало да форсира политика на извоз на финални производи, и дестимулирање на извоз на полуфабрикати и суровини се разбира откако претходно ќе создаде услови за тоа. Кредитите од банката за развој и подршка на извозот и од меѓународните институции би требало да бидат насочени токму во правец на стимулирање на производство и извоз на што е можно повеќе финални производи, и инвестирање

во изградба и опрема на фабрики кои поголемиот дел од производството ќе го насочат за извоз, или за супституција на увозот, и остваруваат висок профит.

Како резултат на лошата структура на македонското стопанство (креирано како дел од старата југословенска федерација), и како резултат на екстремната либерализација на увозот во изминатиот период покриеноста на увозот со извоз во Македонија драстично опаѓа. Така во 1992 година покриеноста на увозот со извоз изнесува 99,3 %, во 1993 година 90,6 %, во 1994 година опаѓа драстично на 73,2 %, во 1995 година продолжува трендот на опаѓање на 70,0%, во 1996 година - 70,5% а во 1997 година ја пробива и границата на 70% покриеност одејки на 69%. Ваква динамика на подолг период неможе да издржи и многу посилна економија од македонската и ова води кон целосен пропаст на стопанството и државата на долг рок.

*Вакнин:* Да чуеме, да чуеме. Можеби е важно да се објасни на лаиците зошто. Единствена причина зошто државата извезува е да прими девизи. Зошто е ова потребно? Покрај се, внатрешно, сите трансакции ја вклучуваат примената на Македонскиот денар. Странски средства се потребни за да се финансира увозот. Со други зборови: ние извезуваме САМО за да можеме да увезуваме стоки и услуги. Увозот е добра работа. Различни земји напреднуваат во производство на различни стоки и услуги. Подобро е да се увезе производ од земја која е отидена напред во производството на таа стока,отколку самиот да го произведуваш тоа. Нашите ресурси ќе бидат подобро искористени кога НИЕ ќе имаме релативни предности пред другите.

Поради тоа, постојан, повеќегодишен трговски дефицит е опасен. На крај, државата ќе излезе од странската размена. Нема да може да увезува. Нејзините ресурси ќе бидат вработени во создавање стоки и услуги кои немаат

релативна предност ( и кои што ги користела во увозот)- со други зборови: ресурсите ќе станат отпад. Нивното богатство ќе опадне. Воедно, и вредноста на обврските ќе се намали - бидејќи луѓето нема да бидат сигурни во големината на ризикот во државата. Ова е причина зошто валутите депресираат а исплатите на долговите се замрзнуваат кога избувнува криза на платниот биланс. Валутите и долговните инструменти (обврзници) се обврски направени од државата. Тие се надеваат да се зачува вредноста. Но, доколку вредноста на целата држава е намалена (бидејќи богатството е потрошено преку неефикасни алокации на економските ресурси) - валутата мора да девалвира.

Како што се зголемува и акумулира трговскиот дефицит (како што државна залиха на девизните средства се губи), државата или ја губи својата независност и постанува сурогат на своите донатори - или кризата зазема замав насекаде. Валутата колабира, се замрзнуваат сите обрвски, и е осудена на продолжена рецесијата и недостаток на стоки и услуги што повеќе неможе да ги увезува.

*Груевски:* Покрај квантитативно ниското ниво на извоз, Македонија има огромен проблем и со структурата на извозот. Најголемиот дел од македонските производи што се извезуваат се евтини суровини со низок степен на обработка(цинк,тутун) , класични полуфабрикати (топловалални легури од железо , фероникел) , лон производство (ниско вреднување на трудот и ниска профитабилност) или се земјоделски производи(свежи) . Како поткрепа на оваа теза ќе ја наведам топ листата на производи кои на Македонија и носат најголем девизен прилив со податоци од Заводот за статистика на Македонија за периодот 01.01.97-01.12.97. Така на врвот на листата е цинк нелегуриран (суровина) кој е извезен во висина од 54,268

илјади УСД. На второ место е извоз на машки кошули(лон производство) - 53,706 илјади УСД, следат цигарите и тутунот со 50,102 илјади УСД, па други топловалални производи од железо (суровина - полуфабрикат) во висина од 49,222 илјади УСД, тутун(суровина)- 47,508 илјади УСД, Фероникел (суровина, полуфабрикат) -33,607 илјади УСД, Феросилициум (суровина - полуфабрикат) - 32,252 илјади долари, женски блузи и кошули (лон производство) - 31,361 илјади долари, вода минерална- 28,963 илјади долари и вино од свежо грозје (претежно нефлаширано) - 28, 944 илјади УСД.

Лошо структуираниот извоз може да се анализира и од анализата на извозот според економската намена. Така, од вкупниот извоз на материјали за репродукција во 1995 година спаѓаат исклучително високи 54,2%, во 1996 година 49,5% а во 1997 година 52,3%. Во извоз на средства за работа спаѓаат во 1995 година 4,2%, во 1996 година 3,3% а во 1997 година 2,9%. Стоката за широка потрошувачка во 1995 година опфаќала 37% од вкупниот извоз, во 1996 година 47,1% а во 1997 година 44,7%. Од овие податоци јасно е дека повеќе од половина од македонскиот извоз потпаѓа на извоз на материјали за репродукција, што е крајно загрижувачки особено кога ќе се нагласи фактот дека ресурсите, суровините и рудниците имаат ограничен век и дека брзо ќе се исцрпат, а цената на суровините можно е да продолжи да паѓа на светскиот пазар. Тоа се фактите. Голите факти. Секоја идеа мора да почне да се развива од фактите. Економијата како и животот е цртање во кој не можете да употребите гума за бришење.

*Вакнин:* Македонија припаѓа во економски клуб кој е за потсмев, чии членови страствено се обидуваат да го напуштат: клуб на група држави кои извезуваат главно сировина и полу-финални производи, а увезуваат финални

производи. Ова е класична дефиниција на колонијата во старата меркантилистичка теорија. Колониите се осудени да стваraат дефицит, еднаков на вредноста која е додадена од индустриските држави во сировината кои ја увезуваат од колониите. Додатно , колониите стануваат "мамка": тие ја приврзуваат кон предностите што работната сила, на пример, ги обезбедува. Тие настојуваат да потиснат се што се забележува како закана во нивниот статус како колонија: демократија, подобро образование, повисоки плати, подобра инфраструктура ( не е поврзано со производството ) итн. Во оваа ограничена смисла, Русија, Индија и Македонија припаѓаат во ист клуб. Дури и тие да добијат интегритет ( како сиромашни роднини ) во попрестижна група на нации ( како што е ЕУ ) - тие веројатно ќе продолжат и ќе го задржат статусот на "додаток " како што се Грција и Португалија.Тие ќе станат извори на евтина работна сила, депонија ( хемиски отпад, еколошки катастрофи ) на побогатите членови, на попознатите туристички места, индустриска подлога и гориво во машината за пораст на индустриските и услужните нации. Колониите не само што се вечни извори на сировина и високо - квалитетен - ниско - платен - работник - тие се исто така одлични, пазари за продажба на финални производи. Во оваа смисла, би било грешка да се настојува за вклучување во клубот на просперитетни нации во оваа фаза.Да се направи тоа, значи да се овековечи жалната состојба на Македонската економија и жалосниот статус во сверата на нејзиниот извоз.

*Груевски*: Чекор кој Македонија би требало под итно да го превземе е директно интервенирање со даночната и фискалната политика во правец на менување на структурата на стопанството кон извозно ориентирано. При тоа би требало на комерцијалните приватни банки да им се овозможат силни даночни стимулации за давање кредити

кои се наменети за производство на извозна стока (со добро воспоставен механизам на контрола на патувањето на стоката) и даночни повластици за финансирање на финални проекти. Таквите стимулации би требало да се даваат и на приватните компании кои се занимаваат или ќе започнат да се занимаваат со производство и извоз на финални производи , а уште поголеми даночни стимулации за исти такви но со меѓународно воспоставен стандард за квалитет на производите. Исто така државата би можела за стратешките извозни производи (однапред дефинирани) во почетниот неколку годишен период да овозможи кредити преку Банката за развој и подршка на извозот со помала камата, па дури и такви услови преку комерцијалните банки, со тоа што државата би ја покрила разликата од каматната стапка на банката и одобрената каматна стапка на одредена комерцијална компанија.

Доколку државата им каже на Банките дека ќе плаќаат помали даноци на приходите остварени од финансирање на производни проекти за финални производи и производство наменето за извоз (и извезено), и за производи со повисок квалитет, логично е дека раководствата на банките почесто ќе финансираат таков вид на проекти.

Исто така доколку државата им објасни и вети (со закон) на производителите и на потенцијалните производители дека за производство на финални производи (посебно од оние кои се на листата за супституција на увоз), како и на постојните и потенцијални производители на производи кои ќе бидат извезени и особено на производителите на високо квалитетни производи (по воспоставени меѓународни стандарди) , дека ќе платат многу помалку данок или во одредени случаи дека ќе бидат целосно ослободени од оваа обврска, а од друга страна полесно ќе добијат банкарска кредитна подршка било од комерцијална, било од државната

банка (под услов ако имаат квалитетен проект по Западни стандарди) , многу е веројатно дека за неколку години ќе се почуствуваат позитивните ефекти од оваа политика, трговскиот дефицит сериозно ќе опадне или ќе се анулира. Сето ова кога ќе се комбинира со додатни стимулации за странски директни и портфолио инвеститори, шансите за излез од агонијата стануваат уште поголеми.

*Вакнин:* Несомнено сум против секаков вид на државна интервенција во она што е чисто економски и комерцијален процес. Само калкулациите за профитот и загубата треба да одредуваат дали банките ќе даваат позајмици, дали инвеститорот ќе инвестира и дали извозникот ќе извезува. Таквите околности обврзуваат да се земат во предвид изводливоста на трансакциите или проектот и ризиците поврзани со нив.Онаму каде што не се позајмуваат пари, обично има одлична причина за тоа. Каде што извозот е неефикасен- тоа е доказ на недостаток на конкуренција. Каде што нема инвестиции-амбиентот е лош. Со интервенирање, стимулирање, охрабрување и.т.н., државата се става себеси во позиција на судија. Зошто треба да претпоставуваме дека државата знае подобро ? Зошто треба да ги довериме нашите пари од данок, да се разделат на банките и производителите?Што знае државата за финасирање, меѓународна трговија и производство - што пазарните учесници не го знаат ? Доколку пазарниот играч ( банка, инвеститор, извозник ) го менува неговото однесување поради државна интервенција, тоа не е слободен пазар. Тоа е нарушена емитација, која води кон пропаст и неефикасна употреба на скудните економски ресурси.

Државата може многу да направи за да го охрабри извозот. Прво, треба да создаде вистинска атмосфера за водење бизнис. Треба да ја охрабри конкуренцијата, да ги обесхрабри картелите, да го подобри правниот систем,

безпристрасност кон даноците, да се елиминира екцесната бирократија, да се подобри инфраструктурата, да ги тргне рацете од пазарот на капитал, вистински да приватизира (наместо да ја ограбува земјата и да го дели имотот меѓу неколкумина), да потпишува меѓународни и билатерални економски договори, да осигура макро - економската стабилност, проток на информации и професионално знаење, обука на работна сила, употреба на јавни овластувања за активностите на пазарот, запечатување на корупцијата и криминалот, заштита на правата на имотот и интелектуалниот имот, да ги намали даноците - и ова е само дел од списокот. Со други зборови: Владата треба да ги осигура условите за фер игра. Тие треба да ги контролираат правилата на играта - но не да станат играчи. Обезбедете вистински услови во економската градина и цветовите на вистинскиот извоз ќе расцветаат.

Кога и да е и каде и да е, ( дома и надвор ) Владите се сретнуваат со неправда, дисторција на алокацијата на економските ресурси,фаворизирање, старо пријателски врски - тие треба да се изборат назад. Треба да спроведат квоти и царини на производи предмет на слични квоти и царини насекаде. Треба да им се одмаздат во економско војување. Треба да делуваат против дампинг, пазарна изолација и други анти - конкурентски или политички мотивирани димензии на економска активност ширум светот. Владите никогаш не треба да бидат вегетаријанци во светот на месождерите, со цел да не се видат себеси како плен.Но тие треба само да реагираат, не да дејствуваат.

*Груевски*: Јас исто така го посакувам она за што Вие зборувате и би бил многу среќен кога Македонија би била држава која не е во позиција за државна стимулативна интервенција заради менување на структурата на стопанството.

Како и да е, јас не зборувам за некаков цврст диригиран систем, на кој што и непомислувам. Секоја држава сака да го стимулира извозот, и покрај оние мерки за кои Вие зборувате, а јас апсолутно ги прифаќам, постојат и други мерки, со кои на ваков или онаков начин, владите се обидуваат да им помогнат на своите компании во продорот на сопственото стопанство. Тоа дури го прават и најголемите и најразвиените земји во светот, и тоа е факт.

МАКЕДОНИЈА ВО ОВОЈ МОМЕНТ Е ДАЛЕКУ ОД ПОЗИЦИЈАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ЧИСТА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА, и засега тоа е само добар сон. Прекрасно е да се сонуваат убави соништа, но во меѓувреме треба и да се живее. Ако можеше Јапонија и многу други држави да превземаат такви мерки , зошто Македонија во еден ОГРАНИЧЕН И ОДНАПРЕД УТВРДЕН ПЕРИОД не би го правела тоа. Тука воопшто не станува збор за тоа што знае државата за финансирањето, што знае државата за меѓународната трговија, производството и.т.н. Јас ја прифаќам Вашата теза дека таа не знае многу за тоа, иако државата во услови на (генерално) лоша постоечка менаџерска структура може понекогаш и за тоа да се разговара. НО ДРЖАВАТА ЗНАЕ ЕДНО: ДЕКА И ТРЕБА ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ, И ТОА ШТО ПОБРЗО, и оттука произлегуваат мерките за кои јас зборувам.

Секоја држава си ги гледа сопствените интереси. Ваквите интервенции се присутни и во ЕУ особено во областа на земјоделието, но и пошироко. Споровите меѓу Шпанија и Франција во земјоделието се закануваат да прераснат во трговска војна особено по влегувањето на Полска во ЕУ.

Ќе видете што ќе се случи со САД ако биде зафатен со криза и рецесија како што Вие предвидувате во Вашиот текст во Нова македонија на 30ти Април оваа година. Тогаш

ќе видете што значи државна интервенција и пазарна економија. Ова што јас го споменувам ќе биде "шеќерче во кафе" наспроти она што државната администрација на САД ќе го спроведе, и што одвреме навреме го прават и други држави (на кризата во 30-тите и на Џорџ Мајер Кејнз да не се навраќаме). Згора на сето тоа Македонија не е во класична кризна ситуација, што значи дека капацитетите работеле добро, а сега послабо, па постои загриженост. Во Македонија подолго време многу голем број од производствените компании ВООПШТО НЕ РАБОТАТ, А НОВИ СЕ ОСНОВАНИ ВО МНОГУ ПОМАЛ БРОЈ. Мислам дека не е потребно да Ви ја опишувам состојбата и улогата на Македонија во границите на СФР Југославија и потоа, и последиците од тоа. Значи државата има тешка задача. Не да создаде услови за зголемување на производство на повеќето капацитети, туку да создаде услови дел од старите и многу нови капацитети да почнат да работат практично од нула.

Даночната стимулација за извозниците во првите 4-5 години е најмалку што државата може да помогне додека се направат неколку производни обрати.

Се сложувам со Вас дека постои опасност таквите компании "да се успијат", но кога однапред ќе биде јасно дека шансата е со ограничен рок, верувам дека поголемиот дел од нив поинаку ќе се однесуваат. Од повеќето такви компании државата во овој момент нема даночни приходи бидејќи или неработат или не се основани. Следува дека во иднина државата евентуално може да произведе нови приходи а никако загуби.

Македонија многу често прави исти грешки. Македонците беа најголемите југословени пред 1991 година , речиси до последен момент, додека сите други републики се подготвуваа за самостојност - материјално, финансиски

и воено. Македонија водеше во изминатите 6-7 години полиберална увозна политика од многу помоќни држави од неа(Хрватска, Словенија ...), а резултатите не се подобри. Слична грешка Македонија направи во периодот 1993-1994 година кога хиперинфлацијата беше скротена, а каматните стапки останаа на исто ниво цели 2 години потоа (25-30% на месечно ниво). Кажете ми која компанија во светот може успешно да работи со кредит за кој се плаќа 25% месечна камата при инфлација од 18-20% на годишно ниво? Државата тогаш одлучи да глуми пазарна економија и не интервенираше. Компаниите мораа да земаат кредити за да го финансират своето производство, а резултатот беше стотици компаниски банкроства во неможност да ги вратат кредитите со високи камати. Сето тоа драстично негативно се одрази на билансите на банките . Последиците ги чувствуваме и денес: силен пад на производството, пад на извозот, енормно зголемување на невработеноста, нездраво банкарство.

МНОГУ Е ЛЕСНО ДА СЕ ПРОЧИТА ЛЕКЦИЈА ЗА ТОА КАКО ТРЕБА ДА ИЗГЛЕДА ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНО СТОПАНСТВО, И ИСТОТО ПОДОЦНА ДА ПРОПАДНЕ. ТЕШКО Е ДА СЕ СПАСИ ИСТОТО, ПА МАКАР И СО КРАТКОРОЧНА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ДРЖАВАТА.

Шок терапијата не се покажа многу успешен "лек" во Источна и Централна Европа. Пред воведување на чиста пазарна економија мора да има еден подготвителен период, исто како што на детето му се помага кога ги прави првите чекори, или кога човек е болен.

*Груевски:* Факт е дека преструктуирањето е скапа работа. Но се исплати. Примерите од други држави го потврдија тоа. Онаа влада која ќе се зафати со таков проект мора да биде многу стручна, искрена и доследна во идејата

и намерата, упорна и одлучна. Одлучноста се развива како мускул. Треба вежбање.. И повторно може да се случи да ја загуби позицијата (особено во првата фаза на преструктуирањето). Можеби затоа најбрзо и најефикасно преструктуирање имаат државите со полудиктаторски или диктаторски режими, кои имаат цврсти позиции на недемократска основа. Но ова не значи дека демократските влади не можат да завршат ваков процес со успех и за тоа повторно да бидат наградени од граѓаните.

Се поставува прашањето како државата би финансирала еден ваков проект. Мислам дека Македонија сеуште е во фаза кога има извонредни можности да спроведе една ваква политика. Македонија за среќа сеуште има многу државен имот. Пред се тука би ги споменал јавните претпријатија. Со нивната продажба без проблем би можело да се финансира проектот "преструктуирање на стопанството". Така на пример во овој момент се знае дека државата за телекомуникационото претпријатие може да инкасира околу800 - 900 милиони долари. Замислете кога половина од тие пари би се инвестирале во Банката за подршка на извозот, а втората половина во покривање на буџетските загуби по основ на даночните ослободувања и олеснувања за потикнување на извозот, премии и слично. Се разбира дека ваквиот начин на финансирање на буџетските загуби би бил со ограничен рок од две причини: 1.На краток и среден рок: Средствата од продажбата на државните компании се ограничени и би можеле да покријат период од 5 до 10 години, 2. на долг рок: .преструктуирањето на стопанството би траело во еден период од 10 до 15 години, и доколку се се спроведува како што е замислено, ќе се овозможи основање и развој на нови успешни компании (кои денес не постојат или имаат низок профит, што од друга страна значи и ниски даночни приливи на државата) кои со

отварањето на новите производни и извозни бизниси со помош на новата политика на државата би започнале постепено да ја надополнуваат празнината во буџетот настаната како резултат на извозни премии, ослободувања, олеснувања и слично (за кои што предмалку зборував како мерка за преструктуирање на стопанството). Така на пример, доколку една компанија денес работи со профит од 100 илјади марки годишно, а со новите мерки на државата (полесно доаѓање до кредитни средства за производство, извоз и даночни олеснувања по истиот основ) го зголеми својот бизнис и оствари профит од половина милион германски марки, тоа значи дека државата ќе инкасира отприлика пет пати повеќе средства од данок. Но примарно е државата да изгради фер и демократска атмосфера во работењето.

Но, да не заборавиме дека во овој пример зборуваме само за парите што Македонија ќе ги добие од продажбата на телекоминакционото претприатие.

Кога на ова ќе ги додадеме средствата од продажбата на електро стопанство, железницата, поштата, државните хотели, комуналните претпријатија и други објекти за кои во современите држави во последните 10 години е присутен тренд на приватизирање, доаѓаме до заклучок дека Македонија има историска шанса да ја преструктуира својата економија, да ја направи извозно ориентирана и со висококвалитетни производи и услуги.

*Вакнин:* Доколку Владата одлучи директно да го финасира извозот, тоа може да го прави, преку извозни субвенции или преку кредити добиени од посебни банки или преку општиот банкарски систем, како што Вие сугерирате. Мислам дека тоа е погрешно. Но, се сложувам со Вас дека најдобриот извор ќе биде спроведување на приватизирање на државните средства. Ова е една извонредна приходна

ставка. Нормално, спроведување на продажбата треба да биде надвор од регуларниот буџет ( екстра - програма ). Повеќето Влади го продаваат својот капитал ( = компаниите кои ги поседуваат ) и парите ги употребуваат за тековните буџетски трошоци. Ова е многу погрешно. Парите треба да се користат или да се финансира инфраструктурата или да се подржи реконструкција на економијата, како што Вие подвлековте. Вашиот пристап е малку "реагоничен". Вие верувате дека ако парите се инјектираат во економијата фискално тоа ќе се претвори во поголеми даночни примања во свое време. Историјата не ја подржува оваа (привидно резонирачка) претпоставка. За време на осумдесетите, САД беа зафатени од економии на т.н. "supply side". Владата инјектираше пари (вклучително и воведување на најголемите програми од било кога за охрабрување на извозот). Резултатите беа зголемување за четврт на националниот долг и хроничните буџетски дефицити. Патем, САД во овој период завлезе во масовна приватизација. На пример, го продаде воздушните врски на приватен телекомуникациски оператор, системот за воздушна контрола, затвори, болници и бројни други државни претпријатија.

*Груевски:* Морам да објаснам дека забележав дека не бев разбран. Мојата идеја не беше идејата на протагонистите на suplly side economy, бидејќи јас немислам дека со намалувањето на даноците драстично ќе се зголемат инвестициите, поголеми даночни приходи подоцна и.т.н. Идејата е многу поедноставна: помалите даноци за оние кои произведуваат стоки за извоз да ги стимулира оние кои се занимаваат со непроизводна и извезувачка дејност, или кои произведуваат а не извезуваат, или кои тукушто почнуваат да работат некој бизнис, да се ориентираат кон извозни проекти (преструктуирање) што би го намалило трговскиот дефицит. Едноставно, во еден однапред определен

временски рок, извозот да преставува најдобра алтернатива за компаниите од Македонија, и истите да се натераат да бараат надворешни пазари со сите сили. Патем и банките да бидат стимулирани да ги подржат ваквите напори. Идните буџетски приходи се речиси ирелевантни во оваа замисла, а ако ваквата мерка добие одредни квалитативни и квантитативни ограничувања, како би се усмерила само кон најнадежните проекти, со елиминациони мерки од злоупотреба, би можело да нема речиси никакво или би имало многу мало влијание на тековната буџетска политика, како што имаше проблеми регановата администрација во осумдесетите. Ваквата мерка би ги мотивирала потенцијалните и актуелните производители да размислуваат за извоз како попрофитабилен бизнис (со пониски трошоци и поконкурентен) а за придобивките од зголемен извоз разговараме во овој дијалог. Но сето тоа во однапред утврден рок (додека започнат да работат), инаку навистина извозниците би можеле да станат неефикасни, некомпетативни и терет на државата. Патем, и споредбата со САД од осумдесетите и Македонија денес, мислам дека е несреќно избран пример. Состојбата на македонското стопанство би требало да се спореди со нешто многу повеќе нефункционално и блокирано. Тоа отприлика личи како да споредувате лечење на болен од грип и болен од рак. Болниот од грип има можност да го избере најмалку токсичниот лек, бидејќи не е во толку многу тешка состојба. Болниот од рак нема голем избор. Во прашање е животот.

Сепак, оваа мерка проследена од низа други мерки за преструктуирање на стопанството кон извозно, би можела да помогне.

Во целиот овој систем најранлива точка е фактот кој од минатите искуства говори дека поединецот секогаш успевал да ја надмудри државата и да ја злоупотреби

нејзината "голема идеја". Големите идеи понекогаш се како големи стари дрва: повеќе прават сенка одколку што даваат плод. Тоа значи дека и пред воопшто да се започне ваквата политика би требало да се создаде (или преслика од државите кои тоа успешно го направиле ) систем на контрола и ефикасен казнен систем во случај на злоупотреба на функции, закони и корупција. Се додека корупцијата е длабоко навлезена во системот нема теоретски шанси да успее било кој проект кој носи развој и просперитет на државата. Дилемата дали за ваквата состојба е виновна државата или поединецот веќе не е дилема: тоа е државата. Во психологијата на поединецот е да заработи повеќе( особено во услови на криза) дури и на сметка на државата, кога веќе тоа сите го прават. Таа психологија, или ако сакате култура, се менува само со ефикасен казнен систем со повеќестепена контрола. Се додека државата креира систем кој ќе важи за сите освен за "нас и нашите" нема никакви шанси за успех, најмалку заради тоа што Македонија е многу мала држава и повеќето успеваат да најдат пат до групата на "нашите". Системот кој го креира државата ги создава културата на бизнис однесување, размислување , амбиент и навиките. И негативните и позитивните. Државата мора најправин да воспостави ред со повеќестепено контролиран систем на казни, а дури потоа следи спонтано повеќегодишно создавање на "чувство на морален срам" од постапките за кои зборувам. Можеби казната секогаш не ја исправа неправдата, но спречува стотина други. Кој не го казнува злото, тој го поттикнува. Значи најправин е стравот а потоа на стравот ќе му се придружи и срамот. Срамот од откривање на дело "изигрување на државата" е толку малку присутен во Македонија што можеби некои луѓе и не ги разбираат овие зборови. Тоа е патот до создавање на новите навики и обичаи кај луѓето како и коренито менување на

психологијата на поединецот во поглед на обврските кон државата. За стравот и посебно за системот на срамот, многу може да се научи од Јапонија, систем кој би можел во одредени делови да биде интересен пример за Македонија и луѓето што живееат на Балканот. Во Јапонија судот не е многу посетувана институција. Во САД статистички гледано на еден адвокат потпаѓаат 323 жители. Во Британија 723, во Германија 1.345, во Франција 2.099, а замислете, во Јапонија 8.200 жители на еден адвокат. Во Јапонија адвокатите не се многу богати луѓе. Но, за да се стигне до едно вакво ниво, потребна е долга еволуција како и традиција од која очигледно Јапонците не остапуваат. Секако на Јапонија ќе се навратиме подоцна.

*Вакнин*: Секогаш има време за некоја филозофија во економскиот разговор. Останувам на тоа дека економијата е гранка на филозофијата. Вашите тези се така убаво поставени ( сериозно ) што јас немам ништо повеќе да додадам. Мислам дека за да го обвиниш и засрамиш некој може да се додаде трета сила: корисноста. Генерално, верувам дека човечките општества може да бидат поделени на: водени од страв, водени од срам, и водени од корисност(или договор). Првиот тип на општествата се карактеризира со постојаната битка помеѓу државата и другите институции и индивидуата. Брутална сила, суптилна сила, закани, заплашување, цензура се применуваат од државата спрема граѓаните. Тие реагираат преку саботажи, криминал, измама, субверзија, дисиденција и терор. Општествата водени од срам применуваат чист притисок и механизми за градење концензус за нивните членови. Индивидуата е подложна на бараж од етиката, конформизмот, митовите, социјалните права, општествени санкции, општествени награди, стереотипи, и е во постојана преоценка од неговите сонародници, колеги, врсници,

снабдувачи, клиенти, фамилија, социјални стратуми и.т.н. Индивидуата реагира со губење на поголем дел од неговиот идентитет и примање на заменлив идентитет наместо својот. Во меѓувреме ова води кон екстраординарна грубост и насилство или поблага форма на садизам. Револтот постои, но повеќе е прикриен и не вклучува отворено противење, разидување, саботажа или терор. Третата категорија на државата е најстабилна, издржлива, флексибилна, прилагодлива, функционална и идеал за создавање богаства. Вклучува договор помеѓу индивидуата и државата. Двете страни ја осознаваат супериорноста на индивидуалната корисност ( пари, задоволство, комфор, забава ) покрај сите други обзири или принуди. Индивидуалните услуги ги заменува дури и услугите на државата во повеќето случаеви (со неколку исклучоци, како што се даноците или воените услуги ). Двете странки поседуваат право на лечење на секој вид проблем во договорот преку однапред одредени механизми предмет на арбитража. Однесувањето е како бизнис и како игра. Ништо не е свето, се е предмет на ревизија. Заедничкото верување во добрите намери ( читај: рационално ), на страните преовладува. Прекршоците строго се казнуваат заради тоа што не содржат само уривање на договорот, туку и уривање на светата доверба. САД е врвен пример на таква земја.

*Груевски*: Покрај гореспоменатите извори на финансирање, развојот на пазарот на капитал како извор на финансирање,во Македонија ќе зависи од формирањето и развојот на инвестиционите фондови. Моделот на приватизацијата небеше најповолен за развојот на овој вид институции, што веројатно ќе се одрази на подолг рок.Тие во основа би требало да обезбедат мобилизирање на малите средства на одделни инвеститори и истите, окрупнети да ги насочат кон стопанството инвестирајки во хартии од вредност, девизи и пари.

Во склоп на извори на финансирање не треба да се забораваат и неколкуте странски кредитни линии и странски кредитни и осигурителни организации и нституции како: EBRD, Светската Банка, MIGA, IFC, OPIC, SEAF, USTDA, West Merchant Bank ltd, Alliance Scan East Fund ,l.p.,,, East Europe Development Fund Limited,, NEPA и други.

Еден од можните одлучувачки фактори за избор на финансирање на фирмите, е нивото на развој на финансиските пазари, посебно пазарите на акции.

Во последните десет години вкупната капитализација на берзите на хартии од вредност ширум светот се зголеми за три пати, од 4,7 илјади милјарди марки на 15,2 илјади милјарди марки. По извршената либерализација на берзите, и по успешниот обид да привлечат странски портфолио приливи, многу земји во развој ги укинаа ограничувањата на странската сопственост, ги либерализираа трансакциите преку сметката на капиталот и ги подобрија сметководствените и информациските стандарди. Улогата што ја имаат берзите во прибирањето и објавувањето на информациите е поважна за големите фирми бидејки со нивните акции почесто се тргува. Помалите фирми се хендикепирани со високите фиксни трошоци за издавање хартии од вредност. Берзите отвараат нови можности за прибирање капитал и нови инвестиции. За жал, во Македонија тоа не е случај поради повеќе фактори: моделот на приватизација, отсуство на политика за привлекување странски инвеститори, несоодветен и незаокружен правен систем, отсуство на државни обврзници и на филијали на големи западни банки, отсуство на централен регистер на акции, посилна презентација на можностите и улогата на берзата и.т.н.

Моделот на приватизација во Македонија изграден на база на инсајдерска поврзаност на акционерите и менаџерите кои во најголем случај беа истите луѓе, доведе

до ситуација да компаниите бегаат од берзата, потпирајки се на банкарските кредити со високи камати и бавен или никаков развој. Целта на менаџерите-акционери во изминатите три години (а веројатно и во следните три) е како да се присвои компанијата а не како да се развие. Ваквиот однос на микро ниво ги даде импликациите и на макро ниво. Ако компаниите во една држава стагнираат или назадуваат се поставува прашањето како е можно да се зголемува производството и извозот на макро ниво. Речиси се она што го гледаме како податок на макро ниво е резултат на работењето на микро единиците во една држава. Оттука мала е надежта дека во следните две- три години ќе се успее да се поттикнат компаниите кои се во процес на приватизација или оние со сеуште неконцентрирана структура на акционери да размислуваат за нови крупни проекти и пазари. Ова значи дека новите приватни компании и приватизираните компании со поконцентрирана структура на акционери би требало да го носат бремето на преструктуирањето и истите да бидат првите котирани компании и компании кои ќе се обидат да приберат нов капитал преку берзата во Македонија. За жал според изданието на The wall street jurnal Europe' s -Centrale European Economic Review од вкупно 15 транзициони држави од источна и централна Европа, Македонија според коефициентот на приватна сопственост наспроти процент на БДП е четврта но почнувајки од крајот на табелата, со 50 процентен износ.

*Вакнин*: Понекогаш едноставно целосно се сложувам со Вас без потреба да додадам било што.

*Груевски*: Чувството на несигурност што лебдее над сите нас во Македонија (во правниот, економскиот и политичкиот систем) се уште е силен демотивирачки фактор како за домашните така и за странските инвеститори. Во држава каде што "и без Скопско се е можно" е

навистина ризик да се инвестира. Ова не значи дека ако некој инвестира ќе ги загуби своите пари или нема да заработи, но стравот е огромен и често ваквата атмосфера демотивира. Политичката нестабилност во регионот а во последно време очигледната неизвесност на внатрешно политички меѓуетнички план се чини подолго време ќе ја влошува ваквата атмосфера.

Берзата во Македонија долго нема да биде многу значаен извор на финансирање на компаниите, можеби и никогаш, но ако се превземат одредени дејствија би можела да се појави како алтернатива за поголемите и помоќните компани најмалку на среден рок (3-7) години .

Секако подобрувањето на општиот економски амбиент во Македонија, растот на производството и извозот е многу важен за развој на една берза и нејзино претворање во извор на капитал. Една анегдота вели дека стопанството и берзата се како старец со својот пес. Старецот бавно чекори напред, со повремени запирања. Песот трча околу него, зад него и пред него, намирисува и се враќа назад. Се смета дека берзата ги антиципира стопанските процеси најмалку шест месеци однапред. Ако се одвојат две-три поголеми превземања (процес кој обично во светот се одвива преку КХВ, настрана од берзата) ќе се добие сеуште сиромашната трговија на македонската берза во Скопје.
Доколку компаниите не гледаат интерес да ги објавуваат своите финансики резултати, државата мора да изнајде начин како да ги предомисли (како што тоа го направи со Банките-задолжително објавување на резултатите во дневен весник).

Но да се вратиме на базичната тема. Трговскиот дефицит, нова структура на стопанството ,зголемување на извозот...

Во прилог на менување на структурата на стопанството би требало да се обезбедат и повисоки извозни премии и преференци за производи со повисок степен на финализација. Средствата за исплаќање премии на извозниците за продор на странските пазари би се обезбедиле од веќе споменатите извори а во првите неколку години и од неповратната финансиска помош која Македонија се помалку ја добива, и од која се побрзо мораме да се одвикнеме да живееме.

Мислам дека Македонија би требало подиректно да форсира производство на одредени традиционални стоки во Македонија, за кои пазарите се широки, а постојат предуслови за произвоство на истите. Така на пример: финансиски да се потпомага усовршување на технологијата на производство на вино, менување на сортата на семе кон поквалитетна,посовремено флаширање и маркетинг со цел подобар пласман на Македонското вино во странство како еден од постратешките извозни производи. Американска експертска екипа пред неколку години оцени дека Македонија има извонредни географски услови за производство на високо квалитетно вино, но потребно е да се усоврши технологијата на производство , да се промени сортата и да се подобри флаширањето. Иако конкуренцијата во производство на вино во светот е огромна, Македонија со мали напори би можела да се најде на многу повисоко место на листата на производител на квалитетни вина.

Во Англија има три големи синџири на супермаркети, а едната од нив е SUNSBERY. Минатата есен, единствено таму можев да забележам македонско вино кое иако прилично поевтино од бугарското се придодава многу послабо. Еден пријател во Лондон ми рече дека порано во споменатиот синџир супермаркети се продавало вино и од еден друг наш голем производител на вино, но поради

фактот што испораката на виното никогаш не била навремена и во точно договорените количини, англискиот партнер одлучил да ја откаже соработката.

Или на пример, стимулирање на што понизок извоз на свежа јаболка и што повисок извоз на финални производи од јаболка (сокови, џемови и слично). Приватните компании кои ќе купуваат опрема за ваква намена законски би требало да добијат повластици од државата.

*Вакнин:* Виното и јаболките се два прекрасни примери на "Македонската болка" ( типично за повеќето таканаречени " држави во транзиција" ). Условот е карактеризиран со огромна смисла на инфериорност. Една мала нација да биде угнетувана толку долго, таа иста нација се уверува самата дека така би требало да биде, дека има проблем САМАТА СО СЕБЕ, дека тие не се добри, багра, глупави или едноставно несреќни.Секогаш без заслуга да бидат казнети. Со такво расположение на нацијата, нема простор за иницијатива, самодоверба, самовреднување, верба, верување во иднината, планирање, законско однесување, одложување на посредни задоволства (исто познати како штедење и инвестирање ) и освојување на пазарите. Оружјето на слабоста се социјалистите: сиромаштија за сите, крадење во фирмата, зголемување на информативната магла и дезинформации, мисли сега, нема иднина, нема лојалност, криење на вистинските емоции, итн. Оружје на силата е капиталистот: свој пазар, верувај во себеси дека си најдобар, постојано докажување, мисли на големо и мисли напред, бори се со своите конкуренти под еднакви услови, чесни обврски, итн. Македонците сеуште треба да ја спроведуваат оваа транзиција. Ова е ЕДИНСТВЕНАТА транзиција која би требало да ја спроведат - бидејќи единствената транзиција е во мозокот, другото следи од тоа. Вториот симптом на "Македонскиот услов" е

мрзеливоста создадена од феноменот на "Големиот Брат". Централното планирање е удобна работа: нема одговорности, само почитување на безначајните инструкции и планови, без главоболки, нема профит, а нема ни загуба. Секој еден има свое, неспорно, неотповикливо и неповратно место. Треба да признаеме, дека поранешна Југославија страдаше помалку од овие малигни форми на заедништво ( благодарение на Тито). Сеуште, Македонија мораше да ја извезува својата сировина во Хрватска и Словенија. Потоа, тие ќе ја преработат сировината во финален производ и ќе го продадат во Македонија. Македонците остануваат сиромашни и среќни: нивните животи беа некомплицирани, искрени, јасни, предвидливи и контролирани. На некои Македонци и понатаму им недостасуваат овие времиња на црно и бело. Сега, кога светот е обоен со палета од лични профити, не е така едноставно. Лично имам запознаето производители на вино во Македонија кои одбиваат да ја запознаат идејата на полнење во шишиња, пакување, класирање и маркетинг на нивното вино - иако тоа значи ДЕСЕТОСТРУКИРАЊЕ НА ПРИХОДОТ ! Запознав луѓе во Гевгелија кои дозволуваат скапување на јаболкото наместо да се направи ДОМАШНО ИЗРАБОТЕН МАРМАЛАД ( некомплициран индустриски процес и без позначајни трошоци - купувачите беа волни претходно да ја финансираат целата операција). Ова е моќ на удобна навика и стотици години на саботажа, избегнување на сите напори и работна сила, и станување колонија на некој друг (ефтина работна сила и сировина).

Дали парите ќе влијаат во решавање на ваквото размислување во државата, е отворено прашање. Постои голем страв од нешто ново и неиспробано. Огромен недоверлив конзерватизам. Големо непријателство кон образованите, странското ," супериорното ", голема лажна

гордост (која е вистинска глупост во неговата најчиста форма). Луѓето не се научени да се сретнуваат со конкуренција. Многу луѓе ќе посакаат да останат сиромашни. Малкумина ќе одат кон предизвик. Ќе биде ли нивниот број значаен ?

*Груевски*: Тоа се нешта што Македонците долго време ги одгледуваат, и вечно го чувствуваат "комплексот на Словенците", - држава која купува нефинално вино и јаболка и други земјоделски производи од Македонија и ги пласира за извоз со многу поголема заработувачка отколку Македонскиот производител.

Постои еден неодминлив услов кој мора да биде задоволен при овие "планови": остварување на задоволителен профит, и способност на односните компании сами да опстојуваат и да се развиваат.

Мислам дека политиката за развој на Македонија во идниот период би требало да биде насочена кон стимулирање и развој на индустриски гранки и производи кои не се берзанска стока.

Тоа незначи дека берзанските стоки треба да бидат дестимулирани но искуствата од потресите на стоковите берзи може силно да се осетат во мали држави како Македонија.

*Вакнин*: Мошне е важно за државата во процесот на модернизација и интеграција во глобалната економска заедница, да се заштити себе од испарливите цени на производите. Една од главните причини за сегашната криза во Русија беше преголемата зависност на енергетски производи. Но, би сакал да додадам две препораки. Прво, кога и да е и каде и да е можно, државата ќе се бори да ги заштити нејзините стокови изложувања. Со други зборови: треба да се купат фјучарсни договори на светските пазари ( Одборот за Трговија во Чикаго, Чикашката берза). Овие

договори се како осигурителна полиса. Со плаќање на мали премии, идните цени на производите се загарантирани. Вистина е, доколку цената ја надмине загарантираната цена - разликата е изгубена. Но, доколку оди испод, загарантираната ( повисока ) цена се исплаќа на носителот на договорот. Во последните три декади производите имаа еднонасочен бизнис: пад. Скоро секој вид на производ има таков вид на договор: свинско месо, јагнешко, одредена група на тутун, пченка, пченица, ориз, валути, каматни стапки - се. Тоа би била широка идеа да се користат финансиски фјучарси за лимитирање на можноста Македонија да се изложува на различности во каматните стапки или девизни курсеви. Сето ова може да се направи денес. Втората препорака е основање на " Корпорација која ќе ги гарантира Девизните Курсеви ". Државата ќе ги осигура извозниците против надворешните флотации на курсот. Извозниците ќе плаќаат премии, и ќе купат од државата осигурителен договор, каде ќе се гарантира курсот на странската валута, кои компаниите ќе ја добиваат во денарска противвредност. Ова ќе им овозможи формирање на цени на производите со елемент на сигурност. Во повеќето економско развиени земји во светот, ваквиот механизам постои. Со задоволство, државата ќе биде во можност да премине на оваа функција (осигурување на извозниците против флотацијата на девизниот курс ) на претприемачите во приватниот сектор.

*Груевски*: Пред неколку месеци дискутиравме на темата за привлекување на странските инвестиции во Македонија. Една од најважните мерки во создавање на поповолна билансна состојба во Македонија би требало да бидат насочени кон привлекувањето странски комерцијални инвестиции во Македонија.

*Странските инвестиции* носат свеж и неповратен капитал, кој нема негативни импликации во платниот биланс на државата бидејќи државата нема обврска да го враќа и да плаќа камати на истиот. Странските инвестиции , отвораат нови пазари за домашните компании, со што го зголемуваат извозот, девизниот прилив ( или намалување на девизен одлив ако вршат супституција на увозот), повеќе средства во буџетот, внесуваат нови идеи, технологии, методи на работење, управување, како и нови вработувања.Доста често профитот го реинвестираат во истата држава. Сето тоа би имало силно позитивно влијание на трговскиот биланс.

Основно е да се создаде законски амбиент на сигурност при вложувањето на странците, а законите во тој поглед да бидат со Западни стандарди.

Од тој аспект потребно е создавањето на сигурен и брз судски систем кој сите постапки ќе ги завршува за неколку месеци.

*Вакнин*: Можеби дури и посебни судови, назначени за странските инвеститори,со судии кои имаат посебна обука според релевантните домашни и меѓународни закони. Ваквите судови можат да оперираат во постоечкиот судски систем кој ќе може да управува со посебна моќ и ќе имаат обврска да ги разрешуваат сите случаеви во време од шест месеци. Со ова не ќе се создава дискриминација против домашните фирми бидејќи многу заеднички вложувања со странски фирми инволвираат домашни фирми и тие исто така ќе го користат овој специјален суд. Второ, како и да е, странските инвеститори се "дискриминирани" во даночниот зборник на закони, законот за компаниите , итн. Тие се посебно потикнати (на пр: ослободување на даноци) - Нели е тоа дискриминација? Законски е да се дискриминира во корист на добрите работи.

*Груевски*: За почетниот период(2-3 години) додека не се изврши целосно менување и реформа на судскиот систем, би било добро да се прифати Вашата идеја за формирање посебен суд за странските инвеститори кој би ги имал истите права и обврски како и домашните, со таа разлика што сите постапки би бил задолжен да ги завршува во определен рок. Тоа на одреден начин преставува еден вид дискриминација кон домашните субјекти, но сегашната состојба во Македонија е таква да доколку се сака да се привлечат странски комерцијални инвестиции , неизбежна е дискриминација, барем на среден рок. Исто така би требало да се извршат измени на повеќе закони: законот за трговски друштва, законот за хартии од вредност, законот за девизно работење, даночните закони, банкарските закони и.т.н. како и донесување на нови закони (закон за странски инвестиции, закон за инвестициони фондови и други).
При тоа би требало да се изврши силна промоција на Македонскиот пазар пред потенцијалните инвеститори преку сите можни инструменти за вршење на промоција(човечки и материјални). Поврзувањето со мултинационалните компании е единствениот мост помеѓу македонските компании и светските пазари, можност за развој. Тоа од макро аспект за Македонија би имало силно позитивно влијание. Во тој контекст неизбежно е создавање услови за отворање филијали на големи западни банки, кои ќе го намалат ризикот на вложувачите, ќе понудат нови кредитни средства на домашните компании по стандардни методи на оценка на кредитните барања, ќе го анимираат штедењето на населението, ќе внесат нови методи на работа и однесување итн. На оваа тема нема повеќе да се задржувам бидејки мислам дека детално ја експлоатиравме во првиот наш дијалог.

*Вакнин*: Вистина е дека нашето експлоатирање беше длабоко. Дијалогот може слободно да се најде на Интернет каде што контактите беа не само со странските инвеститори, туку и со маркетингот на државата, банкарскиот систем и пазарите на капитал. Би сакал да дадам еден коментар: Македонија е лекција за бедното(ниското) пропаѓање на својата самопромоција. Ова не е познато надвор од Балканот. Има толку многу предности, што фактот дека неуспеала да ги привлече странските инвеститори е смешен. Макроекономијата е далеку најстабилна во централна и источна Европа, работната сила е најефтина (доколку платите се одредуваат според нивото на образование). Прекрасната географска локација ( подобро од Словенија, природна дарба, со пристојна инфраструктура која е многу подобра од Руската). Но и покрај тоа привлече 30 милиони УСД во ФДИ (директни странски вложувања) во минатата година. Тоа е срамота. Едноставно е да се продава како туристичка земја, индустриски нишан, раскрсница помеѓу сите делови на Европа и Азија, остров на макроекономска и геополитичката стабилност. Вистина, кризата во Косово, и пред тоа војните на Србија, и конфликтот со Грција, сеуште со внимание се следи. Но, ови конфликти ќе се надминат еден ден, и Македонија треба да се припреми за тој ден. Задачата е така предизвикувачка охрабрувачки што јас со задоволство би ја промовирал Македонија надвор - во меѓународните форуми, банки, мултинационални компании- за еден денар годишно. Тоа ќе биде еден денар повеќе отколку што добивам сега за истата работа, што како и да е, сега ја правам волонтерски. Ова го работам сега не само заради тоа што јас се заљубив во Македонија (што и се случи). Јас го правам тоа затоа што сум голем оптимист во иднината на Македонија. Живеејки во пет други држави на централна и источна Европа, јас отворено велам: нема место

како Македонија. Ја преферирам оваа држава пред било која друга во регионот. Доколку јас го правам тоа - зошто да не и другите странци.

*Груевски*: Основање на државна Агенција за маркетинг како мерка за зголемување на извозот, исто така би придонело за зголемување на извозот на домашните производи.

Малата големина на домашниот пазар како и силниот притисок на странската конкуренција врз домашниот пазар во услови на силна либерализација на македонската економија ги принудува македонските претпријатија да ги подобруваат конкурентните перфоманси на сопствените производи и да се стремат кон освојување на нови пазари. Неповолните економски текови произлегуваат од лошата состојба во која се наоѓаат голем број македонски претпријатија, што се должи пред се на неискористеност на капацитетите што е резултат на неможноста нивните производи да го пронајдат своето место на пазарот .

Причини за тоа се:

1.Производот е ценовно неконкурентен (премногу е скап)

2.Производот е несоодветен со потребите на потрошувачите;

3.Производите се соодветни, конкурентни но не можат да го пронајдат патот до купувачот.

*Вакнин*: На ова јас би го додал лошиот имиџ на Македонската индустрија.Позната е нејзината несигурност. Ветувањата не се исполнуваат, договорите не се почитуваат, однапред зацртаните шеми се игнорираат, квалитетот на производот е лош.Менаџерите се неуки(непоседуваат минимално знаење за финансии или маркетинг), слабо квалификувани, и арбитражно селектирани. Вообичаено нема идентифицирачки центар на команда и контрола.

Целата структура на типична Македонска(голема) фирма е разбиена, замаглена.Ниеден странец не сака да води бизнис под вакви услови.Пласманот на производите во странство е исто така под влијание на домашните услови во Македонија кои штитат од странски инвеститори (политичко мешање во бизнисот, немање заштита на правата на имотот заради неефикасниот судски систем итн).Денешниот тренд е најголемите извози да се прават преку филијалите на мултинационалните компании,кои отвораат филијали или фабрики во земјата која извезува. Така, на пример, јапонските производители на коли, најголем дел од колите кои ги продаваат во САД, ги произведуваат во САД. Мултинационалните компании за храна отвораат бранши и увезуваат храна од земјата домаќин- и така прават големи ланци на продавници на мало (како Marks and Spencer, Tasco и други). Така денеска, *НЕМА РАЗЛИКА ПОМЕЃУ ИЗВОЗОТ И СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ.* Едното е огледало на другото.Ако ИНТЕЛ отвори фабрика во Чешка, или истражувачки дејности во Израел - производите подоцна се извезуваат во САД. *ИЗВОЗИТЕ СЕ ХРОНОЛОШКИ КРАЕН РЕЗУЛТАТ НА ПРОЦЕСОТ НА СТРАНСКО ИНВЕСТИРАЊЕ.* Најмногу од извозите на Вишеградската тројка (Полска, Унгарија, Чешка) се производи на мултинационалните компании, не на домашните фирми. Многу домашни фирми тежнееат да се концентрираат на домашниот пазар. Како и се друго, извезувањето стана глобална специјалност, која бара експертиза и искуство.

*Груевски*: Првиот проблем може да биде решен со мерки од страна на менаџментот преку подобра организација и комбинација на ресурсите и од државата со креирање подобар економски амбиент (монетарни мерки, премии и сл.).

Меѓутоа севкупно овие проблеми произлегуваат од неимплементираноста на маркетинг концепција во работењето на македонските претпријатија. Оние кои ја аплицираат се и најуспешните. Зборот маркетинг за многумина дури и денес е синоним за реклама на телевизија. Денеска луѓето повеќе не купуваат чевли за нозете да им бидат топли и суви.Тие ги купуваат бидејки во нив се чувствуваат мажествено, женствено, младо, заносно , современо.Купувањето на чевли станува возбудлив настан. Денеска задачата на производителите на чевли е да продаваат возбуда а не само чевли. Козметичарите не продаваат само козметика, туку и надеж. Ние пиеме етикети. Со шишето кока-кола ја пиеме сликата на убавата девојка или момче на екранот или плакатот, ја пиеме паролата "одмор што освежува" , ја пиеме големата американска навика, а најмалку пиеме со своите непца. Маркетингот е филозофија и умеење со кои се делува врз сите сетила.

*Вакнин*: " Пиеме помалку со нашите грклани, а повеќе со нашиот мозок". Ова е најдобрата кратенка за тоа што е маркетинг, што ја имам досега слушнато. Се надевам дека македонските менаџери ќе го разберат ова. Маркетингот е гранка на масовната психологија. Да се фрлаат пари на реклами не е се што треба да биде.

*Груевски*: Секое претпријатие својата деловна политика мора да ја започне со Неговото Височество - купувачот. Времето кога ќе произведете производ и со силна пропаганда ќе го продадете на глобалниот пазар е веќе оддамна изминато.

Политиката на маркетинг, особено меѓународен маркетинг бара континуирани маркетинг истражувања, стручни кадри и финансиски средства. Повеќето македонски претпријатија не се во можност да ги обезбедат.

Знаејки дека примената на маркетингот како основна менаџмент филозофија е императив за успех на македонските економски субјекти, основањето и финансирањето државна агенција за маркетинг која ќе служи како сервис на стопанството, од страна на Владата на Р.Македонија е голема потреба.

Основни задачи на агенцијата би била:

-едукација на менаџерите, одржување семинари, изготвување проекти за меѓународен маркетинг, истражување и пронаоѓање најпогодни пазари за настап на македонските претпријатија и соодветни стратегии за продор на истите.

-по барање на клиентите би се изготвувале истражувања, анализи, планови проекти, стратегии и финансирање на маркетинг проекти предложени од страна на самите клиенти.

-по своја иницијатива да дава сугестии, да уочува проблеми и да нуди решенија за истите.

Во почетниот период покрај домашни експерти би требало да обезбедат неколку странски маркетинг експерти во отсуство на доволно искусни такви кадри од земјата, а паралелно да работи на усовршување сопствен кадар во оваа област. Стручноста е како свеќата-од една свеќа се палат илјадници, а да не изгуби ништо од својот сјај...

Потребата за оваа агенција ќе ја илустрирам со еден конкретен пример. Производството на масло за јадење е релативно добро заштитено (покрај царина и со прелевмани). Но сепак добар дел од пазарот во Макаедонија држат и странски производители иако нивните цени се повисоки во просек за 10 проценти. Едно спроведено истражување покажало дека она што ги одбива купувачите па дури и револтира и создава негативен став кон производителот е тоа што секое шише е мрсно. На квалитетот немаат

посериозни забелешки. Затоа оние потрошувачи со повисок стандард се одлучуваат за странски производител.

Домашниот производител не превзел истражување бидејќи најверојатно сметал дека таквото нешто не е потребно бидејќи маслото е основен прехранбен продукт кој луѓето ќе мораат да го купат, а тој е најевтин на пазарот. Со прифаќање на предложената сугестија од купувачите ќе дојде до поголемо учество на пазарот а од тоа несомнена корист ќе има и националната економија. Во последно време се објавија податоци кои говорат за физички раст на производството. Дури и кога би го прифатиле овој податок без внатрешна анализа на појавата, се поставува прашањето на финансиските резултати од производството, односно рентабилноста на производството и доходовноста. Македонските производи мораат да достигнат повисоко ниво на квалитет.

*Вакнин*: Вообичаено е да се каже дека инвеститорот добил дополнителни мерки на мудрост и избор. Нема повеќе да му се наредува, да го присилуваат или да му се умилкуваат. Постанува предмет на непријател - перење на мозокот. Во шеесетите, компаниите за тутун беа во можност да ги сокријат научните резултати од проучувањата во врска додатоците на тутунот. Во осумдесетите, ова не беше возможно. Информацијата се пренесува насекаде и преку разни канали. Само помислете дека интернетот дава знаење, а видеото - приказ на слики. Ова е повеќе плуралистично и релативно - на потрошувачот му се даваат неколку опции или точки на гледање и одлуката е обично негова. Тоа е побрзо - целосниот текст на Кенет Стар извештајот кој се однесува и посветува на Претседателот Клинтон, беше можен на Интернет после 24 часа.

Целиот свет е конзумиран. Секс, бременост (преку сурогат мајчинство), безалкохолен напиток, политички

кандидати, книги - сите тие се производи за купување и продавање. Станува нејасна традиционалната разлика помеѓу реалноста и измислицата. Докторите по сплетки (политички маркетинг ) ја креираа легендата за Тони Блер и Борис Јелцин. Претседателите играат во филмови (како Претседателот Клинтон што направи неколку пати ). Актерите стануваат претседатели. Ние конзумираме, како што Вие рековте, имагинации.

Втората умесна точка се однесува на замислата. Производот ни предизвикува мноштво поврзани замисли, секој пат кога сакаме да купиме или конзумираме. Ваквите замисли ги одредуваат објективните особини на производот. Ова е грешка на менаџерите кои не го ценат маркетингот и рекламата. Производите немаат ОБЈЕКТИВНИ квалитети - само субјективни, формирани во потрошувачите - со пласт, пластни податоци, мемории, асоцијации, стравови, замисли, строги звук. VHS стандардот во VCRмовите преовладуваат над Beta стандардите и покрај фактот дека беа технолошки инфериорни. MS-Windows е далеку поинфериорен од Macintosh оперативниот систем - но кој е лидер на пазарот? Квалитетот се зема во предвид до одредена рамка, секако. Но, пакување, лепење етикети, позиции, замисли - се обично многу повеќе важни.

Македонските производи страдаат поради наследени проблеми на квалитет - од недостаток на поставување на здружени замисли. Ако кажеме Британија, ние веднаш ја гледаме принцезата Дијана, раскошен аристократ, сув хумор, остров, кулата во Лондон. Да кажеме Јапонија и ние ги замислуваме мали, паметни, жолти мажи кои настојуваат да го подобрат се повеќе производот, кој ќе биде поприкладен и поефтин. Кога треба да кажеме за Македонија, ќе повлечеме линија. Не звони звоното. Ова е мошне лошо - но променливо. Во едно поле на економијата ја поздравувам

интервенцијата на владата: маркетингот. Денес, низ целиот свет политичарите се назначуваат себеси како директори во големи фирми, наречени Државни. Претседателот ги склучува извозните зделки. Амбасадорите ја промовираат трговијата и заедничкото вложување. Министрите за Финансии ја пазарат својата држава. Ова, можеби е главната улога на државата во периодот по големата светска студена војна.

*Груевски*: Македонските извозници би требало да бидат стимулирани да обезбедат повисок квалитет на организација на работењето и производите односно ISO 9001/2/3 Стандард на квалитет и ISO цертификати за стандард на производ. Податокот дека само 20тина македонски компании поседуваат ваков стандард (и тоа не за сите процеси и производи туку за еден два или три од сите производи што ги произведува една компанија) говори дека состојбата е незадоволувачка и загрижувачка. Многу македонски компании ги губаат пазарите заради немање на цертификат ISO 9001 или 9002. Во денешниот свет на конкуренција, една од најважните работи која ги издвојува водечките компании е квалитетот. Дури и компаниите кои веќе се познати по своите квалитетни производи или услуги мораат да работат на подобрување на се она што го прават со цел да останат на врвот. Тоа е управување со квалитетот. Квалитетот претставува исполнување на сите договорени барања, ниту повеќе и ниту помалку кои ги прават задоволни клиентите. Но за да се постигне квалитет на работењето, не е доволно само компанијата внатрешно да воспостави стандарден систем. Во веригата добавувачи, набавувачи, партнери, дистрибутери и слично, мора исто така да има одреден квалитет во работата. Европската Унија донесе многу директиви со кои извозот во истата, стана исклучително тежок без поседување на споменатите цертификати.

Иако за тргувањето внатре во унијата ваквиот цертификат е само добра препорака но не и нужност, за надворешните трговци се повеќе преставува услов. Стандардот на квалитет ISO 9000 е потребен и за САД и за многу други држави вклучувајки дури и арапски. Тоа зборува дека во иднина се потешко ќе биде да се извезе дури и во посиромашните држави без поседување на ваков сертификат. Квалитетот не е нешто што може да се гарантира со контролирање на работата на другите и со откривање на нивните грешки. Клучот е спречувањето на појавата на грешки било кога, првенствено со обезбедување на правилно извршување на работата. Системите за квалитет вклучуваат се што правиме, или не правиме, а што може да влијаат врз квалитетот на производот или услугата што им ги даваме на нашите клиенти. Воведувањето на стандарден систем на квалитет преставува документиран начин на спроведување и контрола на квалитетот. ISO 9001 бара пред се одговорност на менаџментот и од нив очекува да воведат политика за квалитет во која јасно ќе бидат наведени целите и стремењето кон квалитетот и да се уверат дека сите во организацијата го разбираат тоа. Исто така менаџерите треба да обезбедат доволно средства и обучени лица за извршување на работата, да одредат координатор со системот за квалитет и редовно да го прегледуваат системот за квалитет за да се уверат дека е сеуште соодветен и ефикасен.Во другите 19 од вкупно 20 точки на Договорот се обработува и системот за квалитет кој треба потполно да биде документиран, да ги задоволува барањата и очекувањата на клиентите и.т.н.Преглед на договорот со уверување дека потполно ја разбираме нарачката и сме способни прецизно да ја исполниме во секое време е исто така точка на договорот. Останатите точки само ќе ги набројам без детално да навлегувам во нив: контрола на

дизајнот (проектирање), контрола на документите, набавка,контрола на производот набавен од добавувачот, идентификација на производот, контрола на процесот, инспекција и тестирање ,контрола на инспекцијата мерење и тестирање на опремата, состојба при инспекција и тестирање, контрола за неусогласен производ, корективни и превентивни мерки, ракување складирање, пакување чување и испорака,контрола на извештаите за квалитет, интерна проверка на квалитетот, обука, сервис, и статистички техники. За да се постигнат ваквите стандарди во организацијата на работењето потребно е најпрвин компанијата да повика специјализирани лица кои се занимаваат со подготовка на компаниите за добивање цертификат од независно овластено цертификационо тело,кое пак од друга страна потврдува дека компанијата работи според светскиот стандард.Во Стопанската комора на Македонија постои регистар на овластени консултанти кои се подготвени, оценети и препорачани од познатата англиска куќа Bywater која обуката и оценката ја спроведе според точно дефинирани стндарди. Тоа ќе обезбеди сигурна подготовка за кога ќе пристигне преставник на една од повеќето компании кои издаваат ваков вид на лиценци да не се најде грешка во системот и да не се добие лиценцата а парите кои се плаќаат авансно, да се изгубат. Познати светски куќи кои доделуваат ISO 9000 сертификати се: BSI-Англија, Loyd Англија, Berau Veritas, OQS Аустрија, TUF Германија и други. Голем проблем е што подготовката и прегледот за добивање на споменатиот сертификат бара инвестиција од приближно помеѓу 8.000 ДЕМ и 25.000 ДЕМ (во зависност од големината на компанијата) со важност од три години. Во оваа цена не се вкалкулирани трошоците што компанијат ќе мора да ги направи (најверојатно) за зголемување на техничката опременост (компјутери и друго)

кои се варијабилни зависно од степенот на развиеност на фирмата. Важно е да се напомене дека компанијата која го издала сертификатот редовно ја контролира компанијата на која и издала сертификат и доколку констатира непочитување на договореното согласно договорот има право моментално да ја одземе лиценцата без враќање на средствата.

Покрај стандардите за квалитет на организацијата на работењето, постои и ИСО цертификати за квалитет на пооделни производи, што исто така е многу важно при влегување и опстојување на светските пазари.

Постојат и стандарди на квалитет уште повисоки од ISO 9000, како што е TQM Total quality menagment кој го забележав при посетата на фабриката Тојота во Јапонија. Но се чини за ваков вид на стандард (TQM) сеуште е рано да се зборува во Македонија.

*Вакнин*: Еден технички коментар. TQM е сестрана управувачка филозофија која се врти околу осигурувањето на квалитетот во сите фази на економската активност на фирмата. Но, TQM е една од многуте такви филозофии (подоцна надвор од заштита). Ваквите методи се без значајни во споредба со ISO кој е поставен на процеси и процедури кои се ригорозни, јасно дефинирани, објективни, менаџмент - независен во поголем степен и пошироко, како и еднодушно прифатени. ISO е стандард, скоро чисто математички. TQM е менаџмент мода. Во споредба со TQM, тоа е систем развиен од идеите на Исак Адиес, Македонски (!!!) Евреин. Адиас работеше со квалитетот, а повеќе со корпоративниот опстанок како функција на корпоративниот животен циклус. Постојат бројни теории на вакво управување. Нивното спроведување зависи од високиот степен на инструктори или професори кои се одговорни. ISO е наука, TQM е уметност.

*Груевски*: Поседувањето на ISO 9000 не значи дека компанијата постигнала врвен дострел. Тоа само значи дека тој производен процес нуди минимален стандард на квалитет кој понатаму може да се рангира. Ваквиот сертификат би бил многу корисен и за компаниите кои не извезуваат бидејќи овозможува подобрување на работењето на компанијата.

За начинот како да се стимулираат производителите во Македонија зборувавме претходно : даночни стимулации, и повластици, а во одредени случаи и ослободувања од плаќање даноци на одреден рок, предности при доделување кредити (за што би биле стимулирани и банките). Државата за почеток би можела и да ги плати основните трошоци за квалитет на 20 до 40 најстратешки македонски компании по претходно разработен стандард за влегување во оваа група. Со тоа процесот на преструктуирање на стопанството кон извозно ориентирано, значително ќе се забрза. Тоа преставува инвестиција на државата која набрзо би била вратена, преку зголемен извоз (и производство), зголемен прилив на странска валута и конечно поголем прилив на приходи во буџетот од компаниите кои ќе го зголемат производството и извозот. Убеден сум дека до колку Македонија тоа го побара, ќе добие и неповртна помош од неколку западни фондови за оваа намена, така што голем дел од средствата би се обезбедиле по оваа основа. Доколку Македонија планира да стане членка на ЕУ и да ја зголеми размената со истата мора да постигне повисоки стандарди на работењето и производството. Тоа значи дека иако во основа ваквото нешто е грижа на производителите, сепак раководителите на националната економија мораат да најдат начин како да го забрзаат овој процес.

*Вакнин*: Квалитетот игра двојна улога во современата и развиена економија на Запад. Вистината е дека се

настојува да гарантира некоја врста на униформност и предвидливост што го прави животот на потрошувачот полесен.Тој знае што да очекува кога купува производ. Униформираните стандарди на квалитет, исто така ги разработуваат економските активности поради износот на информации, кои треба да се променат, така да со нивното драстично намалување и расправиите поедноставно се решаваат. Кога двете страни ќе се договорат - со посредство на стандардот на квалитет - што треба да биде детално и прецизно карактеризиран производ или услуга , таму е секогаш помал просторот за недоразбирања и расправии.

Но, постои и погрда страна на "стандард на квалитет".

Ова е страна на протекционизмот. Државите користат квалитетни, здрави, еколошки и други стандарди за заштита на домашните производители од надворешната конкуренција. Да се заштитат од конкуренцијата сепак чини бидејќи тоа е економски неефикасно. Секогаш е подобро да се обезбеди поефтин увоз отколку да се врши локално производство на истиот производ кој е поскап (теорема на релативна предност). Но тоа е политички популарно бидејќи се заштитуваат работните места и некои луѓе стануваат побогати. Лудото здравје, безбедноста и регулациите поврзани со околината се мешаат со вознемирените и необичните побарувања, како и можноста да се заштитат богатите земји од нивно осиромашување. Скоро е невозможно да се продаваат земјоделски производи или текстил во Европската Заедница, или текстил во САД доколку извозот не е регулиран со посебни договори. Додека пак, целосно е невозможно да се извезува во Јапонија и Кина. Но, истите производи ( вино, месо) или текстил - одбиени под изговор за здравствен квалитет а водени под македонска етикета, се често продадени под етикета на Италија или Германија, или

југоисточна Азија. Ова служи само да се искаже износот на лицемерие, со што стандардот на квалитет се зема како изговор, се со цел да се блокира слободната трговија. За ова може да се има само политичко решение и малите држави се без значајни да влијаат на големиот пазар, како што е Европската Унија. Но, тие можат и треба да управуваат преку механизмот на WTO и разновидни меѓународни комерцијални арбитражни судови, кои се можни дури и за малите држави. Предноста на слабите трговски играчи како што е Македонија е дека нивната слаба(мала) вредност е повисока одколку потенцијалната штета што нивните небрежни производи можат да ја зададат ако им се даде слободен пристап на целните пазари. Во повеќето случаеви ќе бидат дадени исклучоци и преференцијални третмани под услови тие да не го занишаат бродот на меѓународната трговија. Молчи и извезувај колку што сакаш - е предупредување кое може да стане ветување. Македонија треба да ја искористи својата незначителна позиција.

*Груевски*:Секоја компанија која има намера да навлезе или инвестира на одреден пазар има потреба од веродостојни податоци врз кои ќе ги заснова сопствените одлуки и планови. Потребно е да се знае потенцијалната големина на пазарот, преференциите и ставовите на купувачот, карактеристиките на дистрибутивните канали, конкуренцијата. Современите компании при донесувањето на одлуката за инвестирањето или настап на пазарите во послабо развиените земји (како што се земјите во транзиција) имаат потреба од подетални и веродостојни податоци без големи трошоци.Таквите потреби се повеќе се јавуваат и кај локалните инвеститори, и е од посебно значење за малите средните претпријатија кои претежно аспирираат кон домашниот пазар. Затоа мислам дека на

Македонија е потребна база на податоци за секоја економска дејност. Податоците би биле детално евидентирани, ажурирани обработувани и презентирани преку интернет, публикации, билтени и по барање на самите комитенти. Слични бази постојат во Стопанската комора на Р.Македонија(информативен центар) и во Заводот за статистика но мислам дека се недоволно аналитички, неадекватни за одредени маркетиншки истражувања и недоволно достапни за поширок круг корисници. Ваквата база на податоци би можела да работи во склоп на Агенцијата за маркетинг и би била под заеднички буџет со истиот. Своите податоци ќе ги отстапува бесплатно за сите стопански субјекти и други заинтересирани. Иако во прво време заинтересираноста за користење на податоците ќе биде помала пред се заради ниската инвестициона активност и поширока неприфатеност на маркетинг концепцијата во претпријатијата, сепак набрзо ќе почне да игра голема улога во унапредувањето на работењето на економските субјекти и нивниот развој,како и стопанството воопшто.

Покрај извозно ориентираната политика би требало да се води грижа за обезбедување на супституција на увозната стока заради спречување одлив на девизи, преку обезбедување поевтини кредити, разни олеснувања особено за стоки од повисок квалитет, проекти од владини агенции, и евентуално со царински заштити.

Според Заводот за статистика структурата на увозот во Р. Македонија според економската намена е следната: во 1995 година Македонија од вкупниот увоз, 57,6 % увезла материјали за репродукција, во 1996 година 55,6% а во 1997 година 61,4%, процент кој сеуште би требало да се наголемува.Увезените средстава за работа учествуваат во структурата на увозот во 1995година 4,2%, 1996 година 3,3% а во 1997 година 2,9%. Состојбата со увезените средства за

широка потрошувачка е неповолна: 1995 година 37%, 1996 година 47,1 % а во 1997 година 44,7 %. Забележливо е дека речиси половина од целокупниот увоз во Македонија отпаѓа на средства за широка потрошувачка. Значи се знае кој пие и кој плаќа, само не се знае до кога.

Во македонскиот увоз највисоко учество отпаѓа на нафтата и нафтените деривати поради одсуството на гасот како поевтин енергенс и енергетската зависност на Македонија од увоз. Но интересно е дека на второ место по потрошени девизни средства за увоз се автомобилите. Увозот на автомобили е втора по големина ставка во структурата на македонскиот увоз и тоа имплицира дека државата би требало да ги зголеми давачките за купување автомобили, што пак од друга страна противречи на подобрување на еколошката средина и обнова на возниот парк во Македонија кој сеуште е на многу ниско ниво. Тезите за и против ваква мерка се силни и се предмет за посебна дискусија.

Мислам дека политиката на државата исто така би требало да биде насочена кон ограничување на увозот но со посуптилни мерки и истовремено покорисни како што е поставување високи стандарди на квалитет на увезените производи. Стандардите на квалитет би требало да се однапред пропишани, и соодветни на стандардите на Европската Унија. Оваа политика особено би била имплементирана во увозот на земјоделски производи и производи за широка потрошувачка.

*Вакнин*: Како што кажав порано, увозот е добар во економијата бидејќи го оптимизира користењето на економските ресурси преку зголемена ефикасност на алокација на економски ресурси. Прашањето е само: Што е увезено. Се увезуваат стоки кои создаваат задоволителен приход кој во иднина ќе може да ги покрива своите трошоци,

како и резонирачко враќање.. Други ( како Што се автомобилите ) само ја намалуваат својата вредност со времето и трошат се повеќе девизни средства ( гориво, резервни делови ). Мислам дека неколку правила би требало да се применат. Потребно е нивно кумулативно применување, а не одделно:

а) Увоз на стока и услуги - Што може да се произведуваат и снабдуваат поевтино во странство отколку дома. Едноставно, доколку нешто чини повеќе дома ( и е со компарабилен квалитет ) - увезете го.

б) Увозот на стоки и услуги ќе влијае на зголемено користење на економските ресурси и на вашите идни приливи на приход во девизни средства.

в) Минимизирање на увозот на стоки и услуги што нема да има ефект или ќе влијае негативно или на оптимализација при користење на економските ресурси, или ќе генерира одливи на девизни средства во иднина за идна потрошувачка.

г) Истакнување на квалитет на увоз - не квантитет. Купи нешто што преставува уметнички стоки и услуги. Подобро е да се купи неколку најдобри отколку повеќе обични.

д) Воздржете се од финансирање на Вашата набавката со долговите. Единствени исклучоци се финансирањето на инфраструктурата и јавните установи (одбрана, образование и здравство ). Малку стоки и услуги ги враќаат средствата што е значајно да се покријат главницата и каматите на таквите долгови.

ѓ) Имајте јасен приоритет и јасни преференци. што е поважно: да се има доволно девизни средства за да се купи храна - или да се одржува и подобрува околината. Мислам дека одговорот е евидентен.

е) Применете дискриминаторни политики. Воведување на царински давачки и квоти на одредени стоки и услуги и иземање на другите. Силно качете ги даноците на автомобили - освен за оние кои имаат катализатор (или дури помогнете во нивно финансирање) со цел да се заштити околината.

ж) Потикнете ја увозната супституција само кога е јасно дека домашното производство на стоки и услуги ќе биде поевтино ( економски поефикасни ) од истите што се увезуваат.

з) Казнувајте ги шверцерите, подметнувачите и другите трговски насилници. Бидете фер и праведни. Соопштете ги предностите, казните и наградите прецизно.

и) Дејствувајте без страв против другите држави кои ги нарушуваат прифатените принципи на меѓународната трговија. Воведете царини и квоти или квалитативни и еколошки барања на нивните производи исто така.

ј) Потикнувајте ги увозниците да основаат фабрики и отворат канцеларии во вашата држава. Наместо да патуваат подобро да се смират. Ова е мошне важно да се објасни на луѓето. Настојувајте да ја помогнете нивната присутност. Голем дел од трговијата е резултат на јасна присутност, на дневно судирање со реалноста и со нејзините потреби.

*Груевски*: На тој начин не само што до одреден степен ќе се заштити домашното производство и ќе се намали девизниот одлив туку и граѓаните на Македонија ќе купуваат стока со повисок и проверен квалитет, се разбира поскапа од домашната иста таква по вид.

Заштита на домашното земјоделие не е непозната ниту во САД ниту во ЕУ. Законот за трговија на САД од 1988 година значително наби негативна енергија кај ЕУ по прашањето на трговијата со земјоделски производи со

унијата особено од Франција.Иако Америка се изјасни дека ќе ги укине субвенциите на земјоделските производи сепак протекционизмот па дури и мерките на ,,економска одмазда,, сеуште се присутни во светот.

Во рамките на стимулација на извозот и дестимулација на увозот со цел намалување на задолжувањето , потребно е превземање реципрочни мерки кон земјите кои не ги почитуваат потпишаните договори за слободна трговија, како и намалување на билансните дефицити на Македонија, потребно е да се воведат реторзиони царини за држави кои спречуваат увоз на македонски производи за широка потрошувачка и друго.

При заштита од увоз и одлив на девизи пожелно би било да се претпочита користиње на фискални инструменти како, даноци и такси (поретко и царини), пред административните(квоти) при заштита на домашното производство. Административните такси отвораат широки можности за корупција и криминал, и се многу непопуларни.
Мислам дека дефинитивно би морало да се намали на минимум или укине царината на сите увози за инвестиција во опрема и репроматеријали со што производните претпријатија ќе станат поконкурентни.

*Вакнин*: Апсолутно. Ова е фин пример на дискриминаторска практика. Суровините, инфраструктурата, компјутерите, инвестирањето - треба да бидат иземени. Може да доведе до страотно зголемување на вредноста на домашните производители. Се разбира дека постои поедноставен начин: воведувањенао ВАТ системот (данок на додадена вредност). Овој данок се применува при увоз на стоки и услуги- но не и за извоз (данокот е повратен до производителот или извозникот). Истражувањето заклучно покажа дека првата година на спроведувањето на ВАТ системот ќе доведе до зголемување на извозот а намалување

на увозот (кој ќе стане поскап). Луѓето или ќе конзумираат стока произведена на домашен пазар и која е супституција за увезената - или ќе прибегнат кон извоз.

*Груевски*: Не треба да се заборави и водењето на активна анти дампинг политика за увозни производи кои се поскапи на домашниот пазар, и за кои има очигледни сознанија дека се под дампинг мерка.

Истовремено би требало да се зајакнат напорите за прием на Македонија во Светската трговска организација. Но дотогаш би можело да се искористат предностите од одредени ограничувања што не се обврзувачки за нечленови на таа организација, кога веќе мораме да ги трпиме последиците. Членството во WTO обезбедува меѓусебно почитување на пропишаните правила на игра меѓу земјите кои тргуваат меѓу себе.

За мала држава како Македонија интересна за разгледување е идејата за економско поврзување со некоја многу голема и моќна економска сила (доколку помоќната најде некој интерес во тоа: концесии, екстра повластици при инвестирањето или дури можеби и затскриена политичка корист). За малата држава тоа би значело многу, а за големата држава трговијата со малата би била незабележлива.

Секако дека тука постои опасност од долгорочна политичка зависност но доколку внимателно се повлечат одредени потези двете страни би можеле да бидат задоволни. Втората опасност е т.н. "ефект на пеперутката" т.е. економска криза во големата држава. Размавтувањето на крилјата на пеперутките во големата држава би значело жесток ураган над помалата држава една недела подоцна. После азиската криза веќе на се сè гледа со страв. Брзината на прелевањето на кризата од една во друга држава се покажа како молскавична.

Степенот на дизервификација на извозната база ја прави земјата повеќе или помалку чувствителна на потресите во условите на трговијата.

Секако дека тука постојат и одредени проблеми. Прво Македонија нема излез на море ниту пак идеална геогравска положба за да биде предмет на ваков вид соработка во смисла на територијална блискост со една многу економски моќна држава, како што е на пример случајот на Чешка и Германија, или Јапонија и неколку држави во југоисточниот азиски регион.

Втора многу важна компонента е што Македонија има сериозен проблем со кадровски недостиг (врвни специјалисти во одредени области).

Целокупниот извоз на Македонија е капка во море за увозот на големите економски сили. На пример целокупниот увоз на Јапонија во 1996г. е 333,832 милиони УСД, а целокупниот извоз на Македонија во истата година е под 1.2 милјарди долари. Отприлика целокупниот увозот на Јапонија во таа година е 278 пати поголем од целокупниот извоз на Македонија. Податоците од овој тип би биле со сличен заклучок доколку се споредуваме со други силни економски држави ( САД, Франција, Англија,Германија, Канада итн).

Регионалните слободни трговски зони се покажаа како добра опција за малите држави, подржани и од WTO која силно се бори против царинските рестрикции. Но со оглед на многу конкурентното по цени, и поретко по квалитет соседство и другите држави во регионот, постои опасност во таква ситуација , во овој период на развој, на Македонија да не и се случува теоријата, а да и се случува една непријатна практика.

Според моето мислење Македонија дефинитивно треба да отвори нова политика кон сопственото стопанство

со многу поактивна и посилна надворешна политика при обезбедување на нови пазари по политички пат (билатерални и регионални спогодби), како паралела на внатрешните стопански преструктуирања, создавање услови за економија на отворен пазар и стимулирање на субјектите самостојно да размислуваат за својот развој и иднина. Последниот пример со ангажирањето на министерот за земјоделие во спорот со Словенија околу продажбата на македонското вино на словенечкиот пазар би требало да биде позитивен пример при идните делувања. Мислам дека во билатералните контакти на највисоко ниво Македонија би можела да го зголеми извозот значително, и да се допринесе кон подолгорочно отворање нови пазари и привлекување странски инвестиции. Секако дека овие мерки не се економски здрави или крајно решение, но ниту економската состојба на Македонија не е многу здрава, па затоа на краток и среден рок би можело да се ползуваат во поголем обем. Ваквата идеја не треба да се свати дека домашните стопански субјекти треба да се потпрат на Владина помош, напротив , тоа би бил само дополнителен напор за побрз просперитет на економијата.

Во овој контекст ќе наведам еден неодамнешен пример. При мојот неодамнешен престој во Јапонија открив дека Македонија нема амбасадор или конзул или било каков друг преставник (македонец) во ВТОРАТА СВЕТСКА ЕКОНОМСКА СИЛА ВО СВЕТОТ со 126 милионско население и номинална БДП по глава на жител од 36,572 УСД (извор: Japan 1998 an International Comparison - Keizai oho Center- јапонски институт за општествени и економски прашања). Претпоставувам дека одговорот на прашањето зошто е тоа така е дека Македонија има малку бизнис со Јапонија. По мое мислење тоа би требало да биде додатна причина за да се испрати преставник со цел да подготви

терен и создаде услови ваквата состојба драстично да се измени.

*Вакнин*:Допревте до трите расположливи алтернативи на малите земји кои сакаат да го зголемат својот извоз и да се извлечат од хроничната состојба на сиромаштија(еднакво на дефицит). Прва алтернатива е при спојување со голема економска сила. Ова е случај со Чешката Република и беше случај со Израел, Куба и десетици други земји. Поуката јасно покажа дека ова е добра стратегија како меѓувремена мерка. Мала земја може економски да се приспои со поголема, САМО ако го употреби времето да купува за да се ослободи од оваа зависност. При блиската и поразителна соработка (често не само економска, туку и политичка) со поголемата сила-малата земја треба со силна желба и непрекинато да развива алтернативи: други пазари. Инаку ќе заврши како Куба. Таа потона во бедна сиромаштија кога нејзиниот главен "спонзор" (СССР) економски престана да постои. "Спонзор-Клиент" или "Сателит" врските се добри како привремена мерка или во време на вонредна состојба. Не постои нешто такво како чиста економија. На глобалната арена економијата е рефлексија од политичката и геополитичката реалност. Прашајте го Садам Хусеин .Постои политичка цена која се плаќа за приспојување со глобална сила. За многу земји оваа цена е неприфатлива. Германија си дозволува јавно да ги понижува и казнува чесите(во однос на прашањето на судетските германци) прецизно поради нивната економска зависност. Желбата на Македонија да стане член во ЕУ секогаш ја попречува можноста слободно да преговара со Грција.

Втората опција е: приклучување во регионален трговски клуб. Се разбира најугледниот е ЕУ. Јас многу пати го имам искажано моето мислење: нема да биде паметно за

Македонија сега да се приклучи кон ЕУ. Овие се условите под кои една земја може да се приклучи во регионален клуб:

а) дека таа ги опфаќа сите главни трговски партнери на земјата

б) дека таа нема да биде поразителна по големина, важност, богатство, историја, искуство, или карактер на другите учесници

в) дека нема да и биде преотстапена само една улога (на пример Македонија - добавувач на евтини и образовани кадри, или добавувач на ефтини, квалитетни репроматеријали)

г) дека таа ќе има корист од приклучувањето. Со други зборови, и покрај привилегиите на членството, или нето девизниот одлив ќе се намали, или нето готовинскиот прилив ќе се зголеми. Ова може да се достигне со намалување на трговските бариери и поедноставување на бирократијата или со спроведување инвестиции и извозен поттик

д) дека таа нема да се вмеша во трговската војна како резултат од приклучувањето во клубот и дека нема да прекрши ниту еден меѓународен договор или конвенција

ѓ) дека ќе има добро дефинирани и јасни опции за отстапување, јасни процедури за надминување на недоразбирањата преку спогодби, рамноправен и фер однос на сите членови и јасен политички и економски став, наспроти другите клубови земји

е) дека правилата на клубот нема да се оспоруваат со нејзините, менталитетот на луѓето, нејзиниот етос, политичка структура или било која друга компонента за нејзин идентитет.

Историски, регионалните клубови се осудени единки. Трендот е ГЛОБАЛНА трговија, ослободена од сите регионални рестрикции како отелотворени во WTO

повелбата. Повеќето економисти ги поздравуваат регионалните клубови како хорор, бидејки ги сметаат како пречки на патот кон комплетно слободна трговија. Регионалните клубови настојуваат да ја охрабрат трговијата помеѓу членовите на сметка на надворешните партнери. Ова економски е лошо и контрапродуктивно. Но реалноста е дека секој (вклучувајки ги и моќните САД) е ангажиран во иницијативата, конструкцијата или е на патот да стане член на регионален трговски клуб. Доколку не можете да им се спротивставите- придружете им се. Како и првата опција и оваа е добро привремено средство, временска мерка додека сметките на земјата се урамнотежат и таа стане интегрирана во глобалната економија.

Третата опција е секогаш поприфатлива и подостапна. Политичарите, дипломатите и шпионите, сите треба да земат учество во новата "зелена (економска) светска војна". Политичарите и државниците треба да потпишат билатерални и мултилатерални договори. Помал број политички смртници треба да ги заштитат интересите на нивните бизнисмени и извозници. Дипломатите треба да едуцираат , да ги шират информациите, посетуваат, предаваат, потикнуваат, убедуваат, претат, преговараат и поврзуваат (заеднички вложувања). Оваа активност е причина за постоење на модерната влада.

*Груевски*:Би сакал малку повеќе да се задржам на Јапонија како на држава која од состојба на крајно разурната по втората светска војна и држава со многу малку природни богатства успеа да се издигне како втора светска економска сила . Иако ризикувам некој да ми "прочита лекција" за тоа какви слабости имаше системот кој го изгради Јапонија а кои од минатата година станаа многу актуелни, па дури сето тоа да го поврзе со одредени илузии на земјите од регионот на југоисточна Азија, сепак мислам дека сегашната криза

не може да ги засени минатите успеси на Јапонија па дури и на државите од тој регион кој сегашната криза ја доживуваат на еден повисок степен на развиеност отколку пред десетина години, што на пример не е случај со Македонија. Секако безпредметно е Македонија да се споредува со Јапонија денес, но ајде да зборуваме на тема : *КОГА ЈАПОНИЈА БЕШЕ МАКЕДОНИЈА*, односно да го споредиме минатото на Јапонија со минатото и *СЕГАШНОСТА* на Македонија.

Иако со многу неспоиви специфичности открив дека сепак Јапонија во минатото и Македонија во сегашноста имаат многу заеднички карактеристики и сличности.

Индустријализацијата во Јапонија започна бавно со обнова на империјалната власт во 1868 година.Јапонија останала затворена за надворешниот свет цели 230 години, период познат под името Tokugawa ера. Земјата била многу сиромашна со природни ресурси а луѓето живееле во импровизирана егзистенција, нешто слично како и Македонија во тоа време. Во согласност со некои проценки per capita БДП за време на овој период бил 100-200 американски долари, што Јапонија ја ставало во категоријата на светски најсиромашни држави во согласност со стандардите што денеска ги користат обединетите нации. Луѓето се занимавале со земјоделие, а Јапонија и денес исто како и тогаш била целосно зависна од суровини од странство. Јапонија денес е зависна од увоз од странство со: јаглен 92.9%, сурова нафта 99.7%, производи базирани на нафта 19.4%, природен гас 96.1%(го увезуваат со бродови во замрзната состојба), железна руда 100.00%, bauxite 100.00%, phosphate rock 100%, lumber 55.2% pulp 20.3% salt 90.3%. Енергијата и металите се концентрирани во неколку држави во светот и Јапонија е зависна од увоз.

Четирите поголеми и повеќето ситни острови на кои лежи Јапонија преставуваат 0.3% од земјената површина на

планетата, а населението на Јапонија е 2.4% од вкупниот број на луѓето на планетата. Во годините по отворањето Јапонија тргнува од сиромашно земјоделска држава кон индустријализација. За нив било императив да ја започнат и развиват индустријата на база на европската и американската технологија. Јапонската влада во тоа време поканила луѓе од различни држави, експерти од најразлични полиња. Така во периодот од 1880 до 1910 започнуваат да се основаат најзначајните научни институти кои започнуваат истражувања, пренос и развој на западната технологија. Започнува изградба на комплетна патна инфраструктура. Владината интервенција и планирање во тоа време биле големи. Пред втората светска војна Јапонија стана една од најнапредните светски држави иако многу зависна од увоз, што значи мораше да извезе и со заработените странски средства за плаќање да увезува. За жал во 1936 година започна целосно контролирана економија , економија која се подготвуваше за војна, од која Јапонија излезе тотално разурната (како резултат на масовните бомбардирања), територијално и човечки оштетена и згора на тоа со последици од нуклеарна бомба фрлена од американците.Беше измачувачки тешко како да се обезбеди работа за 7.2 милиони поранешни војници плус 13 милиони повлечени работници, студенти и други од фабриките , факултетите и т н. во војна. Реалниот приход во 1946 беше 30 % од просечниот во периодот 1934-1936 а инфлацијата 200% во периодот август '46- март '47. Се што претходно беше изградено сега беше разурнато и Јапонија започна да се развива одново-вторпат. Некаде на почетокот на шеесетите години Јапонија беше на многу слично развојно ниво како поранешна Југославија во чии граници беше и Македонија. Но каде е денес Јапонија (и покрај моменталната криза која е неспоредлива со македонската) а каде е

Македонија. Која е тајната на успехот на Јапонија, па макар и до т.н. „меур економија„. За да се стане меур економија треба да се создаде систем кој ќе го дува меурот, па на крајот меурот да пукне (како што се случи во Азија минатата година) и да настане криза. Македонскиот меур за жал сеуште е само тажна капка. Kuzuhide Okada професор на Senshu University вели дека Јапонската економија е принципиелно пазарна економија но од самиот старт владата сватила дека некој треба да води политика на насочување или контролирање на активностите на компаниите што партиципираат во специфичните пазари, како и на сопствениот. Ова е поврзано со јапонскиот висок степен на зависност од странство (исто како и Македонија). Ова е причината поради која започнав да правам компарација со минатото на една географски далечна земја. Владината активна политика силно го потпомага развојот. Тоа не е класичен социјалистички начин на планирање, иако може да се најде по некоја допирна точка. Мислам дека за да било која држава дојде во состојба на целосна економија на слободен пазар потребен е еден период на владина политика на насочување и контролирање на економијата се до нејзиното издигнување на повисок степен. Имам впечаток дека во одредени трговски делови на законите и практиката Македонија е полиберална од Англија, Германија или САД. Не сум цврсто убеден дека тоа е корисно за нацијата. Системот кој Јапонците го изградија по втората светска војна значеше силна фискална, правно законодавна, политичка и монетарна подршка на извозот (да не заборавиме дека јенот во однос на доларот во периодот на развојот достигна 300 јени за еден долар, за подоцна да почне да опаѓа се до периодот на кризата), а од друга страна рестрикција на увозот. Мотото на Јапонија беше "да се извезе или да се умре". Успехот на Јапонија беше што

најмногу го развиваше својот извоз, во одредени децении дури три пати побрзо отколку нејзините конкуренти (САД и Германија). Во споредба со гореспоменатиот период во подоцнежните години Јапонската влада драстично го редуцира сопственото управување ( но се чини сеуште не доволно). Елиминација на целото владино управување и регулација, како и да е, е невозможно. Покрај другите активности, владата во Јапонија директно спроведува јавни работни проекти , со што низ фискалната политика, владата сеуште силно ги одредува правците на економијата. Ненавремената дерегулација, лошо изградениот финансиски систем како и одредени конзервативности во моделот на менаџментот (кој веќе се трансформира по западни модели) се главните причини за денешната криза, која колку и да се продлабочи нема да може да биде во позиција споредлива со македонската. Ова зборува дека кога една економија е во криза, и особено кога таа криза е на многу ниско ниво на развиеност на економијата и индустријата државата треба да помогне во изградба на правилна стратегија и ставање рамки на истата. Штом стратегијата започне да се исполнува а економијата да се подобрува по повеќето параметри, државата треба да воспостави систем на самоповлекување бидејќи може да се претвори во пречка за понатамошниот развој. Денеска Македонија е во состојба кога и е потребно стратешко менување на економијата, и кога тоа не може да се изведе спонтано, државата би требало да помогне, многу внимателно, за да не се случи да постигне спротивен ефект. Од дното на листата по економски развој и природни богаства релативно малата по територија Јапонија се доведе до втора економска сила во светот со најголеми девизни резерви во светот (кои актуелната валутна криза малку ги намали), долгогодишен суфицит во трговскиот биланс , второ место во светот според висината на БДП(ГДП) по

глава на жител (над УСД 36.000), поголемо од САД и Германија (над УСД28.000), држава кој речиси третина од својот извоз (вака или онака) го пласира на мошне сензибилниот пазар во северна Америка и 22% во западна Европа претворајки се истовремено во регионски лидер, и држава со стапка на невработеност која во последните неколку години нарасна од 2.7 на 4.1%( блиску до американскиот). Пред 25 години нејзиниот доход по жител изнесуваше помалку од половина од американскиот за да дојде во ситуација да има за една четвртина поголем од американскиот. Во периодот 1900-1987 година Јапонија со просечен годишен стопански раст од 3.1% доживеа најголемо зголемување на реалниот доход по жител. Покрај ова, Јапонија од голем увозник на експерти се претвори во таков голем извозник. Така на пример во 1989 година од Јапонија заминале околу 100 илјади научници (од кои повеќе од половина во САД) ,а дошле од други земји околу 65 илјади ( 90% од неразвиените азиски држави) . Покрај стабилната политичка констелација, јапонците изградија посебна стратегија за извоз на автомобили во САД и Европа , што колку и да некому не му одговара и да ја критикува, колку и да лежеше на дампинг основа, сепак на јапонците многу им помогна.

Кон крајот на минатата деценија Јапонија стана најголем инвеститор во целиот свет.Јапонците започнаа двојно повеќе да инвестираат во странство отколку што заработуваат од извозот; нивните странски вложувања во споменатиот период се дури и за осумпати поголеми од тоа што го инвестираат во земјата. Јапонците направија силен продор во извозот на капитал и во западниот свет, извезувајки капитал во директни инвестиции во 1988 година од над 30 милијарди УСД, што преставува десет пати повеќе од нивниот увоз на капитал во истата година.

Погледнато малку одблизу, десетте категории производи со најмалку 2% дел во извозот во 1989 година се: 1.автомобили 17.8%, канцелариска опрема (АОП процесинг машини) 7.2%, 3.прецизна машинерија 4.8%, 4. челик 4.4%, авто делови 3.8%, саморегулирачки инструменти (интегрално движење итн) 3.1%, 7.мотори(машини) со внатрешно горење(без авионски мотори) 2.2%, 8.ВЦРс 2.2%,9. Телекоминакциона опрема 2.1%, и 10.Органска фармацеутика 2.0%.

Од вкупно 7,864 илјади произведени патнички возила во 1996 година Јапонија извезла речиси половина (3.232), а увезла само 440 илјади. Според ММФ во 1996 година Јапонија завземаше 7.8% од вкупниот светски изоз.

*Вакнин*: Голема е дебатата дали државата треба да интервенира во операцијата на слободни пазари. Се знае дека, државата не е најефикасниот економски играч. Таа е бавна, корумпирана, неука под влијание на некомерцијалните обзири, кратковида и - или премногу агресивна или премногу мирна. Од друга страна, пазарите не се панацеа-(лек за се). Постојат некои производи и услуги кои пазарите едноставно одбиваат да ги обезбедат, бидејќи се наследно непрофитабилни или бараат некаква немонетарна мотивација. Повеќето потрошувачки производи неможат да бидат обезбедени ефикасно од слободните пазари, или можат да бидат обезбедени само по претерано екстравагантни цени. Тука е вклучено здравството, одбраната, образованието, затворите, полицијата и социјалната помош. Тогаш не постои прашањето дали владите треба да настапат за да ја пополнат празнината.

Друга класа случаи каде државата е повикана да интервенира е при падот на пазарот. Пазарите можат и паѓаат од безброј причини. Недостатокот на инвестиции, истражувањето на развојот, квалификуваниот и обучен

кадар, патентите и другиот интелектуален имот, работната етика, економскиот криминал и корупцијата, неконкурентното однесување се сите пазарни неуспеси или водат кон нив. Тогаш владата е повикана да интервенира, да регулира, да истражува, да затвора, да стимулира, да усмерува- и озаконува. Едноставно, непостои никој друг да ја изврши работата. Индустриската политика(која ја спроведува Јапонија) е повеќе од мешовита вреќа. Некои земји успејаа и без неа (на пример Естонија). Други пропаднаа до степен на самоуништување (СССР). Сепак, други ја сметаат како "почетна"(Израел го прифати јапонскиот модел на владини директиви- но денес скоро таа и не е присутна во микро економијата). Јапонија едноставно не умееше да им каже на своите индустријалци и банкари: "доволно е доволно" (веќе е доволно).

Како резултат Јапонија е во најлошиот финансиски неред во човековата историја. Ќе закрепне, но по цена на повлекување кое ќе збрише многу нејзини достигнувања. Јапонија е вчудовидувачки економски експеримент. Првпат во човековата историја Владата беше повеќе заинтересирана за микро раководење на светската трговија отколку за раководење на сопствените пазари и економија. Некои јапонски производи (CD, WCR) СОЗДАДОА цели пазари, тоа е хранлива побарувачка која во почетокот не беше присутна, но ова занемарување- резултат од обземеноста за стекнување цврста валута на самозадоволност - беше штетно. Без соодветниот рбет дури и најдобриот тркач конечно паѓа. Светската економска историја не учи дека постојат поволна и корисна форма од индустриската политика. Ова се нејзините карактеристики:

а) дека владата успева да ги привлече врвните таленти да ја раководат политиката. Во Јапонија најбрилијантните универзитетски дипломци сакаат да работат....во министерството за финансии!

б) дека економијата е толку депресивна што било кој стимулант ќе биде подобар од анти стимулантот. Кејнс беше во право. ММФ потполно греши и 80% од светот го втурна во многу опасна дефлаторна спирала. Некогаш е подобро да се рефлатира. Некогаш е критично да се рефлатира. Индустриската политика е неразделиво рефлаторна, бидејќи го инволвира инјектирањето на државните фондови во економијата.

в) дека основите на материјалната и човечката инфраструктура постојат. Јапонија беше индустриска земја и регионална воена сила долго време пред втората светска војна.

г) дека јадрото на индустриската политика ќе биде резерва за ориентација кон иднината ширум светот и во земјата. Директната или индиректната монетарна и фискална вмешаност мора да биде минимизирана. Треба да се истакне координацијата, водењето, консултацијата, ориентацијата, истражувањето, интелектуалниот имот, поврзувањето (со инвеститори), развојот на банките и пазарите на капитал. Накратко: индустриската политика треба да подготви УСЛОВИ за индустриско и извозно-водечко проширување на економијата, но не заради нејзино финансирање

д) дека постои национален концензус во поглед на националната програма во економската сфера( и по можност во политичката сфера исто така).

*Груевски*:Средните и малите претпријатија во Јапонија кои се незаменливи партнери на крупната индустрија во Јапонија обезбедуваат 31% од вкупниот број вработени. Големите корпорации држат синџир од мали фирми, со пониски режиски трошоци, на кои им остапуваат дел од модерната технологија , а за возврат добиваат многу компоненти за производствените програми. Европските

производители скоро целосно зависат од американските и јапонските компоненти-микропроцесори(чипови) и мемории. Јапонија оствари висок суфицит со многу држави но малите профити на компаниите го даваат својот негативен одраз последните години. Јапонија навистина нема воена моќ што може да се споредува со неговите конкуренти (иако не треба да се заборава дека по обемот на воените трошоци во 1997 година, според The Economist, е зад САД со над 50 милијарди долари, пред Франција, Германија, Британија, Русија и други ) но затоа пак јапонската индустрија на чипови и микро чипови повеќе нема соперник. Јапонците во последните 35 години ги превзедоа (откријa, откраднаа или откупија) сите можни стратешко технолошки знаења во светот запишувајки илјадници патенти и лиценци. Нивната деловна филозофија - да бидат најголеми емитатори, компилатори или иноватори во светот им донесе голем успех. Нивните патенти во најголем дел поаѓаат од грешките и слабостите на патентите на нивните конкуренти. Јапонските патенти наликуваат на самите јапонци: мали и ефикасни.

Земјата која во 1945 година американците ја разорија и победија и која послушно падна на колена потпишувајки ја капитулацијата на командниот брод на генерал Макартур, до неодамна не им даваше мир на американците. И кога победникот почна да се прашува, што и како можеше тоа да му се случи, излегоа на виделина финансиските промашувања на Јапонија, за да во јуни оваа година сега веќе екс премиерот Хашимото повторно падне на колена, овој пад пред човекот кој стана славен по фрлањето на колена- Бил Клинтон. Но некогашното „Јапонското џуџе„ овојпат е толку големо што неговата криза(валутно-банкарска-берзанска) повторно не им дава мир на американците и европјаните, поради можноста за трансфер

на кризата од Јапонија и нејзините економски сателити во југоисточна Азија,како и од Русија и евентуално Кина.

Сепак претходно споменатите успеси во кои колку и да наоѓаме ,,трули греди во системот,, во последните неколку години (кои патем речено веќе се констатирани и од самите јапонски креатори на политиката), сепак фасцинира, особено кога ќе се вратиме на домашен терен. Денес ако ги прашате јапонците како оди нивната економија, ќе ви одговорат ,,многу лошо,, бидејќи јапонците ја гледаат својата држава од друг агол, од позиција на својот наголем конкурент - САД, без да се вратат наназад. Од гледна точка на Македонија јапонската криза е на толку многу повисоко ниво од македонската што би ни било непријатно да потврдиме " да, Вашата економија не оди добро". Филозофијата на слабиот и малиот е кон силниот и големиот да гледа сеуште како на голем и силен дури и кога истиот ќе биде ранет во рамото.

Логиката на јапонскиот стопански развој се базираше на ОФАНЗИВНАТА извозната политика, тема на која ние разговараме и ја анализираме како нужност за развојот на Македонија. Не случајно не велам за опстанокот, туку за развојот. Не сакам ни да слушнам за "опстанок" осум години после стекнувањето независност. Мораме да разговараме за "развој" инаку утре може да биде доцна. Всушност, утре е секогаш доцна. Но сепак се прашувам дали само осмислената јапонска државна политика резултираше со силен просперитет на нацијата. Ако ги прескокнеме работната традиција и високото чувство за лојалност кон компанијата и државата што е многу карактеристично за Јапонците дури и во денешни услови, ќе дојдеме до заклучок дека за да се успее во толку кус временски период да се издигне економијата на повеќе степени повисоко ниво потребни се и голем број на високо стручно квалификувани

лица. Технологијата и техниката теоретски може да се пренесат на овој или на оној начин за кус период како што може да се повикаат странски експерти во повеќе области. Но не може да се увезе цела армија на стручни кадри, обликувани низ добро изграден образовен систем. Колку и да зборуваме дека Македонија има силни кадри, колку и да се гордееме со поединци кои постигнале силни работни успеси во САД или Германија, сепак генерално гледано (исклучоците само го потврдуваат правилото) освен широкото површно познавање од многу области (филозофијата да се знае од се по малку) македонскиот образовен систем не произведува голем број силно специјализирани стручни кадри во одредни области. Дури и поголем број од оние поретки вонсериски кадри создадени на ова тло не наоѓаат разбирање и подршка и брзо си заминуваат од Македонија.

Сржта на секоја слаба економија на долг рок, во суштина лежи во слабиот систем на едукација и кадровска опременост. Македонските производни и други компании генерално имаат сериозен проблем со кадровски високо стручни луѓе како од областа на менаџментот така и оперативци. Податокот кој неодамна беше медиумски промовиран а во кој се говори дека од вкупно запишаните студенти на економскиот факултет во Скопје, само триесетина проценти навреме го завршуваат факултетот зборува дека нешто е дефектно во образовниот систем во Македонија бидејќи на повеќето од факултетите може да се забележи ист или сличен тренд. Очигледната непостоечка минимална практична обученост на студентите од речиси сите факултети во Македонија како и недоволна теоретска спремност , многу често ниското ниво на познавање на странски светски јазик (потребен за надоградба во струката бидејќи преводи на стручна литература во Македонија има

многу малку како и за деловна комуникација) го даваат својот ефект во понатамошните години кога поранешните студенти доаѓаат во позначајна позиција во компаниите. Системот на образование многу често е заснован на сувопарни предавања кои на студентот по завршувањето на факултетот би му помогнале единствено да се снајде при изборот на стручна литература.

Двата државни универзитета сеуште имаат монополска улога во системот. Додека младите се во средното образование, родителите повеќе размислуваат како ќе најдат начин да им помогнат на своите деца да се запишат на факултет, а помалку колку тие ќе бидат подготвени за истиот, и таквата практика верувам дека не е случајна и воопшто не е вина на родителите и идните студенти. Полагањето на испитите во добар дел од случаите се сведува на роднински и пријателски врски, поделби на студенти кои го купиле и на оние кои го фотокопирале новиот учебник на професорот, наградување со високи оценки студенти кои го учат материјалот со техника за учење стихотворба без длабинска анализа и разбирање, малтретирање на студентите со цел ниското ниво на стручност и нискиот авторитет на одредени професори (НЕ СИТЕ) се надокнади со создавање на "непробојна бариера" од одредени испити, тренирање поткупливост и полтронство на студентите во годините кога некој треба да ги вежба самостојно да изградат свое мислење, и самостојно да го одбранат во отворени и непристрасни дискусии. Се разбира ова не важи за сите професори и факултети но за жал важи за поголем број.

Стипендиите за стручно усовршување во странство кои иако не се бројни, многу ретко доаѓаат до оние кои најдобро ќе ги искористат.

Во поголемите македонски компании речиси непостојат едукативни центри, како многу важно пост-

универзитетско стручно дообразование, посебно со повеќе практично работење и искуства. На пример, ако еден економист во Англија се вработи во Merill Linch првите шест месеци или година ќе посетува дополнителниа обука во самата компанија во и вон работното време. Дури и во помалите и посиромашни држави поголемите компании го практикуваат ова (пр. Загребачка банка- Загреб). Од тој аспект тоа би бил силен хендикепт за Македонија за една идеја за брз национален просперитет.

Нивото на менаџментот во Македонија е посебна приказна. За несреќа тоа е важен дел од една стратегија за економско преструктуирање и изградба на извозно ориентирана економија. Менаџерството е посебна наука, посебна гранка на економијата по многу нешта блиска со политиката и психологијата. Покрај тоа менаџерството е и природна дарба, кој секој не ја поседува.

Втора несреќна работа на ова поле е што поголем дел од денешните менаџери на поважните македонски компании се истите оние од периодот на социјализмот. Многу од нив на денешните позиции биле поставени по политички клуч и лојалноста кон единствената партија , без ни малку да се води сметка дали се способни за таква улога или не. Всушност во тоа време и не било толку важно дали се способни, бидејќи најголемиот дел од производството и трговијата, бил однапред планиран од сојузно ниво. Можеби не толку стриктно како во рускиот блок социјалистички држави но сепак многу поразлично од денешната сосотојба. На пример, однапред било познато точно колку пара чевли ќе произведе Газела Скопје за извоз , и дека тие чевли преку Центротекстил ќе бидат извезени во Русија, Италија или во друга држава. Трговски фирми за извоз имало неколку големи, и со политичка помош се решавале прашањата на дистрибуција, производство и пласман. Мала среќа во

несреќата е што еден дел од тие луѓе имаат природна дарба за менаџерство (што воопшто не било важно при нивниот избор) а повеќе годишната пракса им го надополнува отсаството на образование со специјализација за современ систем на менаџмент. Голем дел од оваа група не напреднале ни за сантиметар во својот стручен развој и воопшто не зборуваат англиски или германски. Интересно е и тоа што добар дел од таквата групација сеуште доста солидно егзистира што е резултат на навременото политичко приклонување, подршка што на многумина не само што им го продолжи успешниот бизнис век, туку на ваков или онаков начин им го подобри. Сето тоа е прифатливо се дотогаш додека не почнеме да разговараме за една нова развојна политика заснована на изградба на нова структура на стопанството, со извозна ориентираност, на база на пазарна економија но со умерена државна политика во поглед на создавањето рамки на нови патишта. Факт е дека ваквата состојба тешко и бавно е менлива.

Логиката на работење на поголемиот број менаџери е базирана на локални принципи наместо глобални. Филозофијата на размислување на поголемиот број управувачи е различна од онаа на истите во развиените држави или најблаго кажано демоде. На овој план државата има ограничени можности. Невозможно е и неприфатливо државата да одредува менаџери на акционерски друштва. Тоа можат да го прават само акционерите кои ја контролираат компанијата но за жал во Македонија акционерите и менаџерите се истите луѓе. Единствено државата би можела посредно да влијае преку агенцијата за маркетинг за која претходно зборувавме како и преку стимулирање за воведување на ISO 9001/2/3 меѓународни стандарди за организација на работење. Сето ова е актуелно во Македонија во времето кога во светот се дискутира за

менаџерската револуција , поим промовиран уште пред 60 години според кој промените во техниката на производството го одвоија сопственикот на капиталот од управувањето, а таа функција се повеќе ја чинат менаџерите.

Револуционерни промени на овој план можат да настанат доколку се овозможи и потикне влез на странски капитал во компаниите, при што странските инвеститори не само што ќе обезбедат нови пазари за домашната компанија туку ќе извршат и силно влијание за менување на одредни негативни навики и стандарди на работа во македонскиот менаџмент.

*Вакнин*: Поделбата на прашањата за образование и раководство нема смисла. Денешните студенти се утрешни раководители. Оваа стара генерација најкорумпирани политички комесари маскирани како раководители крадејќи ја активата на фирмите кои им се доверени - Ќе замине. Биологијата ќе го стори тоа, ако не политичките процеси. Но, дали Македонија се стреми кон посветла иднина? Се плашам дека тоа е неопходно.

За почеток, има голем одлив на интелектуалци. Тие кои можат заминуваат, физички или интелектуално го прават тоа или се обидуваат да го направат. Младите луѓе не гледаат надеж, тие се лути, тие никогаш не сакаат да се свртат наназад, се чувствуваат измамени, тие говорат за Македонија во термини обично резервирани за жените кои озборуваат. Оние кои заостануваат се или патриоти или несреќни, или прости или корумпирани како и претходните генераци.

Високото образование во Македонија е фарса. Универзитетските професори воглавно се поделени на две групи: невешти или корумпирани. Подмитувањето е горопадно, оцените се купени. Сексуалната наклоност, парите и искрените стари пристрасности ги одредуваат

академските достигнувања на многу студенти. Наставните планови се старомодни, библиотеките и лабораториите се застарени, предавачите не се трудат да читаат странска литература, учебниците се пристрасни плагијати од преработен стар материјал. Многу од нив дури не знаат странски јазик, никогаш не биле во странство за подолг временски период. Резултатот е опасно спојување меѓу потребите на земјата и универзитетскиот предизвик. Додатно, повеќето дипломи невредат повеќе од материјалот од кои се направени.

Очајничка и жална е потребата за квалитетни, обучени, вешти и правилно образовани луѓе.

Од каде ќе произлезе раководниот кадар? Од надуената академија која ништо не произведува освен верување во академскиот степен? Од старата социјалистичка планирана економија? Од владините бирократи?

Ова ме потсетува на едно прашање кое ние го занемаривме: отуѓување на македонската дијаспора од Македонија. Израел практично беше изграден со еврејски средства, талент и политичко влијание од надвор. Има релативно успешна македонска дијаспора во Австралија, Канада, САД. Тоа Ќе беше првиот природен канал за технологија и финансиски таленти. Но не е. Ова мене ми ја покажува целата приказна. Ако богатите Македонци не и веруваат на Македонија, не ја подржуваат, ја игнорираат, ја понижуваат во јавноста- зошто Западот би се однесувал поинаку? И зошто Вашата земја не ги организира сите овие Македонци во моќен фронт, кои и да се? Чесите, Словаците, Ерменците, Курдите, Евреите, Арапите- секоја нација е ослонета на своите "делегати" во надворешниот свет. Секоја нација е таква, освен една. Нема награда за да се погоди која.

*Груевски*: Македонија мора да најде начин да го забрза спонтаниот но премногу бавен процес на менување на структурата на стопанството, заради остварување поголем извоз и намалување на долговите. Во спротивно ќе биде осудена да живее во состојба на пропаѓање.Не на пропаст, како што се вели во една македонска драма, затоа што пропаста е дефинитивна ситуација, а уште помалку на благосостојба од која е прилично далеку, туку на пропаѓање. Постојано и постојано пропаѓање. Во истите дупки. На ист начин. Повторно и повторно. Упорно и тврдоглаво. Без да се извлече било какво искуство. Тоа станува смешно. Па мечка во циркус научува да вози велосипед...

Издавач
НИП "НОВА ЛИТЕРАТУРА"-СКОПЈЕ

Директор
Борис Милош

Главен и одговорен уредник
Тихомир Милошевски

Ликовен и графички уредник
Михаил Ѓорѓиев

Компјутерска подготовка
ИП "Григор Прличев"-Скопје

Печат
"Магнат"- Скопје

Тираж
2000 примероци

Скопје, октомври 1998.

CIP-Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје

338.242(497.17)"1991/98"(049.2)

ГРУЕВСКИ, Никола
Македонската економија на крстопат: на патот кон поздрава економија/Никола Груевски, Сем Вакнин. -Скопје: Нова литература, 1998.-209 стр. ; 21 см

Предговор/Никола Кљусев: Стр. 7-9. Предговор/Светозар Јаневски: стр. 10-13. - Вовед од Р. Мансфиелд Лееацх: стр. 15-22

ISBN 9989-610-01-0
1. Вакнин, Сем
а) Стопанско управување - Македонија - 1991-1998 - Дијалози

Според мислењето на министерството за култура бр. 07-6494/2 од 11. 11. 1998 год. за книгата "Македонската економија на крстопат" се плаќа повластена даночна стапка

Излегувањето на книгава го помогна А.Д. "ПИВАРА СКОПЈЕ"-Скопје

***Никола Груевски*** е роден во 1970 година во Скопје - Република Македонија. Дипломирал економија и е во тек со постдипломските студии по монетарна економија. Неколку годишно работно искуство во приватна банка во Македонија и во повеќе наврати земал додатна обука во приватни инвестициони компании, банки, програми и семинари во Велика Британија, Јапонија, Германија и други. Сертифициран брокер за хартии од вредност од лондонскиот институт за хартии од вредност и КХВ на РМ.

Финансиски коментатор во некои медиуми во Македонија.

***Д-р Сам Вакнин*** е роден во Израел во 1961 година. Работел на повеќе високи позиции во голема приватна мултинационална компанија а подоцна е сопственик на многу деловни претпријатија во Израел. Финансиски консултант и економски коментатор во неколку земји - Д-р Вакнин е исто така објавуван и наградуван автор на кратки раскази и е филозофер на науки.

*This dialogues are available in English on the internet:*
*1)http://www.geocities.com/Athens/Forum/6297/nm059.html*
*2)http://www.geocities.com/Athens/Forum/6297/nm068*

ISBN 9989-610-01-0